Ана М. Лазаревска
Ивана Билиќ
Јагода Ристеска
Ирена Бојмалиева
Раул Кевриќ
Даниела Стојановска – Џинговска
Јерко Марковина
Јасмина Ристеска
Анета Ламбевска
Биљана Маневска

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРАВИЛЕН ОДНОС КОН ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ИЛИ СО ОГРАНИЧУВАЊА НА СПОСОБНОСТИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Уредници:

Ана М. Лазаревска
Владимир Трајковски
Ристо Петров

Скопје, 2012

**Ана М. Лазаревска** **Даниела Стојановска – Џинговска**
**Ивана Билиќ** **Јерко Марковина**
**Јагода Ристеска** **Јасмина Ристеска**
**Ирена Бојмалиева** **Анета Ламбевска**
**Раул Кевриќ** **Биљана Маневска**

# ПРИРАЧНИК
# ЗА
# ПРАВИЛЕН ОДНОС КОН ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ИЛИ СО ОГРАНИЧУВАЊА НА СПОСОБНОСТИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Уредници:**

**Ана М. Лазаревска**
**Владимир Трајковски**
**Ристо Петров**

**Скопје, 2012**

**Превод од англиски на македонски и обратно**
**Биљана Маневска**
**Ана М. Лазаревска**

**Проверка на текстот (proof reading)**
**Биљана Маневска (македонска и англиска верзија)**
**Розита Петринска – Лабудовиќ (англиска верзија)**
**Верка Лазаревска (македонска верзија)**

**Дизајн на корица (предна и задна страна):**
**Александар Арсов**

**Техничко уредување:**
**Ана М. Лазаревска**
**Александар Арсов**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364.622(035)
364.694(035)

ПРИРАЧНИК за правилен однос кон лицата со инвалидност или со ограничувања на способностите во високото образование / уредници Ана М. Лазаревска, Владимир Трајковски, Ристо Петров. - Скопје : Македонско американска алумни асоцијација, 2012. - 100 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4700-02-9

а) Однос и однесување кон лица со попреченост - Прирачници
COBISS.MK-ID 92389642

Оваа публикација им е посветена на сите оние полни со страст и полет, кои се посветуваат себеси во реализација на благородни и вредни каузи, на сите „тивки бунтовници" кои не се плашат секојдневно да се соочуваат со предизвици и да се справуваат со своите стравови и сомнежи, кои секогаш се спремни за нови достигнувања и кои се стремат кон величината! Посветена е на нашите ментори и академски советници кои нè вдахновуваат, кои помеѓу нас ја негуваат извонредноста и кои не охрабруваат да ги следиме нашите амбиции и да придонесуваме целисходно, не само во академската средина и работа, туку и во секој поглед на животот. Конечно, посветена е на нашите родители кои ги негуваа нашите личности и нè поучуваа да бидеме добри граѓани на Светот – личности со отворени видици, спремни за помош и срца доволно широки да го прифатат секое човечко битие! Сите Вие ни покажавте како само еден човечки живот може да допре многу други. Тоа го сторивте со едноставниот чин на верба во нас при секој чекор на тој наш пат. Без Вашето трпение, насочување, постојно охрабрување и конструктивен критицизам, не би го исполниле нашето, па макар и премолчено, лично „Ветување"!

***Ветување (Песната на делфините)***
***(Promise (Dolphin Song)*** [1] [2]

***од: Оливија Њутн – Џон (Olivia Newton – John) -***

*Погледај ги како си играат на месечевата светлина*
*Следи ги додека играат под Сонцето*
*Тие се деца на слободата – сите од нив*
*Онака како што се грижат меѓусебно*
*Без прашање и поговор*
*Заслужуваат да бидат сочувани како извор на љубов*

*Во нивната свест постојат одговори*
*кои со време и ние ќе ги спознаеме*
*Што е вистината за тоа што нам не ни е познато*
*Во нив нема место за омраза*
*Иако тие преживеале многу болки*
*Од расата која се нарекува Човечка – но која се плаши да љуби*

***И кога со мојата песна на делфин***
***Би можела да помогнам да се исправи погрешното***
***Би го исполнила тоа што го имав зацртано предсебе***
***И кога само би можела да постигнам барем еден човек да биде свесен***
***Барем еден човек да се грижи***
***Тогаш сум го постигнала тоа што Вам Ви го ветив!***

*Да се надеваме дека не е предоцна*
*И дека ќе можеме да ја зацелиме*
*Сета болка што сме ја нанеле на некој пријател*
*Како родени со нашата слобода*
*Како родени со нашата вистина*
*Зошто тогаш ја злоупотребуваме*
*Кога само би можеле да избереме – љубов и да љубиме.*

[1] http://www.youtube.com/watch?v=fEtwsTfBzLc. Текстот на песната е слободен превод од Ана М. Лазаревска.
[2] Оригиналниот текст на англиски е достапен на http://www.metrolyrics.com/promise-dolphin-song-lyrics-olivia-newtonjohn.html.

# ПРЕДГОВОР НА ГЛАВНИОТ УРЕДНИК

Се сеќавам на тоа доцна попладне во февруари 2011 кога д-р Аида Кочи и јас седевме во еден локал за да поразговараме за главните точки на нашата потенцијална пријава за проект кој требаше да се финансира со Фондот за иновативен ангажман на алумните (Alumni Engagement Innovation Fund) на различните програми за размена финансирани од US Department of State. Ова беше прв пат да се објавува повик за пријавување проекти од ваков вид и ние воопшто не знаевме со кого би можеле да се консултираме за да добиеме сознанија во врска со процесот на аплицирање. Уште повеќе, јас и немав некое големо искуство со пријави на проекти – тоа беше мојата втора апликација која следеше по успешно завршениот проект со кој се организираше Регионалната конференција на алумни од Програмата за развој на младиот наставен кадар (Junior Faculty Development Program – JFDP) насловена „Унапредување на пристапноста на високото образование за лицата со посебни потреби" која се одржа од 22 до 24 ноември 2010 во Скопје и Охрид, а која беше финансирана со грант одобрен од JFDP.

Да бидам искрена, во прв момент апликацијата ни се чинеше како преголем залак. Од една страна, многу добро знаевме од колкаво значење е темата со која сакавме да аплицираме (иницирање на примена на методологијата на услужно учење во институциите на високо образование во Македонија и Хрватска), а од друга страна, моравме да водиме сметка и за огромното значење на заедницата за чии потреби сакавме да помогнеме со нашиот предлог – проект (лицата со хендикеп за чии права за еднаков пристап кон образование и останатите сфери на живеење сè уште се води отворена битка во нашите општества). Сепак, јас верувам дека токму оваа синергија беше од клучно значење кога ја составувавме финалната верзија на начиот предлог-проект насловен „Обезбедување на еднаков пристап преку услужното учење за лицата со посебни потреби"[†]. Од нас, предлагачите на проектот кои работиме во високообразовни институции и кои во исто време ја имаме честа да бидеме алумни на една од програмите финансирана од State Department, се очекуваше да ги идентификуваме и јасно разграничиме социјалните проблеми/ прашања за кои е неопходно веднаш и со многу жар и ентузијазам да се пристапи за да може барем во најмала рака на нашите сограѓани – лицата со хендикеп – да им се олесни, ако веќе не може целосно да им се овозможи пристоен живот во кој тие имаат еднакви можности како и останатите граѓани. Она што го прави нашиот проект посебен, е фактот што ние ги сосредочуваме начите напори и залагања многу повеќе од само *обезбедување на еднаков пристап и еднакви права за лицата со хендикеп*, туку, паралелно и de facto, тоа е и борба за нашите права и за самите нас, бидејќи сите ние во одреден период од својот живот сме биле, сме или ќе бидеме лица со некаков вид на индивидуални потреби со кои лицата со хендикеп секојдневно се соочуваат.

Енергијата и поттикот за пишување на нашиот предлог-проект ги црпев од искуствата кои ги стекнав во текот на моите претходни студиски престои во САД, Јапонија, Германија и некои други европски земји. Додека работев и привремено престојував во овие земји, почнав да станувам свесна и да ги перципирам лицата со различни видови на хендикеп – на улица, во образовните институции, во театар, опера, на кино, во супермаркетите, пазарите, на спортски настани – и почнав да гледам како тие уживаат во секојдневните радости што ги носи животот. Би била пресреќна кога и во нашата земја би имало вакви услови за нашите сограѓани – лицата со некаков вид на инвалидитет. Оттука и сметам дека овој проект е само еден од камен - темелниците на патот кон мудроста и чудата, кој ќе ни помогне да допреме до најдлабоките и наскриените делови од нашите срца и умови и на тој начин целосно да ги прифатиме лицата со посебни потреби.

[†] http://www.equalaccess4pwds.org

Што се однесува до оваа публикација, таа е ***само еден од резултатите*** од AEIF проектот со кој сите ние се обидовме да придонесеме кон започнување и обезбедување на еднаков пристап за определени групи на граѓани/ корисници/ потрошувачи, кои во овој случај се всушност лицата со посебни потреби. Врз основа на повратната информација која ја добивме во текот на фазата на планирање за овој проект, но уште повеќе, во текот на работилниците од Проектот кои се спроведоа во текот на февруари 2012, а кои имаа за цел да обезбедат подетални информации околу потребите на лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост, заклучивме дека постои голем број на студенти и наставен кадар кој скоро никогаш немале можност да комуницираат со лице со некаков хендикеп. Следствено, тие немаат дури ни најосновни информации за некои типови на хендикеп/ попреченост, ниту пак ги знаат нивните основни карактеристики. Затоа, **главната цел на овој Прирачник** е, на студентите и наставниот кадар (примарно, но не и екслузивно само за овие групи) во институциите на високото образование, да им обезбеди поблиска информација за тоа што претставува правилен начин, средства, однос и однесување кон лицата со попреченост/ хендикеп/ инвалидитет. Уште повеќе, целта на Прирачникот е кај наставниот кадар да иницирам не само проширување на нивната имагинација во изнаоѓањето нови начини и методи на предавање и учење, туку во рамки на кампусот, да ги поттикне да ги користат вон-наставните активности како средство за инкорпорација на лицата со хендикеп/ инвалидност/ попреченост. Од друга страна, на подолги патеки, ваквиот приод претставува средство за овозможување хоризонтална инклузија на лицата со хендикеп/ инвалидност/ попреченост во сите сфери на општествениот живот. Овој пристап е единствениот начин како ние можеме да придонесеме кон јакнење на свесноста дека сите ние треба да ги сплотиме нашите сили во борбата за еднакви потреби и подобар и посуштински живот, а тој наш елан да го пренесеме и прошириме на гарантирање, обезбедување, промовирање и борба за еднакви права, генерално на сите лица со хендикеп/ инвалидност/ попреченост.

На прво место, би сакала, во име на целиот проектен тим да ја изразам својата благодарност до **Канцеларијата на алумни на State Department**, **Управниот одбор на AEIF**, како и на **Бордот при AEIF кој ги оценување предлог-проектите**, за нивната одлука да се избере нашиот предлог-проект. Во конкуренција од 683 проекти од кои 137 беа избрани како финалисти, нашиот проект беше на третото место по транспарентното гласање на глобално ниво и на крајот беше меѓу 38-те проекти кои добија финансиска поддршка. Верувам дека нашиот успех немаше да биде возможен доколку ја немавме постојана поддршка од тимот којшто работеше во **Канцеларијата за односи со јавноста при Амбасадата на САД во Република Македонија**. Посебна благодарност сакам да изразам до г-динот **John Surface**, поранешен Аташе за култура и образование при Амбасадата на САД во Република Македонија, кој го препозна значењето на нашата идеја, веруваше во нас и со својот тим нѝ пружаше морална и логистичка поддршка во текот на процесот на аплицирање. Тој го „поплочи патот“ за плодоносна работа на г-динот **Brian P. Bauer** кој потоа беше назначен за вршител на истата должност и кому му должиме многу за сета морална и лоститичка поддршка во текот на имплементацијата на проектот.

Ја користам оваа пригода да му се заблагодарам на целиот тим на ко-автори, за нивниот моментален одзив и спремност да го прифатат овој предизвик – нафаќајќи се на задачата да се состави овој повеќенаменски и повеќеаспектен прирачник. Нивниот придонес – секој во својата област на работа и експертиза или искуство – дава исклучително значајна тежина кон постигнување на главната цел.

Несомнено, најголемиот товар го превзема **г-ѓа Даниела Стојановска – Џинговска** од **Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје** (ЗСМХ). Од професионална гледна точка, како дефектолог, користејќи ги нејзините долгогодишни ресурси, Даниела ни помогна на сите можни начини да ги дополниме содржините кои во текот на пишувањето недостасуваа и пред кои бевме исправени да ги надополниме. Но што е можеби уште поважно, со фактот дека Даниела и самата е лице со определен хендикеп, оваа помош се протега уште подалеку. Нејзиното лично искуство, нејзината безгранична енергија, како и споделувањето на

искуствата на нејзините пријатели, познаници, колеги и соработиници, кои исто така се лица со определен тип на хендикеп, ни обезбедија нов поглед на работите и сугестии кои имаат многу поголема практична примена и тежина. Нејзиното повеќе од десетгодишно искуство во сферата на институционализација на прашањето за правилен однос и инклузија на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност, претставува вистинско богатство за овој Прирачник. Но и тоа не беше доволно, па таа се нафати на задачата да ја координира работата на уште три прекрасни и исклучителни дами **г-ца Ирена Бојмалиева**, **г-ца Анета Ламбевска**, **г-ѓа Биљана Маневска**, кои и покрај своите различни типови на хендикеп/ инвалидитет имаат постигнато значителни успеси кои се далеку над некои личности кои се „условно" без хендикеп. Морам да нагласам дека, Биљана, ни помогна и дополнително и тоа преку завршивање на комплицираната задача на превод на овој Прирачник на македоснки јазик, но што е уште побитно, се справи сосема успешно во стокмувањето и „стегнувањето" на нашите текстови и нашиот македонско-англиски и хрватско-англиски, правејќи го Прирачникот многу полесно читлив.

Мојата длабока благодарност оди кон мојот ко-лидер од Хрватска **д-р Ивана Билиќ**, од Универзитетот во Сплит, како и до доц. **д-р Јерко Марковина** од Универзитетот во Загреб, чии придонеси кон овој Прирачник се исклучително вредни.

Уште две исклучително волшебни дами беа задолжени за обезбедување подетални информации за можностите за ангажман во вон-наставни активности и пошироко. Им се заблагодарувам од сесрце на **г-ца Јагода Ристеска** и **г-ца Јасмина Ристеска** од „Мобилноста предизвик!" за тоа што секојпат и беа: точни, импресионирачки, снаодиви, полни со ресурси и со огромен број на нови идеи и бесконечна енергија! А сите тие нивни особини, како и нивното интернационално искуство, несебично ги споделија со сите нас.

Помеѓу членовите на нашиот тим владее едногласна согласност дека оваа публикација немаше да биде со толкав квалитет, доколку не беше ангажманот на ко-уредниците **проф. д-р Ристо Петров** и **проф. д-р Владимир Трајковски** од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Факултет за философија, Институтот за дефектологија. Ним обајцата им заблагодарувам за нивната спремност да одговорат на нашиот повик за соработка, а со тоа да го направат овој текст уште повреден.

И најпосле, но не помалку важно, би сакала да ја изразам својата благодарност на **целокупниот тим ангажиран на овој проект кој се состои од поединци полни со ентузијазам и подготвеност да го следат работното темпо кое го налагаше распоредот на активностите предвидени во нашиот проект**. Заедно со сите останати лица со хендикеп кои станаа дел од нашите животи и ги допреа нашите срца, тие се „скелетот" на овој и на секој следен проект во оваа област и ја претставуваат моралната суштина од која ги црпеме нашите идеи и енергија. Морам да истакнам дека, лично бев благословена со еден ваков тим на соработници. Ми преостанува само да се надевам дека со нашата работа сите ние заедно го оправдавме и го исполнивме сето она што го предвидовме и што се очекуваше од нас.

**Скопје,**
**август 2012**

**Главен уредник и Водач на АЕИФ Проектот**

**доц. д-р Ана Лазаревска**

Машински факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј",
Скопје, Р. Македонија

## Преглед на користени латинични и кирилични кратенки

| | |
|---|---|
| **AEIF** | Фонд за иновативен ангажман на алумните, администриран од Стејт Департментот (U. S. Department of State Alumni Engagement Innovation Fund) |
| **ЛПП** | Лица со посебни потреби |
| **JFDP** | Програма за развој на младиот наставен кадар (Junior Faculty Development Program) |
| **НВО** | Невладина организација |
| **SL** | Услужно учење |
| **ADHD** | Хиперкинетичко растројство со дефицит на внимание (Attention Deficit Hyperactivity Disorder ) |

## Преглед на користени термини при преводот од англиски на македонски јазик

| Англиски | Македонски |
|---|---|
| Mobility and Physical Impairments | телесна инвалидност и пречки во движењето |
| Spinal Cord Disability | болести на `рбетниот столб |
| Head Injuries – Brain Disability | инвалидност поради повреди на главата – мозокот |
| Vision Disability | оштетен вид |
| Hearing Disability | оштетен слух |
| Cognitive or Learning Disabilities | когнитивни пречки или пречки во учењето |
| Psychological Disorders | Психички растројства |

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР НА ГЛАВНИОТ УРЕДНИК ........ iii**

**Преглед на користени латинични и кирилични кратенки ........ vi**

**Преглед на користени термини при преводот од англиски на македонски јазик ........ vi**

**СОДРЖИНА ........ vii**

**Глава 1: Вовед, Автор: Ана М. Лазаревска ........ 1**

**Оваа Публикација наспроти нашиот Проект ........ 1**

**Содржината на овој Прирачник ........ 3**

**Терминологијата која ја прифативме во овој Прирачник ........ 5**

**Глава 2: Класификација на видовите инвалидност и нивните основни карактеристики: Автори: Ивана Билиќ, Даниела Стојановска – Џинговска ........ 8**

**Поим и главни карактеристики на лицата со оштетен вид ........ 10**

***1) Класификација и дефиниција на поимот „оштетен вид“ ........ 10***

***2) Главни карактеристики на лицата со оштетен вид ........ 11***

**Поим и главни карактеристики на лицата со оштетен слух ........ 12**

***1) Наглуви лица ........ 12***

***2) Глуви лица ........ 13***

***3) Лица со комбинирани оштетувања, кај кои примарно е оштетувањето на слухот ........ 13***

***4) Карактеристики на лицата со оштетен слух ........ 13***

**Поим и главни карактеристики на лицата со пречки во гласот, говорот и јазикот ........ 14**

**Поим и главни карактеристики на лицата со телесна инвалидност и хронични болести/ синдроми ........ 15**

**Поим и главни карактеристики на лицата со пречки во интелектуалниот (менталниот) развој ........ 16**

**Поим и главни карактеристики на лицата со дислексија, дисграфија и дискалкулија ........ 17**

**Поим и главни карактеристики на лицата/ студентите со аутизам ........ 18**

***1) Аспергер синдром ........ 19***

***2) Аутистичен спектар ........ 19***

***3) Хиперкинетичко растројство со дефицит на внимание (Attention deficit hyperactivity disorder – ADHD) ........ 20***

**Поим и главни карактеристики на лицата со комбинирани пречки во развојот ........ 20**

**Глава 3: Кој е правиот пристап? Бон-тон кон лицата со инвалидност: Етика во образованието на студентите со инвалидност, Автори: Даниела Стојановска – Џинговска, Ивана Билиќ ..... 23**

**Прв контакт со лице/ студент со оштетен слух ..... 25**

**Прв контакт со лице/ студент со оштетен вид ..... 27**

**Прв контакт со лице/ студент со телесна инвалидност ..... 30**

**Прв контакт со лица/ студенти со пречки во интелектуалниот (менталниот развој) и лицата со аутизам ..... 32**

**Прв контакт со лица/ студенти со хиперкинетичко растројство со дефицит на внимание (Attention deficit hyperactivity disorder – ADHD) ..... 34**

**Прв контакт со лица/ студенти со пречки во говорот ..... 35**

**Прв контакт со студенти/ лица кои имаат емоционални проблеми и лица со потешкотии во учењето ..... 35**

***1) Контакт со студент со емоционални проблеми ..... 35***

***2) Контакт со лица/ студенти со потешкотии во учењето ..... 36***

**Глава 4: Од гледна точка на експертите, Автори: Даниела Стојановска – Џинговска, Јерко Марковина ..... 39**

**Од перспектива на дефектолог ..... 39**

***1) Опис на работата и задачите на дефектологот ..... 39***

***2) Специфични компетенции на дефектологот ..... 40***

**Од перспектива на психологот: психолошки потреби на студентите ..... 41**

***1) Психолошки принципи и работа на психологот ..... 41***

***2) Опис на работата и задачите на психологот ..... 41***

***3) Специфични компетенции на психологот ..... 42***

**Од перспектива на социјалниот работник: Работа и компетенции на социјалниот работник ..... 43**

**Улогата на психологот, социјалниот работник и дефектологот во дефинирањето на професионалната ориентација на учениците/ студентите ..... 43**

**Како да се препознае дали некое лице/ студент има потреба од стручна помош и/или има определен вид потешкотии во учењето ..... 45**

***1) Прашалник за препознавање на дислексија ..... 46***

***2) Специфични индикации, т.е. тешкотии поврзани со читањето ..... 46***

***3) Специфични индикации, т.е. тешкотии поврзани со пишување ..... 46***

***4) Симптоми на дислексија кај возрасните лица: Општи симптоми ..... 47***

***5) Симптоми поврзани со потешкотии во учењето и едукацијата ..... 47***

**Глава 5: Лични искуства на лицата/ студентите со инвалидност, Автори: Ирена Бојмалиева, Анета Ламбевска, Биљана Маневска, Раул Кевриќ, Координирано од: Даниела Стојановска – Џинговска и Ивана Билиќ ..... 49**

**Лично искуство, перспектива и сугестии од лице/студент со оштетен вид ..... 49**

***1) Пристапност на факултетот ..... 49***

*2) Пристигнување на факултет и назад* ..... *51*

*3) Сместување и пристапност во студентски дом* ..... *51*

**Лично искуство, перспектива и сугестии од лице/студент со оштетен слух** ..... **52**

**Лично искуство, перспектива и сугестии од лице/студент со телесен инвалидитет** ..... **54**

**Лично искуство и сугестии од лице/ студент со комбинирани пречки:: ”Здраво, како сте?”** ..... **57**

**Глава 6: Административна Служба за студенти со хендикеп: Пристап до информации и услуги, Автор: Даниела Стојановска - Џинговска** ..... **61**

**Сервиси за поддршка (support services):** ..... **61**

**Позитивни примери на правилен третман на студентите преку обезбедување Административна Служба за студентите со хендикеп** ..... **63**

*1) Примери од странство* ..... *63*

*2) Примери во рамки на Р. Македонија* ..... *64*

a) Информативно – услужен сервис за студентите со хендикеп во Скопје како пример на добра практика ..... 64

b) Сервис – персонална асистенција за студентите и младинците со инвалидност ..... 67

**Глава 7: Дополнителни можности за студентите/лицата со инвалидност/попреченост: Вон-наставни активности, Автори: Јагода Ристеска, Јасмина Ристеска, Ана М. Лазаревска** ..... **69**

**Студирање во странство** ..... **70**

**Програма за доживотно учење** ..... **71**

**Можности за стипендирање на лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп** ..... **72**

**Можности за стажирање** ..... **74**

**Можности за волонтирање на лица со инвалидност/попреченост** ..... **75**

**Учество на домашни и меѓународни семинари, работилници и размени** ..... **77**

**Webinar - online едукација** ..... **77**

**Патување со инвалидност/ попреченост/ хендикеп** ..... **78**

*1) Организирање авионски превоз* ..... *78*

*2) Пристапно сместување* ..... *79*

*3) Пристапен локален транспорт* ..... *79*

**Инвалидноста/ попреченоста и спортот** ..... **79**

**Уметноста и ракотворбите наспроти инвалидноста/ попреченоста** ..... **81**

**Глава 8: Заклучоци и насоки за можни идни активности: Автор: Ана М. Лазаревска** ..... **83**

**Користена литература** ..... **87**

**Online ресурси** ..... **88**

# Глава 1

# Вовед

**Автор: Ана М. Лазаревска** [1]

## Оваа Публикација наспроти нашиот Проект

Процентот на лица со различни типови на инвалидитет/ хендикеп/ попреченост во рамки на популацијата, во некои држави достигнува и до 15 – 20%[2,3]. Овој значителен процент нè обврзува да се замислиме над прашањето за интегрирање на овие лица во редовниот тек на општествениот живот, вклучувајќи ги сите негови нивоа и сфери и обезбедување на еднакви права и можности кои се зацртани во Уставите на нашите држави[4], но и на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност[5].

Две исклучително главни сфери од општествениот живот имаат огромно влијание во трасирањето на животниот пат на секој човек, т.е. образованието, а подоцна и вработувањето. Без осигурана можност за а остварување на основното право на образование, секоја единка тешко би можела да го најде своето место во општеството. Уште побитно, тешко би било избегнувањето на опасноста истата да биде малтретирана, заведена или злоупотребена од/ за поедини туѓи цели. Од друга страна, без можност за остварување на основното право за вработување и добивање на соодветен надомест/ награда за сопствената работа, секоја личност би се соочила со тешкотии во остварувањето на основното право на живот.

На овие две права се надоврзуваат СИТЕ човекови права кои за секој граѓанин би требало да се еднакво загарантирани и обезбедени.

За жал, во нашите општества, овие две права на секој граѓанинн, сеуште не се во потполност исполнети и загарантирани. Проектот „Обезбедување еднаков пристап за лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост низ услужно учење" (Ensuring Equal Access through Service Learning for Persons with Disabilities), кој е финансиран од страна на Фондот за иновативен ангажман на алумните (Alumni Engagement Innovation Fund – AEIF[6]), а администриран од Стејт Департманот на САД[7], претставува значаен исчекор во промовирањето на правата на лицата со хендикеп/ инвалидност/ попреченост преку приближување на

---

[1] д-р Ана Лазаревска, доцент при Машинскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија. E-mail: ana.lazarevska@gmail.com and ana.lazarevska@mf.edu.mk.

[2] http://www.un.org/disabilities/default.asp?id=18.

[3] http://www.rollingrains.com/readings/2010/03/the-number-of-people-with-disabilities-worldwide.html.

[4] Оваа публикација е резултат на проектот „Обезбедување еднаков пристап на лицата со инвалидност/хендикеп преку примена на методологијата услужно учење", кој е билатерален помеѓу Македонија и Хрватска. Сепак, кога се вели „нашите држави", се мисли на која било земја од која би потекнувал потенцијалниот ценет читатател, во која правата на сите граѓани се уредени во рамки на Уставот на таа соодветна држава, а во согласност со меѓународните конвенции и договори.

[5] http://www.un.org/disabilities/convention/conventionfull.shtml

[6] https://alumni.state.gov/aeif/funded.

[7] Краток опис на проектната апликација е достапен на: http://www.equalaccess4pwds.org/sites/default/files/resources/AEIFproposal_MK_CR_finalists_narrative_new.pdf.

потребите на оваа популација кон оние кои би требало да се носители-пионери во реализацијата на нови идеи, сфаќања, третман и методи – т.е. студентите.

**Проектот има за цел:**

(1) да се подигне свеста за потребата од коректен однос кон лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост, и
(2) да се овозможат, унапредат и гарантираат еднаквите права за овие лица.

Како алатка за реализација на главната цел на нашиот АЕИФ Проект, одлучивме да ја примениме методологијата, концептот, практиката т.е. „услужно учење" (на анг. service learning). Иако на глобално ниво оваа методологија е релативно добро позната и применлива, во високообразовните институции во Република Македонија таа сè уште е во зародиш[8]. 2010 година, во рамки на **Регионалната конференција на алумни на JFDP**, во фокусот беше прашањето како на лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост да им се овозможи еднаков пристап (особено кон образованието) и како доследно да им се озбедбедат и на дело да се спроведат еднаквите права.[9] Оваа конференција, како и **Предлог акцискиот план** кој произлезе од истата, кои укажуваат дека една од најдобрите методи за решавање на ова комплексно прашање е концептот услужно учење, претставуваат првите чекори кон иницирање институционализирано воведување на „услужното учење" во нашата земја. Имено, концептот на услужно учење овозможува непосредно вклучување на најпогодените и засегнати страни додека тие паралелно работаат не само за сопствена корист и за користа на своите најблиски, туку овозможува и: нивна еманципација, промоција и вклучување во општеството; подигнување на свесноста и иницирање на реална имплементација на активности кои водат кон ублажување на бариерите за општа достапност за лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост. Целта на овие систематски организирани искуства на пружање услуга на заедницата е: [10]

- да е помогне во задоволувањето на вистински потреби на заедницата;
- да ослужат како инструмент за постигнување на општествени цели и цели на заедницата, како и
- да се унапреди она што се учи на училиште на тој начин што процесот на учење ќе се прошири надвор од училницата т.е. во заедницата.[11]

AEIF Проектот се реализира низ следниве проектни активности:[12]

1. **Статус-кво анализа** фокусирана на:
   - Индивидуалните потреби на лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост, особено во текот на образованието; спроведени/постоечки методологии кои се користат во избрани универзитети во Македонија и Хрватска.

---

[8] Ristovska, Milena, 2012: „*Guidelines for effective introduction and implementation of service-learning in higher education*", A. M. Lazarevska, M. Stankosky, A. Koçi. (Eds.): Makedonsko amerikanska alumni asocijacija p. 11-13. (Ристовска, Милена, 2012: "*Прирачник за ефикасно воведување и имплементација на услужното учење во високото образование*", А.М. Лазаревска, М, Станкоски, А. Кочи (Уред.): Македонско американска алумни асоцијација, стр. 11-13), достапен на англиски и на македонски јазик.
[9] http://www.maaa.com.mk/jfdp-conference-2010.
[10] Lazarevska, Ana and Atanasovski Atanasko, 2010, *Draft Action Plan resulting from the regional JFDP Alumni Conference "Enhancing Accessibility of the Higher Education to the Disabled"*, November 22-24, 2010 in Skopje/ Ohrid, Republic of Macedonia, Skopje, Macedonia: Friedrich Ebert Stiftung. Достапно на англиски и македонски јазик на: http://www.maaa.com.mk/sites/default/files/Action%20Plan_eng.pdf.
[11] Corporation for National and Community Service, *Learn and Serve America: Using Service as a Vehicle for Learning—A Most Valuable and Powerful Lesson*, Available from: http://www.nationalservice.gov/about/programs/learnandserve.asp
[12] http://www.equalaccess4pwds.org/project-activities.

- (Не)постоење на специјални образовни програми за лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост.

2. Организирање на **серија работилници** кои вклучуваат различни чинители:
   - Работилници 1 и 2 *(наставен кадар/студенти)*
     - Идентификација на посебните потреби на лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост. Анализа на психолошката позадина, пристапот и коректниот однос. Поттикнување и промоција на соработка меѓу студентите со и/или без индивидуални потреби. Анализа на потребите и дизајн на наставната програма.
   - Работилници 3 и 4 *(наставен кадар/студенти)*
     - Разбирање и спроведување на концептот за услужно учење по пат на спроведување на анализи на случаи во Македонија и Хрватска, а со цел да се согледаат прашањата за техничка, физичка/ архитектонска, информативна, наставна и правна пристапност.
   - Работилница 5 (сите засегнати страни)
     - Адаптација на постојната методологија и вградување на психолошка позадина кога во пракса се пристапува кон/ се работи со лица со инвалидност/ хендикеп/ попреченост.
   - Работилница 6 (сите засегнати страни) – ***допрва ќе се одржи***
     - Презентација на практични искуства и резултати од работата на терен.
3. Спроведување на **теренска работа** (анализа на студии на случај) во Македонија и Хрватска
4. **Кампања за јакнење на јавната свест –** ***во тек.***
5. Печатење дистрибуција на **публикации** од проектот – ***во тек.***
6. Поставување на **веб-сајт** за комуникација меѓу сите инволвирани чинители.

Подетален опис на резултатите од овие активности е достапен на веб-сајтот под категоријата „Активности и резултати“.[13]

## Содржината на овој Прирачник

Плод на петтата проектна активност е *оваа публикација*. Врз основа на повратната информација која ја добивме во текот на фазата на планирање за овој проект, но уште повеќе, во текот на работилниците од Проектот кои се спроведоа во текот на февруари 2012, а кои имаа за цел да обезбедат подетални информации околу потребите на лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост, заклучивме дека постои голем број на студенти и наставен кадар кој скоро никогаш немале можност да комуницираат со лице со некаков хендикеп. Следствено, тие немаат дури ни најосновни информации за некои типови на хендикеп/ попреченост, ниту пак ги знаат нивните основни карактеристики.

Затоа, **главната цел на овој Прирачник** е, на студентите и наставниот кадар во институциите на високото образование (примарно, но не и ексклузивно само за овие групи), да им обезбеди поблиска информација за тоа што претставува правилен начин, средства, однос и однесување кон лицата со попреченост/ хендикеп/ инвалидитет. Уште повеќе, целта на Прирачникот е кај наставниот кадар да иницира не само проширување на нивната имагинација во изнаоѓањето

[13] http://www.equalaccess4pwds.org/activity-list

нови начини и методи на предавање и учење, туку во рамки на кампусот, да ги поттикне да ги користат вон-наставните активности како средство за инкорпорација на лицата со хендикеп/ инвалидност/ попреченост. Од друга страна, на подолги патеки, ваквиот приод претставува средство за овозможување хоризонтална инклузија на лицата со хендикеп/ инвалидност/ попреченост во сите сфери на општествениот живот. Овој пристап е единствениот начин како ние можеме да придонесеме кон јакнење на свесноста дека сите ние треба да ги сплотиме нашите сили во борбата за еднакви потреби и подобар и посуштински живот, а тој наш елан да го пренесеме и прошириме на гарантирање, обезбедување, промовирање и борба за еднакви права, генерално на сите лица со хендикеп/ инвалидност/ попреченост.

Овој „*ПРИРАЧНИК ЗАПРАВИЛЕН ОДНОС КОН ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ИЛИ СО ОГРАНИЧУВАЊА ВО СПОСОБНОСТИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ*“, се состои од 8 Глави, кои сите заедно на тој начин сочинуваат една целина, за која, пак, ние согледавме дека е потребна и која ја предвидовме да биде приложена и Вам како читатели претставена во овој текст, т.е.:

- **ГЛАВА 1**: **Вовед**, каде се објаснува главната цел и намена на овој Прирачник и каде се дефинира терминологијата која е договорено да биде користена во рамки на овој Прирачник.
- **ГЛАВА 2**: **Класификација на видовите инвалидност и нивните основни карактеристики**, каде е даден краток осврт, објаснување на главните групи и видови на хендикеп/ попречености/ инвалидитет. Тука му укажуваме на потенцијалниот читател дека во случај да се потребни подетални информации за определени видови на хендикеп/ попреченост, потребно е тој да побара дополнителна стручна литература и да се осврне кон други ресурси, поради тоа што целта на овој Прирачник е да обезбеди САМО основни информации по примерот на „сет за брза помош“.
- **ГЛАВА 3**: **Кој е правиот пристап: Бонтон кон лицата со инвалидност или како да се олесни комуникацијата со лицата со инвалидност: Етика во образованието на студентите со инвалидност**, каде е даден краток преглед на правилниот пристап – без стравови, табуа, предрасуди – кон лице/а кое/и има/ат некаков вид на хендикеп. Повторно, доколку читателот има желба за продлабочени сознанија за правилниот однос кон лицата со хендикеп, препорачуваме консултирање дополнителни ресурси.
- **ГЛАВА 4**: **Од гледна точка на експертите**, каде се дадени основни информации за улогата на трите групи на професионален кадар кој е инволвиран во животот на лицата со хендикеп, т.е. дефектологот, психологот и социјалниот работник. Повторно, доколку читателот е соочен со покомплексна ситуација од онаа која е презентирана во овој прирачник, посочуваме и препорачуваме обраќање кон барање на професионална помош.
- **ГЛАВА 5**: **Лични искуства на лицата/ студентите со инвалидност**. При оформувањето на овој Прирачник сметавме дека тој не би служел добро на својата цел доколку не вклучевме и лични искуства на некои од нашите колеги, пријатели, граѓани кои се лица со хендикеп. Единсвено ни е жал што поради ограничениот простор, не бевме во можност да споделиме повеќе стории како оние поместени тука, затоа што ние сме исклучително свесни дека секој човек е индивидуа сама за себе, т.е. дека секоја сторија е една и единствена. Сепак, се надеваме дека нашата работа ќе послужи како импулс за да се започне со колектирање на слични ЛИЧНИ стории и директни совети за тоа како да се однесуваме кон лицата со хендикеп од нив самите.
- **ГЛАВА 6**: **Административна Служба за студенти со хендикеп**, каде се прикажани позитивни примери за правилни начини како високообразовните

институции би требало да го потпомогнат студирањето на поголем број на студенти со хендикеп во рамки на нивниот кампус.

- **ГЛАВА 7**: **Дополнителни можности за лицата/ студентите со хендикеп: вон-наставни активности**, каде што укажуваме на фактот дека да се биде лице со хендикеп автоматски не значи дека тоа лице треба да се лиши од уживањето на секојдневните животни радости. Напротив, модерните и развиени општества успешно ги надминуваат границите поврзани со вклучувањето на лицата со хендикеп во сите сфери на општествениот живот. Неразвиените земји и земјите во резвој само би требало да се угледаат на нивниот пример.
- **ГЛАВА 8**: **Заклучоци и насоки за понатамошни идни чекори**.

Се надеваме дека со изборот на овие теми, успеавме да го понудиме повекеаспектен и повеќеслоен увид во проблемот на обезбедување на еднакви права на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидитет и дека придонесовме кон вечната борба за нивен еднаков пристап и инклузија во нашите општества. Со одбраниот низ на овие теми, се надеваме дека успеавме да одговориме на најосновните прашања кои секој од нас си ги поставува при првиот контакт со лице со некаков хендикеп/ попреченост/ инвалидност.

## Терминологијата која ја прифативме во овој Прирачник[14]

Во теоријата и праксата на Република Македонија не постои единствен усогласен термин за поимот „лица со инвалидност“. Пример за оваа неусогласеност се следниве документи кои се во употреба во Република Македонија:

- Уставот на Република Македонија во членот 35 став 3 утврдува дека: „Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот”.
- Во Законот за социјална заштита се користат термините “лица со телесна попреченост и лица со пречки во интелектуалниот развој”.
- Во “Законот за вработување на инвалидни лица” во кој уште во насловот се користи терминот “инвалидни лица”.
- Во „Законот за пензиско и инвалидско осигурување“ се користат термините “инвалидно лице”, “инвалидска пензија” и “инвалидско осигурување”.

[14] Благодарност до Даниела Стојановска – Џинговска за обезбедувањето на овој дел од освртот. Тој е извадок од делот за поглавјето ТЕРМИНОЛОГИЈА од „Извештајot zа лицата со инвалидност во Република Македонија“, каде учествуваа сите репрезентативни организации за лица со хендикеп во Република Македонија и тоа:

- Сојуз на слепите на Република Македонија
- Сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија
- Сојуз на телесно инвалидизираните лица на Македонија
- Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - порака
- Сојуз на инвалиди од војната на Македонија
- Федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија
- Сојуз на инвалидите на трудот на Македонија
- Полио плус
- Здружение на инвалиди “Шпреса”
- Здружение на студенти и младинци со хендикеп
- Европскиот форум на инвалидите (EDF)

- Во „Законот за работни односи“ од 2005 г. се нагласува дека “работодавачот не смее барателот (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба односно инвалидноста…” (чл.6 ст 1). Во членот 177 кој има наслов Заштита на инвалидите и поднаслов “вработување, оспособување или преоспособување на инвалидите” се утврдува дека “работодавачот обезбедува заштита на инвалидите при вработувањето, оспособувањето или преоспособувањето во согласност со закон”. Во членот 178 со наслов “права на инвалидите на трудот” се вели “на работникот – инвалид со преостаната или променета работна способност ... работодавачот е должен да му обезбеди…” Во истиот Закон во членот 169 се зборува за “скратено работно време на родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби”.
- Во Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој се вели дека “лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој кои имаат специфични потреби се:
  1. Лица со оштетен вид (слабовидни и слепи):
  2. Лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
  3. Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
  4. Телесно инвалидни лица;
  5. Ментално ретардирани лица (лесно, умерено, тешко и длабоко);
  6. Аутистички лица;
  7. Хронично болни лица;
  8. Лица со повеќе видови пречки (лица со комбинирани пречки во развојот).
- Во „Законот за градење“ се зборува дека “градба за јавни и деловни намени, мора да биде проектирана и изградена така што на лицата со инвалидност ќе им обезбеди непречен пристап, движење, престој и работа во градбата” (член 11 ст.1).
- Во „Законот за просторно и урбанистичко планирање“ се кажува дека “бариери се создадени градежни пречки во градовите и други населени места, кои оневозможуваат непречено движење на хендикепираните лица”.
- Во 2001 година Владата на Република Македонија донесе „Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија“. Во текстот на оваа стратегија се користат термините лица со хендикеп, деца со пречки во развојот, инвалидизиран младинец, лица со физички, интелектуални, психолошки или сетивни пречки.
- Собранието на Република Македонија 2003 г. донесе Декларација за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби во која се зборува за “лица со посебни потреби”, “специфичните потребни на лицата со хендикеп” и “лица со хендикеп”.

И во праксата не постои унифициран термин па најчесто се користат термините: лица со инвалидност, лица со инвалидитет, инвалидни лица, инвалиди, лица со хендикеп, хендикепирани лица, лица со пречки во интелектуалниот развој, лица со посебни потреби и поретко лица со попреченост или лица со специфични потреби. За децата најчесто се користи терминот деца со пречки во развојот или деца со посебни потреби односно деца со посебни образовни потреби кога сака да се нагласи образовниот сегмент од нивниот развој.

Инвалидските организации, (со исклучок на Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост “Порака”), Националниот совет на инвалидските организации, Координативното тело за еднакви можности на лицата со инвалидност го имаат прифатено терминот лица со инвалидност. Претежниот дел од научните работници го преферираат терминот “лица со инвалидност”. Други пак организации чија целна група се лицата со инвалидност го

преферираат терминот "лица со хендикеп". Средствата за јавно информирање, покрај термините лица со инвалидност или хендикепирани лица односно лица со хендикеп, многу често го користат терминот „лица со посебни потреби".

Во англиската верзија на Конвенцијата на Обединетите нации за еднакви права на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност, се користи терминот „**Persons with Disabilities**". Стои аргументот дека тоа може да има повеќе варијанти на македонски превод, но факт е дека најчесто се преведува како лица со инвалидност. Така е преведено и во српскиот и хрватскиот превод на Конвенцијата.

Од сето погоренаведено може да се заклучи дека во Република Македонија нема општо прифатен термин за поимот „лица со инвалидност". Преовладува терминот лица со инвалидност, но се користат и термините лица со хендикеп, лица со посебни потреби и лица со интелектуална попреченост. Од овие причини, а во согласност со сите автори и уредници, преведувачот и членовите на проектот, одлучено е, во овој прирачник паралелно и рамноправно да се користат сите претходно наведени термини, т.е. **лица со хендикеп**, **лица со посебни потреби** и **лица со (интелектуална) попреченост**, а се остава на читателот да одлучи кој од наведените термини најсоодветно му го опишува поимот на определено отстапување на физичките и психичките способности на некое лице од оние на просечен претставник на генералната популација.

# Глава 2:

## Класификација на видовите инвалидност[1] и нивните основни карактеристики

### Автори: Ивана Билиќ[2], Даниела Стојановска – Џинговска[3]

Со Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Сл.весник на Р.М број 30/2000 година)[4] , како и сличното издание од Хрватска[5], се утврдува видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој; стручните профили на членовите на органот кој дава наод и мислење за оцена на специфичните потреби на првостепениот и второстепениот орган за лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, начинот на оценка на специфичните потреби и на водењето на евиденција и установата што ќе дава наод и мислење.

Пред да одлучиме дали да ја прифатиме оваа класификација спроведовме едно сеопфатно истражување на светската литература како би се осигуриле дека нашата класификација е прифатлива и репрезентативна. Disabled World Community претставува организација чија основна цел е преку нивниот Сервис за новости, статии, печатени и видео материјали да ги снабдува со податоци и новости јавните, инвалидските заедници и организации како и застапниците за правата на лицата со инвалидност/попреченост. На интернет страницата на Disabled World Community ја пронајдовме оваа класификација за лицата со инвалидност[6],: телесна инвалидност и пречки во движењето; болести на `рбетниот столб; инвалидност поради повреди на главата – мозокот; оштетен вид; оштетен слух; когнитивни пречки или пречки во учењето; психички растројства, и незабележителни попречености. Центрите за контрола и превенција на болести[7] ги класификуваат видовите попречености како: слух; вид; мобилност; мислење; помнење; учење; комуницирање; ментално здравје и социјално поврзување.

Кати Хендерсон (Cathy Henderson[8]) во своето истражување за профилот на новозапишаните колеги со инвалидност опфаќа: попречености во учењето, видот, оние поврзани со здравјето, ортопедските, слухот, говорот и други видови инвалидност. Во согласност со Сервисот за студенти со инвалидност при Универзитетот Џон Хопкинс (John Hopkins University[9]) постои следната класификација на инвалидност/ попреченост: хиперактивно нарушување со дефицит

---

[1] Согласно Уставот на Р. Македонија, се применува терминот “инвалидност”. Сепак, земајќи ги предвид сугестиите од стручните лица и самите лица со хендикеп, во оваа публикација рамноправно ќе бидат користени и термините “попреченост” и “хендикеп”. Објаснувањето за оправданоста на овој приод е подетално разработен во Глава 1: Воведот на оваа публикација. (Заб. уредн.)

[2] Д-р Ивана Билиќ, D.Sc. по економија, е доцент при Економскиот факултет, Универзитет во Сплит, e-mail: ibilic@efst.hr, ivanab13@yahoo.com.

[3] Даниела Стојановска – Џинговска, B. Sc. по дефектологија, претседател на Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје, Македонија, e-mail: stojanovskad@gmail.com.

[4] Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Сл.весник на Р.М број 30/2000 година).

[5] Хрватски “Службен Весник” Бр. 41/2001 & 55/2001.

[6] http://www.disabled-world.com/disability/types/

[7] http://www.cdc.gov/ncbddd/disabilityandhealth/types.html (retrieved August 2, 2012.)

[8] Henderson, C. (1995), 'College Freshman with Disabilities A Triennial Statistical Profile', American Council on Education, HEATH Resource Center: http://www.perceptions4people.org/component/content/article/56-general/134-heath-resource-center.html.

[9] http://web.jhu.edu/disabilities/faculty/types_of_disabilities/.

на внимание (Attention deficit hyperactivity disorder – ADHD); слепило или слабовидост; повреди на главата; глувост/наглувост; попреченост во учењето; медицински состојби; телесна инвалидност; психијатриски болести и попреченост во говорот и јазикот.

Фактот што во литературата понекогаш се користат и други термини/изрази не наведе на заклучокот дека нашата класификација на видовите инвалидност/ попреченост е исправна и преминавме на следниот чекор односно да дадеме објасненија за инвалидностите/ попреченостите и специфичните видови инвалидност/ попреченост. Целта на нашиот елаборат е да дадеме краток вовед во светот на инвалидноста/ попреченоста како за наставниот така и за ненаставниот кадар во нашите земји[10,11,12]. Исто така, убедени сме дека овој прирачник ќе ги поддржи нивните и нашите напори во обезбедувањето еднаков пристап на лицата со инвалидност/попреченост до високото образование.

За потребите на овој прирачник ќе ја користиме следната дефиниција за инвалидност/ попреченост: `**Инвалидност/ попреченост претставува состојба или функција која се смета дека е значително полоша во однос на вообичаените стандарди за поединец или група.** Терминот кој се користи ќе се однесува на функционирањето на поединецот, а ова опфаќа телесна инвалидност/ попреченост, сензорна попреченост, когнитивна попреченост, интелектуална попреченост, ментално заболување и различни видови на хронични болести.`[13,14]

Според класификацијта во Р.Македонија, со Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој[15], во Член 4, и според слична класификација во Р.Хрватска[16], може да се издиференцираат следните различни типови на лица со хендикеп, т.е. кои лица имаат специфични потреби:

1. Лица со оштетен вид (слабовидни и слепи);
2. Лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
3. Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот
4. Телесно инвалидизирани лица;
5. Ментално ретардирани лица (лесно, умерено, тешко и длабоко);
6. Лица со аутизам;
7. Студенти со дислексија;
8. Студенти со хиперактивно нарушување со дефицит на внимание (овде ќе се користи кратенката ADHD);
9. Хронично болни лица;
10. Лица со повеќе видови пречки (лица со комбинирани пречки во развојот).

---

[10] Bilić, I. (2010), 'Access to Higher Education for Disabled in Croatia', Book of Abstracts of the Regional JFDP Alumni Conference: 'Enhancing Accessibility of the Higher Education to the disabled', November 22-24, 2010, Skopje/Ohrid, Macedonia. p. 25.
[11] Risteska, J. (2010), 'Inclusive Higher Education', Book of Abstracts of the Regional JFDP Alumni Conference: 'Enhancing Accessibility of the Higher Education to the disabled', November 22-24, 2010, Skopje/Ohrid, Macedonia. p. 20.
[12] http://www.iro.hr/hr/javne-politike-visokog-obrazovanja/kolumna/studirati-s-invaliditetom/ (retrieved October 29, 2010.)
[13] http://www.disabled-world.com/disability/types/.
[14] http://www.apt.gc.ca/wat/wb12200E.asp?Lt=D
[15] Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Сл.весник на Р.М број 30/2000 година).
[16] Kis-Glavas, L., urednik (2012), Zbirka priručnika 'Studenti s invaliditetom', Sveučilište u Zagrebu, Zagreb (прев. Кис – Главас, Л. Уредник (2012), Збирка прирачници `Студенти со инвалидност`, Универзитет Загреб, Загреб).

## Поим и главни карактеристики на лицата со оштетен вид

### *1) Класификација и дефиниција на поимот „оштетен вид“*

Согласно класификацијата на Disabled World[17], која ја следи дефиницијата на Светската здравствена организација (World Health Organization), се разликуваат следните четири типови на лица со попреченост во видот: **слепило**, **оштетен вид**, **далтонизам** (нарушување при препознавање на боите) и **слабовидност**.

**Слепило –** лице со целосно оштетен вид означува дека лицето има острина на видот помала од 20/200[18] во поздравото око или многу ограничено видно поле (20 степени најширок опсег); целосно слепи лица не можат воопшто да гледаат. Поради ова не може да се види компјутерскиот монитор и не може да се користи компјутер без прилагодување на истиот како и уреди за кои е потребен вид.

**Оштетување на видот –** Слепилото означува целосно или скоро целосно губење на способноста да се перцепира облик. Слабовидноста означува способност да се користи одреден дел од видната перцепција, но со поголема зависност од информацијата што се добива од друг извор.

**Далтонизам –** неможност да се перцепираат боите на вообичаениот начин. Најчесто, нарушување се јавува при препознавање на црвената/ зелената боја. Друго вообичаено нарушување е и непрепознавањето на сината односно жолтата боја. Далтонизмот скоро исклучително се јавува кај мажите со инциденца од околу 1 на 10. Примарно при работата со компјутер е да се направи соодветен избор на бои на екранот.

**Слабовидност** – постои кај лица со сериозно оштетување на видот после извршена корекција, но може да имаат подобрена функција на гледање со помош на корективно помагало. Според Светската здравствена организација слабовидните лица имаат острина на видот под 6/18 (0.3), но еднакво или подобро од 3/60 на подоброто око при најдобра корекција. Кога со обични очила, контактни леќи или очни импланти не може да се постигне острина на видот за лицето се вели дека е слабовидно. Иако е вообичаена појавата на намален централен вид или вид за читање, слабовидноста може исто така да е резултат на намален страничен (периферен) вид, намален вид или неможност на окото да се прилагоди на светлина, контраст или отсјај.

Од друга страна, според Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, како лица со пречки во видот се сметаат **слепите** и **слабовидните** лица.[19]

**Слабовидно** се смета лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот помала од 40% (0,4) и лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот поголема од 40% (0,4), но кај кое се предвидува извесно влошување на видот.

**Слепо** се смета лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот до 10% (0,10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0,25), на кое видното поле му е стеснето до 20 степени.

Според степенот на попреченоста слепите лица се распоредуваат во три групи и тоа:

- Лице кое потполно го изгубило осетот за светло (амауроза).

[17] http://www.apt.gc.ca/wat/wb12200E.asp?Lt=D.
[18] Дефиниции за различните нивоа на видот, се достапни на: http://www.eyecaretyler.com/2020.htm.
[19] Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Сл.весник на Р.М број 30/2000 година).

- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот до 5% (0,05) или лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0,10) или има видно поле стеснето до 20 степени.
- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0,10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0,25) и кое има видно поле стеснето до 20 степени.

**Практично слепо лице** се смета лице со толку намалена функционална способност на органот за вид која не му овозможува воспитание и образование претежно по визуелен пат.

## *2) Главни карактеристики на лицата со оштетен вид*

Претставата што се стекнува во услови на апстиненција на видот, а врз основа на другите контактни сетила (допир мирис, вкус и вибрација) наместо објективен податок, во свеста формираат еден замислен свет, податок, претстава. Со други зборови слепото лице, чувствата ги стекнува по пат за сетилото на слух (аудативна слика), сетилото за допир (хаптичка слика), на движењето (кинестетска слика), повеќе ги поврзува предметите и чувствата според тоа како ги доживеало (што било прво, што било второ, а што следно потоа), што значи по временски ред, а не по просторен. Тоа е разбирливо, бидејки ориентацијата во просторот е една од доминантните секвенции на сетилото. Така доаѓаме до другата психолошка консеквенца на слепилото, а тоа е дека кај движењето во просторот, моталитет, ориентација на просторот кај слепите постојат големи разлики.

Оние лица кои подоцна го загубиле видот, па дури и некои лица со целосно вродено оштетување на видот, по стекнување на првото искуство, се движат, не губат ориентација, не се судираат и не се сопнуваат. Таа способниост за забележување и избегнување на пречките ги довела некои автори да создаваат теорија на шесто сетило. Наскоро е потврдено дека такво сетило не постои туку дека станува збор за префинето сетило на слухот и допирот што и помага на личноста лесно да ги совлада пречките на кои наидува. Тоа се постигнува со вежби, затоа што загубата на видот бара слепото лице, постојано да го наслушува и да го забележува ехото од своите чекори или од стапот врз подлогата, коишто го информираат за пречките.

Сетилата за слух и допир се токму оние со кои слепите лица го гледаат светот па Монтеј вели: “Со сетилото на видот ние влегуваме во животот и светот, но преку сетилото за слух и допир светот и животот влегуваат во нашата свест”. Оттаму, кога слепите сакаат нешто да запознаат едноставно ќе речат ”дај ми да видам” што практично значи “дај ми да допрам” [20].

Кога се работи за интелигенцијата кај слепите лица, ако тие се третираат на идентичен начин и ако им се овозможат еднакви услови за развој и образование, може да се каже дека не постојат големи разлики во однос на лицата што немаат пречки во видот. Имено, слепилото како последица на оштетувањето на очите не ја намалува способноста за интелектуален развој затоа што не го оштетува мозочното ткиво. Напротив, познати се голем број на случаи каде токму поради поголемата природна интелигенција и недостатокот на видот, слепото лице или лицето со оштетен вид постигнува исклучителни резултати како во образованието, така и во работата.

Само во услови на **едукативна и социјална запоставеност** доаѓа до запоставување и заостанување, што всушност постои и кај лицата кај кои е зачувано сетилото за вид, а поради тоа што не сите се надарени со еднаква интелигенција.

[20] Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска -Трајковска “Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност”, Скопје 2008, Филозофски Факултет – Институт за дефектологија.

Говорот кај слепото дете/ лице се развива подоцна. Тоа доаѓа оттаму што за развој на говорот не е потребна само акустична туку и визуелна компонента, т.е. затоа што визуелната компонента влијае врз правилното воочување на артикулационите движења на изворот на одделните гласови, а не само на повратната акустична спрега. Дури и кога слепите ќе ги осознаат зборовите – говорот, во процесот на едукацијата се забележува одредена празнина во семантички поглед, зборовите како да се празни и незаситени со содржина. Сосема е поинаква психолошката карактеристика на децата/лицата коишто некогаш гледале, а потоа го загубиле видот. Кај нив постојат визуелни претстави, поимите се значително покомплексни и поопширни.

Кога се зборува за основните карактеристики на лицата со оштетен вид и на слабовидите лица, пред сé, треба да се напомене дека тие се лица како и сите други кои немаат пречки во развојот тоа значи дека и тие се развиваат според општите законитости на детскиот/ младешкиот/ човечкиот развој. Можна е појава на некои отстапувања кои се условени од оштетувањето на видот и кои се огледуваат во начинот на кој таа општа законитост се остварува.

На овие лица треба да им се овозможи примена на лични форми на стимулација. Поради оштетувањето на видот овие лица се пасивни, помалку подвижни, искажуваат незаинтересираност и не можат да го следат однесувањето на другите луѓе.

## Поим и главни карактеристики на лицата со оштетен слух

Лица со оштетен слух се оние лица (т.е. студенти) кои се целосно или делумно глуви (наглуви). Наглуви лица често користат слушни помагала што им помагаат во слушањето. Глувоста може да се појави при раѓањето или покасно во животот поради повеќе причини од биолошка природа. Глувите лица може да користат знаковен јазик како начин на комуницирање, а обично користат толкувач на знаковен јазик. Во светот се користат околу стотина знаковни јазици и тие се разликуваат како и секој странски јазик.

Според степенот на оштетувањето лицата со оштетен слух се делат на **глуви** и **наглуви**.

### *1) Наглуви лица*[21]

За **наглуви** се сметаат оние лица кај кои оштетувањето на слухот на подоброто уво е од 25 до 80dB (децибели) и кои наполно или делумно го развиле вербалниот говор.

Според **степенот на оштетувањето на слухот**, **времето кога настанало** и **степенот на говорната развиеност**, **наглувите лица се распоредуваат** на:

- Лица со лесно оштетување на слухот од 25 до 40dB, кои можат спонтано да развијат вербален говор;
- Лица со умерено оштетување на слухот од 40 до 60dB, кои пред оштетувањето спонтано го развиле говорот;
- Лица со умерено оштетување на слухот од 40 до 60dB, кај кои оштетувањето на слухот настанало пред да го развијат говорот, а како последица имаат делумно развиен говор;
- Лица со тешко оштетување на слухот од 60 до 80dB, кои спонтано го развиле говорот пред да настане оштетувањето;

[21] Сојуз на дефектолози на Република Македонија, " Како до инклузивна општина?" - Прирачник за вработените во единиците на локалната самоуправа, Скопје 2012.

- Лица со тешко оштетување на слухот од 60 до 80dB, кај кои оштетувањето на слухот настанало пред да го развијат говорот, а во моментот на оцената на специфичните потреби имаат недоволно развиен говор.

## *2) Глуви лица*

За **глуви** се сметаат оние лица кај кои оштетувањето на слухот е поголемо од 80dB и кои со слушен амплификатор не можат целосно да го перцепираат вербалниот говор.

Глувите лица се делат на **практично** глуви, кои со слушен амплификатор можат да слушаат одделни супер сегменти од говорот и **тотално** глуви, кои имаат наполно згасната слушна перцепција.

Според **времето кога настанало оштетувањето** на слухот и **степенот на развојот на говорот**, **глувите лица** се распоредуваат на:

- Лица кои пред оштетувањето на слухот го развиле вербалниот говор и во времето на оценката на специфичните потреби добро говорат;
- Лица кои пред оштетувањето на слухот не го развиле спонтано вербалниот говор, а потоа со интезивен и систематски сурдоаудиолошки третман го постигнале тоа;
- Лица кои го изгубиле слухот пред да го развијат вербалниот говор, а во моментот на распоредувањето имаат недоволно изграден говор или се без говор.

## *3) Лица со комбинирани оштетувања, кај кои примарно е оштетувањето на слухот*

Специфичните потреби на лицата со комбинирани оштетувања, кај кои примарно е оштетувањето на слухот, се определуваат во зависност од видот и степенот на оштетувањата.

## *4) Карактеристики на лицата со оштетен слух*[22]

Кај лицето со оштетен слух се јавуваат одредени карактеристични манифестации. Имено, поради фактот дека во текот на детството, лицето не можело да го слушне мајчиниот глас, нејзиното смеење, плачење, пеење, пред се́, нејзиниот говор, а поради тоа што токму овие средства служат за пренесување разбирање и емоции, секако е можен подоцнежен развој на емоциите на детето/личноста со оштетен слух. Во фазата на **најран развој**, бидејќи нема акустични побуди од сопственото плачење, глувото дете има поинаков плач од другите деца и овие деца, генерално се понервозни. Во **подоцнежниот период од развојот** се јавуваат некои евидентни манифестации: несигурно одење, кое се јавува како резултат на оштетувањето на вестибуларниот апарат, престанување на гукање, бидејки нема feedback детето не обрнува внимание на било кој извор на звук. Децата кои имаат **парцијално оштетување на слухот** слушаат само групи на гласови со висок интензитет додека другите гласови не ги повторуваат. Тие силно тропаат со предметите со кои си играат бидејќи силниот звук не ги надразнува слушните остатоци. Реагираат само на викање, но не и на нормален говор со послаб интензитет.

Поради претходно наведените карактеристики, глувото дете, а подоцна и како возрасен човек не може вербално да ги искаже своите чувства, потреби и идеи, истите не може или тешко ги

---

[22] Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска – Трајковска "Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје 2008, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Филозофски факултет – Институт за дефектологија.

разбира и кај останатите. Во услови на сопствена хипоакузија (недостастаток на слушна перцепција), ќе го репродуцира говорот онака како што го слуша. Притоа многу гласови ќе ги изговори погрешно, а зборовите ќе му бидат тешко препознатливи.

Кај глувите лица мислите заостануваат и се претвораат во конкретизација на гестовно препознавање на зборовите. Поради тоа, интелектуалниот развој го нема својот нормален развоен тек, а бидејќи му недостасуваат акустична компонента и каузалитет, тој станува статичен и нецелосен.

Лицата со оштетувања во слухот, може да се многу вешти во читањето од уста, но за жал, некои тоа и не се. Имено, само 30 до 40 проценти од мајчиниот јазик (било тоа да е англиски, македонски, хрватски или некој друг јазик) може да се разбере со читање од уста и тоа при најдобри можни услови на говор и при максимална концентрација од околу 20-тина минути.

Лицата со оштетување на слухот исто така имаат потешкотии во говорот, читањето и пишувањето. Земајќи ја во предвид блиската врска помеѓу развојот на говорот и слушањето, критичната возраст е помеѓу втората и третата година, т.е. времето кога детето започнува да учи да говори.

Во нивната комуникација, а со цел подобрување на квалитетот на истата, лицата со оштетување на слухот се користат со говор, читање од усните, слушни помагала и уреди за засилување.

Треба да се има во предвид дека за лицата со оштетување на слухот често „мајчиниот" јазик е знаковниот, додека официјалниот јазик на државата во која живеат, за нив, е втор јазик.

Поради специфичноста на нивниот индивидуален свет, лицата со оштетување на слухот може да се третираат и како посебна лингвистичка група, која има и свои индивидуални културни определби, а како таква, тие може да имаат и свои индивидуални социјални норми, вредности и традиции.

Современите истражувања укажуваат и на некои карактеристични облици на реагирање како што се агресивност, импулсивност, егоцентризам, недостаток на емпатична способност, недостаток на моралност и на самата сликата за себе си.

## Поим и главни карактеристики на лицата со пречки во гласот, говорот и јазикот

Со пречки во говорот и гласот се оние лица чиј говор не одговара на нивната возраст или не е разбирлив, граматички и семантички е неисправен и неизграден, со конвулзивни (грчевити) пречки во механизмот и автоматизмот на говорот, заради што е потребен логопедски третман и лекување.

Според видот и степенот на нарушувањата на вербалната комуникација лицата се распоредуваат во следниве групи:

- лица со потполно отсуство на говор кое се нарекува алалија,
- лица со патолошки говорен развој,
- лица со тешка назализација, ринолалија (говор со призвук на зборување на нос),
- лица со отсуство и тешко оштетување на гласот - афонија и дисфонија,
- лица со тешко оштетен говор поради детска, церебрална парализа, аутизам,
- лица со оштетен или изгубен порано стекнат говор - афазија и дисфазија,
- лица со комбинација на наведените пречки.

## Поим и главни карактеристики на лицата со телесна инвалидност и хронични болести/ синдроми

Телесна инвалидност е состојба на намалување или губење на функционалната способност на еден или повеќе делови од телото со што значително се намалува способноста на лицето во задоволувањето на основните животни потреби. Во оваа категорија се опфатени студенти со повреда на `рбетниот столб (параплегија или квадриплегија), церебрална парализа, спина бифида, ампутации, мускулна дистрофија, болести на срцето, цистична фиброза, парализа, полио/пост полио, амиотрофична латерална склероза, удар, болести на периферниот нервен систем (инфантилна парализа) како и лица кои имаат хронични заболувања (канцерогени, дијабетес, астма, епилепсија, Кронова болест, алергии).

Овие видови инвалидност/попреченост кај студентите се јавуваат во различна форма и треба да се смета секој случај засебно, што значи дека иста дијагноза може да се манифестира кај различни студенти на различен начин. Во зависност од специфичните потреби што се јавуваат како последица на намалувањето или губењето на функционалната способност, телесната инвалидност може да биде **тешка**, **потешка** и **најтешка**.

- **Тешка инвалидност** постои кога лицето може самостојно да ги задоволува своите потреби со помош на ортопедски помагала или адаптација на физичката средина;
- **Потешка телесна инвалидност** постои кога лицето може да ги задоволува своите потреби, но со помош на друго лице**;**
- **Најтешка телесна инвалидност** постои кога лицето има потреба од постојана грижа и нега во задоволувањето на основните биолошки и социјални потреби.

Психолошкото значење на телесната инвалидност претставува голем проблем. Под т.н. ”**психолошка димензија**” од една страна, се подразбираат сите субјективни доживувања и секундарни ефекти на личноста која е погодена од телесното оштетување, а од друга страна, значењето кое средината, преку своите ставови, односи, реакции и предрасуди го придава на оштетувањето. Имено, под влијание на разни фактори на сите полиња на функционирање на лицето со телесна инвалидност може да се јават оштетувања на **моторно**, **социјално**, и **интелектуално поле**.

Секое дете/лице со телесна инвалидност има можност да се развие во адекватна и нормална личност, со сите способности што ги дозволуваат неговите потенцијали, капацитети и со толку ограничувања колку што наметнува неговото примарно телесно оштетување. Дали тоа дете/лице ќе се развие во опсегот на своите реални потенцијали, главно зависи од психолошките и социјалните услови на развојот.

Иако во секојдневието е практика лицата со телесна инвалидност да се вклучуваат во редовниот образовен процес, проблем претставуваат објективните тешкотии: намалената подвижност, совладување на архитектонските бариери внатре и надвор од училиштето, транспортот од училиштето до домот, манипулативните способности, комуникацијата.

Освен објективните фактори, дополнителна тешкотија претставува и отпорот на наставниците за приемот на овие деца во редовните училишта, како и нивниот неповолен, несоодветен и нестимулативен однос кон нив. Децата со инвалидност не се потполно прифатени во училиштето, не се вклучуваат во активностите на часовите и за време на одморите, а ретко се дружат и надвор од училиштето. Вистинската интеграција на овие деца/лица во социјалната средина се постигнува само со нивно образование во редовните училишта, а тоа многу често е невозможно како поради нивниот инвалидитет, така и поради неспремноста за прифаќање, немањето емпатија и инертноста на средината

## Поим и главни карактеристики на лицата со пречки во интелектуалниот (менталниот) развој[23]

Иако, за жал, поради начинот на кој е воспоставено образованието во нашите средини, многу се ретки случаите некои од лицата со пречки во интелектуалниот (менталниот) развој да достигнат ниво на високо образование, во овој прирачник даваме краток преглед на главните карактеристики на децата/лицата со пречки во интелектуалниот (менталниот) развој.

Менталната ретардација претставува состојба на забавен или непотполн психички развој кој особено се карактеризира со нарушување на оние способности кои се појавуваат во тек на развојниот период и кои придонесуваат кон општото ниво на интелигенција како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности.

Лицата со ментална ретардација се распоредуваат во 4 групи и тоа: лица со **лесна**, **умерена**, **тешка** и **длабока ментална ретардација**.

- **Лицата со лесна ментална ретардација** се карактеризираат со благо намалување на нивото на интелектуалните, говорните, моторните и социјалните способности. Овие лица го користат говорот во секојдневниот живот и покрај тоа што зборуваат со извесно задоцнување. Нивниот количник на интелегенција се движи од 50 до 69.
- **Лицата со умерена ментална ретардација** покажуваат забавен развој и ограничени достигнувања во употребата на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе. Нивниот коефициент се движи од 35 до 49.
- **Лицата со тешка ментална ретардација** по клиничка слика, присуство на органска етиологија и придружни оштетувања се слични со умерено ментално ретардираните лица. Кај овие лица имаме значително ограничување на достигнувањето во областа на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе. Поголем број од овие лица имаат оштетување на централниот нервен систем (ЦНС). Коефициентот на интелегенција се движи од 20 до 34.
- **Лицата со длабока ментална ретардација** се карактеризираат со изразито ограничена способност за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата, имаат некои рудиментирани форми на невербална комуникација. Поголем дел од нив се полуподвижни или неподвижни и не можат да ги контролираат физиолошките потреби. Овие лица не можат да се грижат за себе па затоа им е потребна постојана помош и надзор. Нивниот коефициент на интелегенција е под 20.

Децата со ментална ретардација имаат исти основни физиолошки, социјални и емоционални потреби како и сите останати деца. Нивниот развој ги следи истите законитости како и развојот кој важи за децата од општата популација, но темпото им е изразито забавено, а според степенот на ретардација и лимитирано.

Во некои случаи, пречките во развојот се препознаваат веднаш по раѓањето, но некогаш се забележуваат и подоцна, т.е. кога ќе се забележи дека детето не се однесува вообичаено/ соодветно за неговата возраст.

Пречките во развојот се јавуваат во вид на[24]:

- недостаток на моторна контрола и слаба координација,
- сензорни пречки од различен степен,

[23] Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска -Трајковска "Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје 2008, Филозофски Факултет – Институт за дефектологија.
[24] Ibid.

- забавен развој на јазикот и говорот и
- оштетување на сознајните функции.

## Поим и главни карактеристики на лицата со дислексија, дисграфија и дискалкулија

**Дислексијата** е нарушување кое, и покрај конвенционалната форма на настава, соодветно ниво на интелигенција и социо-културни услови, се манифестира како потешкотија да се научи да се чита. Присутна е кај 10% од училишната популација и дури 30% од студентите во напредните училишни системи.[25]

**Дислексијата** е специфично попречување во учењето кое првенствено се манифестира како потешкотија со пишаниот јазик, особено со читање и формирање зборови. Иако причина за дислексијата е невролошко нарушување, ова не е интелектуална попреченост. Дислексијата се јавува на сите нивоа на интелигенција – просечно, натпросечно и многу надерни лица. Дислексијата најчесто се карактеризира со потешкотии при учењето како да се разбере зборот, како да се составуваат зборовите и да се прочитаат точно и течно. Не постои лек за дислексијата, но лицата со дислексијата може да научат да читаат и пишуваат со соодветно образование и третман. Постојат многубројни истражувања кои потврдуваат дека одредени специјализирани фонички вежби може да помогнат при учењето како се чита. Во САД, истражувачите сметаат дека појавата на дислексија се движи во опсег од 5 – 9 % кај деца на училишна возраст, иако некои сметаат дека бројката оди дури до 17%.[26]

Во праксата дислексијата често е придружена со **дисграфијата**, поточно, истото лице може да има потешкотии со пишаниот јазик и со броевите. Оваа комплексна попреченост/инвалидност може да претставува голем проблем кога студентот треба да прочита, а потоа и да реши математичка задача; студентот бројот 8 го чита како 3 и крајниот резултат е неточен.

Карактеристики на дислексијата кај возрасни лица:[27]

- Потешкотии со читањето,
- Нелагодност кога чита на глас,
- Потребно е подолго време да прочита една страна текст отколку другите,
- Се губи редот или се препрочитува истиот ред,
- Потешкотии да се сфати она што се чита,
- Повторно чита за да сфати,
- Потешкотии во читањето и разбирањето на распоредот,
- Проблеми при фаќањето забелешки,
- Недостиг на време при пишување есеи, испити, итн.,
- Испуштање на букви, дел од зборови или цели зборови кога пишува, а напишаните реченици се несредени и граматички неточни, ракописот е нечитлив,
- Потешкотии во изразувањето на идеите при пишувањето,
- Многу грешки при пишувањето – спелувањето и тешкотии сам да ја поправи грешката,
- Потешкотии при планирањето и структурата на писмени задачи, го одложува пишувањето на овие задачи до последен момент,
- Неуспешност во пишување на писмени испити како и пополнување на обрасци или одговарање на прашања во специјализиран образец,

[25] Прилагодено според http://web.jhu.edu/disabilities/faculty/types_of_disabilities/deafness.html и Kis-Glavas, L., urednik (2012), Zbirka priručnika 'Studenti s invaliditetom', Sveučilište u Zagrebu, Zagreb.
[26] http://www.disabled-world.com/artman/publish/article_2130.shtml.
[27] Glavas, L., urednik (2012), Zbirka priručnika 'Studenti s invaliditetom', Sveučilište u Zagrebu, Zagreb.

- Несигурност при одредување лево/десно и нема ориентација на географска карта,
- Потешкотии со говор пред публика,
- Проблеми со исполнување на задачи во даден временски рок, во принцип овие лица имаат проблеми со помнење на датумот, почитување на времето и распоредот на активности,
- Неволност да одговара брзо.

## Поим и главни карактеристики на лицата/ студентите со аутизам[28]

Аутизмот е едно од најтешките нарушувања, кое се јавува уште од најраното детство, го загрозува нормалниот развој на детето и неговото подоцнежно оспособување за самостоен живот. Најголем број деца/лица со аутизам не можат да се вклучат во отворената социјална средина и во играта и учењето на своите врсници. Самиот збор аутизам се истоветува со спортскиот термин АУТ кој значи надвор од игра, надвор од случувањата околу себе, прекината врска со реалноста. Кај детето со аутизам се работи за первазивно психичко растројство кое обично нема период на нормален развој (примарен аутизам) или растројство кое се јавува во текот на втората - третата година (секундарен аутизам). Во секој случај проблемот се евидентира до третата година, бавно и скоро незабележително.

За разлика од типичниот аутизам постои т.н. атипичен аутизам кој се разликува во однос на возраста кога се јавува (може за првпат да се јави и после третата година), патолошкото растројство не мора да се јави во сите три области – интелигенцијата, говорот и емоционалниот развој – а најчесто се јавува кај лицата со тешка интелектуална попреченост и кај лицата кои покажуваат тешки развојни растројства во рецептивниот говор.

Кај децата/лицата со аутизам присутни се одредени промени[29]:

- емоционалниот живот се јавува бавно или не се развива. Емоциите не се во состојба да се интегрираат со целосното доживување со реалноста и тие не може да се структурираат по временски редослед;
- детето едвај или воопшто не ја забележува реалноста, а во неговото живеење димензиите за простор и време како и воопшто да не постојат;
- ако аутизмот се јави рано, тогаш говорот не се развива, а кога тој веќе се развил покажува тенденција на забавување или пропаѓање. Тој не му служи на лицето за комуникација со околината;
- интелектуалниот развој редовно трпи сериозни промени, особено кај децата/лицата каде аутизмот се јавува рано, а децата кои достигнале одреден степен на интелектуален развој функционираат под тоа ниво, поради општата неможност детето со аутизам да го користи својот сознаен капацитет;
- перцепциите, особено слушните, се забавени поради лошото распознавање, модулирање и интегрирање на сензорните дразби, па така децата оддаваат впечаток дека се глуви;
- играта на детето/лицето со аутизам е поедноставна, без содржина и фантазија, празна и стереотипна. Таа/тој покажува тенденција да ги задржи истите околности (простор, лица, предмети) и секоја нивна промена предизвикува страв, немир и агресивност;
- лицата со аутизам имаат лоша перцепција на реалноста и нејзино лошо емоционално доживување;
- поради растројството на димензиите простор и време, нарушена е свесноста за себе (се прашува кое/кој е тоа?);

---

[28] Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска -Трајковска "Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје 2008, Филозофски Факултет – Институт за дефектологија.
[29] Трајковски, В., 2004: „Аутизам", Философски факултет, Институт за дефектологија, Скопје.

- наместо да развиваат топли односи со родителите, главно се ангажирани за само-стимулативни однесувања (нишање на телото, вртење на главата итн.);
- воопшто не ги интересираат децата кои си играат покрај нив. Детето со аутизам е потполно затворено во себе.

Иако порано се сметало дека не може да се воспостави дијагноза пред третата година од животот денес се знае дека некои карактеристики кои се пројавуваат кај овие лица можат да упатат на аутизам уште во раната возраст. Такви, на пример, се:

- отсуство на смеа и радост кон мајката во првите месеци од животот;
- отсуство на реакција на приспособување;
- детето не подава рака и не покажува радост кога ќе се земе во прегратка;
- отсуство на заедничко внимание, детето не реагира на покажување на играчка или интересни предмети, односно реагира со свртување на погледот во друга насока;
- не се одзива на повик;
- не одговара на прашања;
- се однесува како да е глуво;
- не се вклучува во игра.

## *1) Аспергер синдром*[30,31]

На Аспергер синдромот се гледа или како на поблага форма на аутизам или се класифицира како посебна состојба, но несомнено е дел од аутистичниот спектар на нарушувања. Карактеристичните знаци на однесување вклучуваат:

- Забележливо и непрекинато оштетување во социјалната интеракција;
- Рестриктивни и репетитивни шеми на однесување и силно преферирање на рутини, како и избегнување на промени;
- Забавувања во моторниот развој и трапавост.

Сепак, во споредба со аутизамот индивидуите со Аспергер синдром имаат релативно добар експресивен јазик и може да имаат когнитивни резултати кои спаѓаат во просекот или пак над просекот, а ретко имаат дополнителни тешкотии во учењето. Како резултат на тоа дијагнозата може да биде одложена до тој момент додека социјалните врски и интеракцијата не станат евидентни. Токму затоа, дијагнозата обично не е можна се до петтата година.

## *2) Аутистичен спектар*

Концептот аутистичен спектар го означува големиот број на симптоми кои индивидуата може да ги искуси. Од една страна, некои деца изискуваат многу специјализирана грижа и провизија која сигурно ќе продолжи и во текот на возрасниот живот. Од друга страна, како друга екстремност, има деца кои можат да бидат успешно вклучени во редовни училишта, па дури да стигнат и до високо образование. Овој факт ја потенцира важноста на индивидуалната проценка и планирањето на интервенцијата, како и потребата од избегнување правење на претпоставки или генерализации по однос на однесувањата, вештините и прогнозите на индивидуите кои имаат дијагноза на Аутизам или Аспергер синдром.

---

[30] Трајковски, В., 2011: „Аутизам и первазивни развојни нарушувања“, Философски факултет, Институт за дефектологија, Скопје.
[31] Сојуз на дефектолози на Република Македонија, “Како до инклузивна општина?” - Прирачник за вработените во единиците на локалната самоуправа,Скопје 2012.

### *3) Хиперкинетичко растројство со дефицит на внимание (Attention deficit hyperactivity disorder – ADHD)*

Хиперактивно нарушување со дефицит на внимание (ADHD) претставува едно од најчестите нарушувања во детската возраст кое често може да продолжи и во адолесценцијата и повозрасната доба. На лицата со ADHD се гледа како на лица со несоодветен развоен степен на внимание, преголема активност и импулсивност кое создава самосвесно однесување, планирање и организација. Лицата со ADHD имаат проблем со организирање на времето, често каснат при извршување на задачите, потребно е да изберат подинамичан работа и често ја менуваат работата. Во светот, во рамки на додипломските и последипломските студии, 15% од студентите се со ADHD[32].

Постојат 3 основни вида на ADHD[33]:

- Дефицит на внимание/хиперактивно нарушување, комбиниран вид – доколку постојат 6 или повеќе симптоми на невнимание и 6 или повеќе симптоми на хиперактивност,
- Дефицит на внимание/хиперактивно нарушување, со доминантно невнимание – 6 или повеќе симптоми на невнимание и помалку од 6 симптоми на хиперактивност,
- Дефицит на внимание/хиперактивно нарушување, со доминантен хиперективен-импулсивен тип - 6 или повеќе симптоми на хиперактивност и помалку од 6 симптоми на невнимание.

Карактеристиките на лицата со дијагностициран ADHD може да опфатат, но не и да се ограничат на следните:[34]

- Неспособност да се задржи на задача;
- Лесно му се одвлекува вниманието;
- Лошо манипулира со времето;
- Потешкотии во подготовките на училишните задачи, да дојде на претходно утврдена средба, да дојде на час навреме;
- Потешкотиии во разбирањето на она што го чита;
- Потешкотии со математички проблеми каде е потребна промена на активноста, операцијата и редоследот;
- Неможност да слуша селективно ве текот на часот, што доведува до проблем со фаќање забелешки;
- Нема организација во работата, особено писмената работа и поставените прашања;
- Потешкотии да следи упатства, да слуша и да се концентрира;
- Импулсивно ги дава одговорите;
- Има лош ракопис.

## Поим и главни карактеристики на лицата со комбинирани пречки во развојот

Според член 12 од Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во психичкиот или физичкиот развој лице со повеќе видови на пречки – со комбинирани пречки во развојот се смета лице кај кое се присутни две или повеќе пречки во развојот наведени во

---

[32] Прилагодено според: Glavas, L., urednik (2012), Zbirka priručnika 'Studenti s invaliditetom', Sveučilište u Zagrebu, Zagreb, стр. 174

[33] ibid, стр. 270- 306.

[34] http://web.jhu.edu/disabilities/faculty/types_of_disabilities/adhd.html.

овој Правилник. Мултипло/повеќекратно оштетување можеме да го наречеме она оштетување[35] кое со својата комбинација доведува до радикална девијација на социјалното поле на повеќекратно оштетената личност и како такво бара квалитативно приспособен третман во однос на самото примарно оштетување. Овие лица може да се поделат во четири групи:

- лица со мултипло оштетување со доминантна ретардација;
- мултипло оштетување со доминантно оштетување на слух;
- мултипло оштетување со доминантно оштетување на вид;
- мултипло оштетување со доминантно телесно оштетување;
- мултипло оштетување со неодредена доминантност.

[35] Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска -Трајковска "Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје 2008, Филозофски Факултет – Институт за дефектологија.

# Глава 3:

# Кој е правиот пристап? Бон-тон кон лицата со инвалидност: Етика во образованието на студентите со инвалидност[1]

**Автори: Даниела Стојановска – Џинговска[2], Ивана Билиќ[3]**

**Од Вас, како професори, педагошки работници, особено од Вас кои имате повеќегодишнио работно искуство, пред сé, се очекува да бидете луѓе во вистинска смисла на зборот. Луѓе, кои анализирајќи се длабоко во себе, ги апсолвирале и надминале предрасудите, стереотипите и стереотипните однесувања кон сите РАЗЛИЧНОСТИ И ДРУГОСТИ. Почнувајќи од боја на кожа, раса, религија, сексуална ориентација, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ПО ОДНОС НА ХЕНДИКЕПОТ.**

**Уште повеќе, неоптоварени од таквите предрасуди, се очекува на своите студенти да им го понудите својот максимум, со цел да им го пренесете своето знаење и искуство, но и од нив да направите во што поголем број ЛУЃЕ, ЛИЧНОСТИ ВО ВИСТИНСКА СМИСЛА НА ЗБОРОТ.**

**Сепак, во овој прирачник ќе се осмелиме да Ве прашаме:**

- **Дали во Вашата досегашна пракса, сте сретнале лице со било кој од горенаведените видови и степени на хендикеп?**
- **Дали во Вашата досегашна пракса, сте имале среќа да сретнете или имате студент со било кој од горенаведените видови и степени на хендикеп?**
- **Ако во Вашата досегашна пракса, сте ја имале таа среќа и чест да работите со студент кој има било кој од горенаведените видови и степени на хендикеп, дали Ви била потребна дополнителна помош и информација за да му/и помогнете на студентот?**

Целта на овој прирачник е да ги одговори најбитните прашања на оние кои се „условно без“ некаков инвалидитет, за тоа каков треба да е пристапот кон оние лица кои имаат некаков инвалидитет. Овој краток преглед за различните видови инвалидност/ попреченост има за цел, да го запознае наставниот и ненаставниот кадар на факултетите со овие специфични состојби/нарушувања и да им помогне во иднина, тие подобро да ги разбираат студентите со различни попречености во текот на нивното студирање. Овој материјал може исто така да го користат и сите заинтересирани, нивните пријатели, семејства, колеги, работодавачи итн.[4]

---

[1] Согласно Уставот на Р. Македонија, се применува терминот “инвалидност”. Сепак, земајќи ги предвид сугестиите од стручните лица и самите лица со хендикеп, во оваа публикација рамноправно ќе бидат користени и термините “попреченост” и “хендикеп”. Објаснувањето за оправданоста на овој приод е подетално разработен во Глава 1: Воведот на оваа публикација. (Заб. уредн.)

[2] Даниела Стојановска – Џинговска, B. Sc. по дефектологија, претседател на Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје, Македонија, e-mail: stojanovskad@gmail.com.

[3] Д-р Ивана Билиќ, D.Sc. по економија, е доцент при Економскиот факултет, Универзитет во Сплит, e-mail: ibilic@efst.hr, ivanab13@yahoo.com.

[4] Брошура “Бон Тон” Здружение на студенти и младици со хендикеп – Скопје, македонско издание (hard-copy верзија) и Удружење студената и младих – Србија “Бон Тон“- (hard-copy српска верзија) и интернет издание на http://www.ush.rs/lat/izdavastvo.html, www.iskra.org.rs/biblioteka_files/bonton.pdf.

- Постојат некои мали нешта/ситници на кои треба да се обрне внимание, со цел меѓусебната комуникација студент – професор да биде што полесна и послободна.
- Обраќањето кон лицата со хендикеп не е тешко, не боли и не бара вложување на многу труд, а уште повеќе не претставува посебен напор.
- Сепак, стравот од непознатото, предрасудите, неинформираноста и неупатеноста или пак презаштитничкиот став и грижа кон овие лица често ја оневозможува правилната комуникација со овие студенти. Поради погрешниот пристап кон овие студенти/лица воопшто, претераната грижа кон нив, често доведува до насилно давање на помош и поддршка во момент кога поддршката воопшто не е потребна и на начин кој може понекогаш дури и да ја повреди личноста со хендикеп.
- Однесувањето кон студентите/лицата со хендикеп треба да е сосема нормално и тие треба да се третираат како рамноправни со сите останати лица/студенти, зошто навистина, тие тоа и се, рамноправни сограѓани!!! **Хендикепот не е болест, туку само состојба**.
- При првата средба со студент со хендикеп, не треба да се покаже сожалување во пристапот и комуникацијата и при обраќањето не треба да се користат термини во деминутив од типот на "душичке","срценце", "мила" "злато", дури употреба и на деминутиви кај личните имиња како на пример Жарко-Жарче, Искра-Искриче, Даниела-Даниелче, итн.
- Во ситуација кога помислуваме дека на студентот со хендикеп му/и е потребна помош, секогаш треба да се праша студентот дали таа навистина му е потребна и кој е најдобриот начин за да му/и се помогне.
- Обраќањата треба да се насочени директно кон студентот со хендикеп, а не кон неговиот родител, партнер, пријател, толкувач или личен асистент. Не треба да се практикува одвивање на разговори во кабинетот на професорот насамо со родителот, старателот или персоналниот асистент за обврските на студентот поврзани со факултетот, додека студентот со хендикеп чека во ходникот.
- Не треба да се има воздршка за употребата на изразите од типот "Се гледаме!", "Те поздравувам и трчам понатаму!", "Се слушаме!", без оглед за каков тип на хендикеп се работи кај личноста со која се води разговорот и воопшто не треба да се има страв и непријатност од употреба на било која вакваи слична фраза.
- При зборување и обраќање кон лицето со хендикеп, не треба да се користи најчесто употребуваниот термин "ИНВАЛИД“. Коренот, потеклото на овој збор е од латинскиот збор "INVALIDUS“ што значи невалиден, невреден, немоќен, слаб. Примената на овој збор доведува до тоа социјалната средина да креира атмосфера која ја оспорува секоја способност на студентот /лицето со хендикеп, а дополнително асоцира на сожалување.
- Голем број на лица со хендикеп за навредлив го сметаат и изразот лица со посебни потреби. Овој термин е употреблив за целата популација, сите имаат некои свои посебни потреби во секојдневниот живот, без оглед на фактот дали имаат хендикеп или не. Секој човек има потреба за движење и од едно место да стигне на друго. Некој ќе оди споро некој брзо, некој ќе вози велосипед, некој автомобил, а некој ќе вози инвалидска количка или пак патерици како помагала и со нив ќе се движи. **Сите ние имаме исти потреби само начинот на задоволување на тие потреби е различен.**
- Секогаш треба да се користат зборови чиј облик асоцира на активност на пр. таа/тој е корисник на инвалидска количка, а не таа/тој е човек во количка или пак е прикован за количка.
- На личноста со определен вид на инвалидитет, не треба да и се поставуваат индискретни прашања поврзани со нејзиниот хендикеп, освен ако со таа личност не постои некаква блиска релација и ако истата самостојно го иницирала тој разговор.

- Потребно е да се биде трпелив и да се земе предвид дека на студентот со хендикеп можеби му е потребно повеќе време нешто да сработи, да реши некоја задача или да одговори на писмениот дел од испитот. Согласно со тоа, на студентот со хендикеп секогаш треба да му/и се обезбеди неопходното потребно време. (Ова се однесува скоро на сите видови на хендикеп).
- Не е целисходно претераното фалење на личноста со хендикеп за добро завршените секојдневни активности.
- Никогаш не треба да се дозволи хендикепот да има било какво влијание врз формирањето на оценката кај студентот со хендикеп, т.е. колку што е можно повеќе, потребно е оценката да соодветствува со реалното знаење и капацитет на студентот.
- Само ако од лицето со хендикеп сте учтиво замолени да ги прифатите неговите помагала (патерици, стап или инвалидска количка) за да му помогнете направете го тоа, во спротивно немојте. Не се потпирајте на инвалидската количка бидејќи таа е дел од личниот простор на оној кој ја користи. Оставете доволно простор за поминување на личноста која користи било какво помагало.
- Доколку на факултетот/универзитетот каде студира студентот со хендикеп не постои обележано паркинг место, потребно е да се разговара со надлежните, со цел да се обезбеди обележување барем едно паркинг место и истото секогаш треба да е слободно да се користи од лицето за кое што е наменето.

## Прв контакт со лице/ студент со оштетен слух

Подолу поместуваме некои прилагодувања кои може да бидат многу корисни и би помогнале лицата со оштетен слух да се стекнат со универзитетска диплома, како што се:

- Во реализацијата на наставната програма професорот прво треба да се погрижи за наоѓање на погодно место за седење во предавалната за студентот со оштетен слух да може да го чита неговиот говор од уста.
- Студентот/ката треба да седи на место од каде има добар преглед на предавачот, толкувачот и таблата како и непречен поглед кон лицето и устата на предавачот.
- Најчести наставни методи кои треба да се користат при излагањето на наставната содржина се: метод на демонстрација, покажување и набљудување каде што посебно треба да се стави акцент на поими и појави кои се апстрактни, користете што е можно повеќе визуелни помагала.
- Во организирањето на наставата неопходно е професорот да одвои малку време по часовите или во термините за консултации за индивидуален пристап кон студентот и поддршка и дообјаснување на нејасните наставни содржини.
- Дополненија на усните предавања, задачи и упатства дадени во писмена форма. Пожелно е истите бидат дадени претходно како би можел студентот да се концентрира на следење на толкувачот отколку истовремено да го чита или копира новиот материјал.
- Визуелни помагала. секогаш кога тоа е можно, вклучувајќи титлувани верзии од видео или филм.
- Користење на мал рефлектор за да може да се гледа толкувачот во текот на проекцијата на филмови и слајдови.
- Повторувањето е еден од основните начини за утврдување на стекнатото знаење кај студентите со оштетен слух.
- Повторување на прашањата и коментарите од другите студенти.

- Постапноста и етапното излагање на новите наставните содржини е метод за совладување на содржините.
- Излагањето на професорот треба секогаш да биде кратко, јасно, концизно со претходно познати термини за студентот. Доколку професорот употребува нови непознати термини неоходно е да следи разбирливо објаснување со конкретни термини па дури и користење на визуелни помагала. Професорот мора секогаш да биде свртен со лицето кон студентот со оштетен слух за тој да ги гледа неговите усни и нормално да чита од нив. Зборувањето да биде со нормален интензитет (да не говори многу гласно или дури и да не вика за студентот да чуе или да не му се зборува директно на уво, мислејќи дека така подобро ќе чуе и разбере) и брзината на говорење да биде нормална (да не зборува брзо за да може да биде разбран).
- Кога професорот предава некоја наставна содржина неопходно е сé што зборува да запишува на табла или уште подобро за секоја наставна содржина која во моментот ја предава, да има подготвено PowerPoint презентација или материјал во електронска форма или печатена верзија.
- Доколку студентот Ви се обрати со прашања внимателно слушајте, концентрирајте се и обидете се да го разберете (бидејќи за лицата со оштетен слух, најчесто и кога имаат солиден и добро разбирлив говор, постојат зборови кои тешко се разбираат), задолжително побарајте студентот да Ви го повтори она кое Вие не сте го разбрале, но никако не глумете дека и по повторувањето сте го разбрале, ако не сте го разбрале, подобро дури и дајте му да Ви го напише она што не го разбирате.
- Не се трудете Вие наместо лицето да ја завршите реченицата по ваша претпоставка дека знаете што сака да каже.
- Утврдувањето и проверката на знаењата треба да оди или (1) по усмен пат, ако студентот и покрај оштетувањето на слухот, со користење на слушен амплификатор (апарат) добро говори и не се чувствува инфериорно при говорењето, или пак (2) доколку професорот утврди дека студентот поради оштетувањето на слухот не може адекватно да одговори на наставната програма, испитот може да се спроведе по писмен пат со претходно подготвени тестови од страна на професорот, согласно можностите на студентот. Во секој (друг) случај, тестовите и за овој студент треба да бидат комплетно идентични со тестовите за останатите студенти.
- Прилагодувањето во однос на тестот може да опфати: пристап до компјутерска апликација за обработка на текст (word processor), користење на толкувач за упатствата.
- Да се обезбеди објаснување не непознатите зборови во писмена форма, на таблата или во печатена форма.
- Да се користи е-пошта, факс или компјутерска апликација за обработка на текст при консултациите со професорот.
- Визуелен систем на предупредување при итни случаи во самата зграда.
- Симултана (real-time) транскрипција при што наставникот користи микрофон, а транскриптот на текстот оди на компјутерскиот екран на студентот.
- Апликација за фаќање забелешки во текот на предавањето како би можел студентот да го следи толкувачот.
- Ако студентот е со целосно оштетување на слухот, првата поддршка која професорот може да му ја даде на студентот (ако не го знае знаковниот јазик) е во меѓусебната комуникација да се допишуваат со ливчиња на кои едниот ќе поставува прашања, а другиот ќе одговара и обратно.

- Ако образовната институција нема обезбедено толкувач на знаковен јазик, неопходно е во комуникацијата со студентот професорот да дозволи присуство на член од семејството кој го знае знаковниот јазик и кој ќе го толкува говорот на студентот.
- Доколку во иста група на студии има студент кој го разбира и го зборува знаковниот јазик, во почетокот, професорот може да го користи неговото знаење. Доколку се работи за полагање на испит, а лицето поради некоја објективна причина не можело да го оствари правото на овластен толкувач на знаковен јазик треба да го земе предвид знаењето на студентот со хендикеп без воопшто да се јавува сомнеж во веродостојноста на одговорот на студентот со оштетен слух. За толкувањето студентот од професорот може да добие неколку наградни кредити.
- Секако, неопходно, најсоодветно и законски најправилно е професорот и студентот да се залагаат за присуство на овластен толкувач на знаковен јазик во процесот на следење на наставата и испитите или дефектолог кој го познава знаковниот јазик. (Трошоците за неговиот ангажман ги покрива Министерството за труд и социјална политика преку Сојузот на глуви и наглуви лица на Р.М, подетално ќе биде објаснето во Глава 5).

На крајот од овој поднаслов, да се потсетиме на некои многу успешни глуви личности:[5] **Франциско Гоја** (**Francisco Goya**) (шпански сликар); **Миха Зупан** (**Miha Zupan)** (словеначки кошаркар), **Томас Алва Едисон (Thomas Alva Edison)** (американски изумител); **Лудивг Ван Бетовен (Ludwig Van Beethoven) (**композитор и изведувач**); Келер (Keller)** (автор, активист и предавач) и многу други.

## Прв контакт со лице/ студент со оштетен вид

Најважно од сé е, при првиот контакт со студент со оштетен вид, професорот да се претстави јасно, кој е, што предава, кога и каде ќе се одржуваат неговите предавања и консултации, во колку часот, во која предавална и сл.

- Претходно известување за распоредот на часовите и/или промена на предавалната.
- Ако е потребно, претставете се на почетокот на разговорот и известете го студентот/ката кога излегувате од просторијата.
- Невербалните сигнали зависат од добра визуелна перцепција. Вербално истакнатите клучни моменти во текот на разговорот ја олеснуваат комуникацијата.
- Студентот може да користи куче-водач[6] или бел стап како помош при движењето. Кучето-водач е работно животно и не треба да се смета како галениче.
- Кога водите или одите покрај студент, вербално понудете го својот наместо да го зграбите неговиот/нејзиниот лакот.
- Доколку студентот е со делумно оштетување на видот (слабовид) професорот треба да најде место во предавалната, веднаш напред, наспроти него, за адекватно следење на наставата.
- Ако студентот е со целосно оштетување на видот, посебен акцент треба да обрне на ориентација на просторот, да му подаде рака и да се праша како му е најзгодно за движење, во пар и заедно.

---

[5] http://www.disabled-world.com/artman/publish/famous-deaf.shtml

[6] Во Р. Македонија, поради низа причини од објективен и субјективен карактер, вклучително и недоволна дефинираност во легислативата, користењето на куче-водач се уште не се применува во голема мерка или скоро воопшто.

- При првично запознавање со просторот во училницата/предавалната/канцеларијата, потребно е со бавно движење, на студентот да му се покаже просторот, допирајќи ги сите предмети во него, а сето тоа да биде проследено со објаснување, на пр. „ова се наоѓа од твојата лева страна“ итн. (ова се однесува и за студентите со потешка слабовидост). Со ова дополнително се стимулира физичката активност кај овие студенти, бидејќи поради недостатокот на визуелна перцепција ваквата активност е значително намалена.
- Совладувањето на просторот и ориентацијата во него не е краткотраен процес, па затоа, во недостаток на личен асистент, може да се задолжи еден студент од групата, да работи со него, а задолжениот студент може да биде награден со неколку кредити. Истото се однесува и на периодот додека овој студент не ангажира свој овластен личен асистент кој ќе му биде и асистент за во лабараторија.
- При обработката на наставните содржини, колку е можно повеќе да се применуваат аудитивни и тактилни помагала за студентот, што е можно повеќе тактилно да го опсервира предметот или предметната материја која е објект на обработка за таа наставна единица.
- Читање на глас на материјалите од презентации, табла или во печатена форма.
- Вербално опишување на активностите на часот, на пример, кога наставникот побара да се крене рака, да се наведе колку раце се кренати.
- Асистивни технологии кои се користат од студенти со попреченост на видот:[7]
    - Магнетофон, лаптоп компјутер или таблет и стајлус пенкало за фаќање забелешки;
    - Читач на екран и уред за глас – овозможува студентот/ката да ја слушнат информацијата од екранот или документи;
    - Електронски тетратки – посебни лаптопи кои ја трансформираат писмената информација во звучна;
    - Програми за зголемување на содржината на екранот и лупи (уреди за зголемување).
- По обработката на наставната содржина за лицата со целосно оштетување на видот, неопходно е професорот да има електронска верзија од предавањето/та бидејќи тие за учење користат сопствен компјутер со инсталиран ЧИТАЧ НА ГОВОР ОД ЕКРАН на македоснки/хрватски или друг јазик или друг UNREADER. За слабовидите лица, подготвен материјал со зголемен фонт на букви и дадени теми со покрупни печатни букви, прилагодување на компјутерот во поглед на зголемен фонт, синтетизатор за говор и печатач на Браево писмо.
- Алтернативен формат на тестовите, како на пример, снимени на лента, поголем фонт или Браево писмо, користење на читачи, писмена форма, одговори снимени на лента, продолжено време, адаптиран персонален сметач или затвотен ТВ канал.
- Се препорачува да се праша студентот кој фонт на букви одговара на неговиот степен на оштетување (слабовидоста сама по себе има варијации).
- Претходно креирање на наставни планови и програми како би се овозможило доволно време за пренос на истите во алтернативни формати.
- Се препорачува сугерирање и иницирање постапка на соодветниот универзитет, на секоја група на студии на различните факултети во библиотеките да има барем по еден компјутер со инсталирана звучна програма - читач на говор од екран на македонски јазик.

---

[7] Kis-Glavas, L., urednik (2012), Zbirka priručnika 'Studenti s invaliditetom', Sveučilište u Zagrebu, Zagreb.

- Во консултација со студентот со делумно оштетување на видот, ако постојат услови за тоа, потребно е да се набави лупа како помагало во наставата, која согласно сугестиите од студентот ќе е најпогодна и најапликативна за неговиот степен на оштетување.
- Да се користат црни букви на бела или бледо-жолта хартија за да се постигне максимален контраст.
- Проверката и утврдувањето на знаењата на испитите или на практичните часови порано се изведуваше само по усмен пат. Со напредокот на компјутерската технологија, на лицата со комплетно оштетување на видот сега им е овозможено без никаков проблем да одговорат на тестовите, било да станува збор за задачи или за теорија. Препорачуваме, персоналниот сметач секогаш да се користи како алтернативна форма за пишување.
- Лицата со оштетен вид или попреченост на видот да не се лишуваат од писмен испит. Потребно е само да им се даде онолку време колку што им е потребно за одговарање на тестот. Потребно е да се обрне посебно внимание на слабовидите студенти кои често имаат посиромашен говор и од некои слепи лица, па согласно тоа, тие треба да се стимулираат да полагаат усмено.
- Поради обемноста на испитот и неможноста овој студент во дадениот рок да го прочита целиот материјал, кога станува збор за слабовиди студенти, секогаш треба да се покаже подготвеност за промена/прилагодување на датумот на полагање на испитите.
- Да се разработат претходно посебните потреби во случај на теренска настава или други вон-класни активности.
- Да му се помогне на студентот при означување на лабораториските материјали како би можеле истите лесно да се идентификуваат.
- Асистивна лабораториска опрема (на пр., говорни термометри и калкулатори, мерни сонди и тактилни тајмери (работат на допир).
- Рељефни цртежи и тактилни модели на графичките материјали.
- Видео материјали со звучен запис.
- Да се запознае студентот/ката со распоредот во училницата или лабораторијата, да се објасни каде се најблиските излези за итни случаи и како да се пронајде опремата за итни случаи.
- Да се праша студентот дали тој/таа има потреба од некаква помош при евакуација во итни случаи и ако е потребно да се направи план за истото.
- Сите соопштенија поврзани со соодветните предмети, се препорачува, освен на огласната табла, гласно да бидат повторени после секое предавање, а дополнително да се објават и на web страната на факултетот/универзитетот.
- Излагања треба секогаш да бидат кратки, јасни, концизни со нормален интензитет и брзина.
- Она што општеството и надлежните би требало да го овозможат да биде воведено е на лицата со делумно и/или целосно оштетување на видот да им се дозволи и овозможи користење на куче водач. Уште повеќе, во законската регулатива, подзаконските акти и правилници, потребно е да се предвиди дека лицето кое користи куче водач ќе има потреба од користење на јавен превоз, такси возила, да се образува, да учествува и/или присуствува на културни и спортски настани и сл., па согласно тоа дека и на кучето ќе треба да му биде дозволен пристап на соодветните локации.

На крајот од овој поднаслов, да се потсетиме на некои многу успешни и познати личности со овој вид инвалидност, кои веќе потврдија дека нивната инвалидност/попреченост не е ограничување за успех во животот и кариерата[8]: **Хелен Келер** (**Helen Keller)** (автор, активист и предавач); **Стиви Вондер** (**Stevie Wonder)** (американски пејач-автор на песни, мулти инструменталист и продуцент); **Франклин Делано Рузвелт (Franklin Delano Roosevelt)** (32-риот Претседател на САД); **Луи Брај (Louis Braille)** (изумител и создавач на Браевото писмо); **Галиелео Галилеј (Galileo Galilei), Клод Моне (Claude Monet)** итн.

## Прв контакт со лице/ студент со телесна инвалидност

Прво, се осврнуваме на неколку многу битни општи начела кои намерно не се споменати во општиот бон-тон за оваа група на лица со хендикеп, а до кои професорот треба да се придржува при контактот со студент со телесна инвалидност, а тоа се:

- При првиот контакт со студентот, обземен од доживувањето и рефлексијата на визуелната перцепција, професорот никако не смее да си дозволи да донесе заклучок дека овој студент покрај/поради телесната инвалидност задолжително има и интелектуална попреченост. Т.е. судејќи само по првиот впечаток, не треба веднаш да се прилагодува говорот и однесувањето согласно "некое замислено или проценето ниво на развој" за оваа личност.
- При запознавањето со студент кој има ампутирана рака, квадриплегија (парализа и на горните и на долните екстремитети) или користи протеза наместо рака или дланка, не треба да се избегнува ракувањето. Ракувањето може да се оствари со допир, со здравата рака или онака како што и е најдобро на личноста со хендикеп.
- Ако разговорот со студент/ка кој/а е корисник на инвалидска количка трае подолго време, се препорачува и другата страна (професорот/студентот) да седне за да биде овозможен контактот со очите и тој да е во висина на неговите/нејзините очи, за тој /таа да не се напрега.
- Студентите со телесна инвалидност, во најголем процент, се лица со комплетно зачувани интелектуални способности и капацитети и поради тоа не бараат некаква посебна адаптација на наставната содржина, туку само имаат потреба од адаптации на оптималните просторни услови во пред-просторот и во самиот простор каде што се изведува наставата. Овие прилагодувања се однесуваат на:
    - Комплетно пристапен надворешен простор пред универзитетот/факултетот решен со рампа изградена по сите норми и стандарди за градба и обезбедува непречен влез на инвалидска количка што значи дека лицето нема да треба да помине ни еден најмал архитектонски праг, а камоли скала.
    - Комплетно пристапен внатрешен простор решен со поставен лифт кој оди до најгорните катови на зградата.
    - Најмалку еден комплетно пристапен тоалет по сите норми и стандарди за градба кој ќе обезбеди непречен влез на инвалидска количка што значи дека лицето нема да треба да помине ни еден најмал архитектонски праг, а камоли скала.
    - Секаде каде што постојат скали во објектот да бидат поставени и ракофати (држачи).

**Што може професорот да стори кога некои од овие услови за пристапност не се задоволени?**

---

[8] http://www.disabled-world.com/artman/publish/famous-blind.shtml.

- Освен што континуирано, заедно со студентите кои имаат хендикеп, треба да се бори универзитетот по секоја цена да ги задоволи сите критериуми по однос на пристапноста на целиот објект, професорот може:
- да ја прилагоди целата настава за групите во кои се наоѓаат студентите со хендикеп да се одвива на долниот спрат,
- да одбере предавална чија широчина на врата ќе ги задоволува стандардите за влез на инвалидска количка и во неа да има доволно простор за маневрирање со било кое помагало (влегување, излегување, разминување)
- доколку поради природата на телесната инвалидност, за некој студент е неопходно да се набави специјален стол и клупа за следење на наставата, тоа веднаш да се стори,
- да води сметка на спратот да има пристоен тоалет (во услови на недостаток од адаптиран) кој барем со поддршка од друго лице студентот ќе може секојдневно да го користи,
- секогаш, заради непречено маневрирање со инвалидската количка и/или со секое друго ортопедско помагало, да води сметка во првите редови од предавалната да се остави простор за инвалидска количка и во тој простор да има помалку столчиња.

Иако, при обработката на наставната содржина не се бараат некои посебни адаптации, сепак постојат одредени незначителни прилагодувања кои може и би требало да се направат, т.е.:

- Во недостаток на личен асистент за совладување на сите пречки во однос на физичката непристапност на објектот, професорот може да задолжи еден студент од групата, привремено да биде личен асистент, сé додека не се најде овластен личен асистент. Соодветниот студент би можело да биде награден со неколку кредити.
- По обработката на наставната содржина неопходно е да имате печатена верзија од материјалот особено ако користите диктирање бидејќи некои лица со телесна инвалидност имаат проблеми со развојот на моториката на горните екстремитети и тоа фината моторика, онаа на прстите и многу бавно пишуваат.
- Персоналниот сметач секогаш користете го како алтернативна форма за пишување, дозволете негово хардверско и софтверско адаптирање, апликација за пишување што се активира на глас, опција за предвидување на зборот, модификација на тастатурата и/или глушецот, снимени текстови[9].
- Проверката и утврдувањето на знаењата на испитите или на практичните часови порано се изведуваше само по усмен пат, но сега со персонален сметач, лицата со телесна инвалидност можат без никаков проблем да одговорат на тестовите, било да се работи за задачи или теорија.
- Лицата со телесен инвалидитет не треба да се лишуваат од писмен испит. Ним само им е потребно да им се обезбеди онолку време колку што им е потребно за одговарање на тестот.
- Сите соопштенија врзани со Вашиот предмет кога ќе ги објавувате на огласната табла трудете се да ги закачите во висина на инвалидска количка или пак и самата огласна табла прилагодете ја на таа висина и секако објавувајте ги редовно на web страната на факултетот/универзитетот.
- Кога факултетот по својата студиска програма бара доста практична работа надвор од просториите на факултетот (на други факултети, лаборатории, фирми, сали, соби итн.) нека користи и асистент во лабараторија, немојте во никој случај комплетно да го

[9] Невладина организација (НВО) “Отворете ги прозорците“ за хардверски и совтферски прилагодувања за лица со хендикеп www.openthewindows.org.

ослободите студентот од практицирање на овие часови и давање на потребниот број кредити и без нив, туку најдете адекватна просторија за изведување на оваа настава која во целост ќе ги задоволи потребите на студентот со хендикеп.

- Лабораториски или работни маси што може да се прилагодуваат.
- Претходно планирање на теренската настава како би се обезбедило истата да е пристапна.
- Ова важи за сите типови на хендикеп не само за телесната инвалидност, но истакнато е овде токму поради фактот што студентот со телесна инвадност мора да вложи поголем физички напор за следење на оваа настава, а телесната инвалидност во никој случај не останува незабележана од страна на професорите.

Познати луѓе кои се погодени со некаков вид телесна инвалидност:[10]

- Спина бифида: **Фрида Кало (Frida Khalo)** (мексиканска сликарка); **Џуди Вудраф (Judy Woodruff) (**одговорен кореспондент во Белата Куќа за ЕнБиСи); **Џин Дрискол (Jean Driscoll)** (спортистка; професионален гласноговорник) итн.,
- Церебрална парализа: **Гери Џуел** (**Geri Jewell)** (комичарка и актерка); **Кристи Браун (Christy Brown)** (ирски, автор, сликар и поет); **Крис Фонсека (Chris Fonseca)** (комичар) итн.
- Амиотрофична латерална склероза: **Мао Це Тунг (Mao Zedong) (**кинески воен и политички водач); **Лу Гериг (Lou Gehrig) (**американски бејзбол играч);
- Полио: **Франклин Делано Рузвелт** (**Franklin Delano Roosevelt)** (32ри Претседател на САД); **Мија Фароу (Mia Farrow) (**актерка); **Вилма Рудолф** (**Wilma Rudolph**) (американска атлетичарка, прва жена која има освоено 3 златни медали во атлетика на една олимпијада),
- Лица кои користат инвалидска количка: **Кристофер Рив** (**Christopher Reeve)** (американски актер); **Франклин Делано Рузвелт (Franklin Delano Roosevelt); Стивен Хокинг (Stephen Hawking)** (професор).

## Прв контакт со лица/ студенти со пречки во интелектуалниот (менталниот развој) и лицата со аутизам

Иако во Република Македонија и во Хрватска, поради природата на оштетувањето, степенот на интелектуалниот дефицит и специфичностите кои тој ги следи, а кои беа претходно објаснети во Глава 2, лицата со пречки во интелектуалниот (менталнот развој) и лицата со аутизам многу ретко или скоро воопшто не го достигнуваат степенот на високото образование, сепак постојат неколку случаи кои успеале во тоа и кои нé обврзуваат да објасниме како би требало кон нив да се однесуваат. Професорите:

- При реализацијата на наставата треба да се употребуваат материјали кои ќе бидат многу интересни и ќе го задржат вниманието на студентот.
- Излагања треба секогаш да бидат кратки, конкретни, јасни, со употреба на едноставни термини и поими.
- При обработка на нови наставни содржини задолжително треба да се употребуваат поголем број на нагледни средства.

[10] http://www.disabled-world.com/artman/publish/article_0060.shtml.

- Методите на демонстрација и покажување треба постојано да се применуваат, наставната содржина или дадена тема треба да се повторува повеќе пати, со цел полесно и побрзо да се запомни и усвои.
- Утврдувањето и проверувањето на знаењата на испитите може да се врши писмено и усно, преку претходно подготвени тестови, прашања согласно индивидуалните можности на студентот.
- Во почести случаи, усната проверка да се прави со покажување, набројување на поими или објаснување со поедноставни операции и со асистирање од страна на предавачот.
- Потребно е ангажирање на личен асистент во настава, задолжително дефектолог по вокација кој ќе биде постојано присутен во текот на наставниот процес, но тука и како ТУТОР/ МЕНТОР со кој овие лица ќе го совладуваат наставниот материјал.
- Комплексноста на целиот овој процес бара постојана комуникација и координација со родителите, како и со деканските управи доколку се појави потреба од ангажирање на стручни тимови.
- Многу е веројатно дека студентите со психички растројства не би се чувствувале пријатно доколку биде откриена специфичноста на нивното растројство.
- Само доколку студентот е отворен и подготвен да споделува за начинот на кој му/и делува неговото/нејзиното растројство во текот на студирањето и кои прилагодувања би помогнале.
- Со третман и поддршка повеќето студенти со психички растројства можат да се справат со својата ментална состојба и да имаат корист од студиите.
- Доколку студентите/ките имаат потреба од советување во поглед на проблеми поврзани со растројството, охрабрете ги да разговараат за своите проблеми со Координаторот за инвалидност/попреченост.
- Понекогаш студентите имаат потреба да ги проверат своите перцепции на ситуација или информација што сте ја претставиле на часот како би потврдиле дека се на добар пат да го разберат тоа.
- Задачи поврзани со меморијата, како што се спелување, математика и постепени инструкции можеби полесно ќе се сфатат доколку истите бидат разложени на помали единици (задачи).
- Поспаност, замор, губење на меморијата и пократко време за одговор може да се последица од пропишаните лекови.

**Прилагодувања што би му помогнале на студент/ка со ментално заболување (би можеле да опфатат):**

- Продолжено време за испитите;
- Тивко место каде се одвива тестот, без можности за одвлекување на вниманието;
- Испитите се поделени во сегменти со повремени паузи;
- Уреди за фаќање забелешки, читачи или снимачи во училната;
- Користење на персонален сметач или уред за пишување на задачите за испитот;
- Продолжување, некомплетност или откажување во последен момент во случај на пролонгирано заболување;
- Одредена флексибилност во поглед на присутноста во случај на отсуства поврзани со здравјето;

- Внимателно избрано место каде студентот/ката седи (близу вратата или во задниот дел на предавалната);
- Пијалаци дозволени во текот на часот поради лековите што може да предизвикаат жед;
- Да се побара помош од стручно лице во поглед на организацијата на времето и способностите;

Познати личности со ова растројство:[11,12]

- Епилепсија: **Хуго Вивинг (Hugo Weaving)** (актер); **Винсент ван Гог (Vincent van Gogh)** (сликар); **Наполеон Бонапарта (Napoleon Bonaparte)**, **Агата Кристи (Agatha Christie)**; **Александар Велики (Alexander the Great)**; **Леонардо да Винчи** (**Leonardo da Vinci**); **Алфред Нобел (Alfred Nobel)**; **Ричард Бартон (Richard Burton)**
- Опсесивно компулсивно нарушување: **Чарлс Дарвин** (**Charles Darwin**) (природонаучник); **Џесика Алба & Камерон Дијаз** (**Jesica Alba & Cameron Diaz)** (актерки); **Доналд Трамп (Donald Trumph)**; **Никола Тесла; Бил Гејтс (Bill Gates)**, итн.

## Прв контакт со лица/ студенти со хиперкинетичко растројство со дефицит на внимание (Attention deficit hyperactivity disorder – ADHD)

**Стратегии за пристап и оцена што би можеле да бидат од корист кога се работи со студент/ка со ADHD:**[13]

- Бидејќи овие студенти често имаат и проблеми со учењето, прилагодувањата што се прават кај студентите со проблеми во учењето може да се искористат ефикасно и во овој случај.
- Во ефикасни стратегии спаѓа и обезбедувањето можности за студентите да учат со помош на визуелни, звучни помагала и активно учество.

**Прилагодувања (кои може да опфатат):**

- Примероци од забелешките од колегите и/или туторот или од презентациите;
- Продолжено време за испитите;
- Испитите да се во тивка просторија, без можности да се одвлекува вниманието;
- Паузи во текот на испитот; испитот да биде зададен страна по страна или дел по дел;
- Јасен распоред на испитните прашања на хартијата;
- Калкулатор, граматичка проверка, речник, читач и/или уред за пишување во текот на испитите;
- Да се користи празна картичка или хартија како помош при читањето;
- Рекордер и/или лаптоп компјутер;
- Снимен текст и друг материјал во текот на предавањата;
- Да се користи печатени материјали или визуелни помагала;

[11] http://www.disabled-world.com/artman/publish/famous-ocd.shtml.
[12] http://www.celebrities-with-diseases.com/celebrities/bill-gates-richest-man-in-the-world-and-presumed-adhd-sufferer-2044.html.
[13] http://web.jhu.edu/disabilities/faculty/types_of_disabilities/adhd.html.

- Продолжено време на часот за зададените задачи како би се извршила корекција во поглед на спелувањето, интерпукцијата, граматиката;
- Апликација за уредување текст (Word processor) со можност за проверка на напишаното и/или синтетизатор за да се обезбеди звучен фидбек;
- Инструкции или демонстрации прикажани на повеќе начини;
- Концизни усмени инструкции;
- Наставната програма да биде доставена пред почетокот на семестарот;

Дури и некои академски друштва понекогаш се резервирани и ограничени во поглед на размислувањето дека лицата со ADHD можат да студираат. Меѓутоа, познати личности со ADHD потврдуваат дека тие можат да имаат интересна и успешна кариера:[14] **Џастин Тимберлејк (Justin Timberlake)** (пејач)**; Џејми Оливер (Jamie Oliver)** (готвач)**; Вил Смит (Will Smith)** (пејач, актер)**; Џим Кери (Jim Carrey)** (актер)**; Сер Ричард Брансон (Sir Richard Branson)** (основач на компанијата **Virgin)** итн.

## Прв контакт со лица/ студенти со пречки во говорот

Најчести проблеми во следењето на наставната содржина кај овие студенти се од социјална природа, затоа е многу битна улогата на професорот во градењето на правилен позитивен однос кон себе и другите студенти. Помошта и поддршката е потребна и за мотивирање на овие студенти за самостојно изразување и покажување на нивните реални можности и способности.

Обработката на новите наставни содржини не бара посебна адаптација од професорот. Единствено, при испрашувањето потребно е да се примени полагање по писмен пат, но никако да не се занемари и усното испрашување поради стимулација на говорот при неговата употреба и согласно тоа неговиот континуиран развој.

## Прв контакт со студенти/ лица кои имаат емоционални проблеми и лица со потешкотии во учењето

Во Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој[15], не се споменати уште два типа на хендикеп кои се карактеризираат со посебни проблеми, а кои се изразени во текот на целиот наставен процес. Тоа се **лицата кои имаат потешкотии во учењето** и **лицата со емоционални проблеми**. Поради сé почестата појава на овие студенти на факултетите и неможноста на професорите да откријат дека се работи за некакво оштетување, т.е. соодветно да им обрнатат поголемо внимание, овде ќе се задржиме на неколку основни сугестии кои би биле полезни и од помош при работата со овие лица во текот на реализација на наставата и за повисок степен на успешност во истата[16].

### *1) Контакт со студент со емоционални проблеми*[17]

Овие лица имаат одредени карактеристики кои негативно се одразуваат во целиот процес на учење и тоа:

---

[14] http://www.parenting.com/gallery/famous-people-with-add-or-adhd.
[15] Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (Службен весник на РМ бр. 30/2000, 1777-1779).
[16] http://www.youtube.com/watch?v=1iTBu34HtBg&feature=share
[17] Интерен прирачник за професори од СОУ “Димитар Влахов“-Интернет издание Scribd.

- хиперактивност
- агресија
- незрело однесување
- неспособност за социјализација
- депресија
- неправилни видови на однесување под нормални услови
- тенденција да се развијат одредени стравови кои произлегуваат од образовната средина

На овие студенти треба да им се даде поголема слобода на движење и интересни активности кои ќе го окупираат нивното внимание.

Образовната програма треба да биде насочена кон совладување на когнитивните (мисловните) способности, развивање на социјалните вештини, зголемување на свесноста за себе, развивање на позитивна слика за себе и самоконтрола.

## *2) Контакт со лица/ студенти со потешкотии во учењето*[18]

Тешкотиите во учењето можат да се манифестираат со несовршена способност за слушање, размислување, говорење и најмногу во читањето и совладувањето на наставниот материјал - оштетување кое е познато под името **дислексија**, проблеми во пишувањето – **дисграфија** како и потешкотија со математиката позната како **дискалкулија** и разградување на веќе постоечкиот говор.

**Јака страна** на студентите со дислексија претставува добрата визуелна перцепција, оригиналноста, креативноста, интуитивно решавање на проблеми, \`уметнички\` начин на размислување, силно препознавање на глобалниот капацитет. Тие се добри при дискусии и активности во група.[19]

Обично постои расчекор помеѓу достигнувањата на лицето и неговата интелигенција. Поради тоа, во текот на работата со овие студенти, професорот треба:

- врз основа на претходна опсервација и евалуација на реалните можности на студентот да изгради индивидуален пристап на работа и постојано да ги мотивира студентите нагласувајќи ги нивните позитивни аспекти и потенцијали за развој и јакнење на самодовербата, која кај овие лица и на оваа возраст е недоволна или воопшто ја нема;
- во воспитно образовниот процес треба да користи нагледни аудитивни помагала како што е диктафонот и визуелни помагала: слики, илустрации, макети итн.;
- да применува методи на демонстрација, илустрација и покажување, како и постапност во усвојувањето на нови наставни содржини;
- да користи кратки и јасни реченици;
- испитите може да ги изведува писмено и усно, но со конкретни прашања, барања и помош од професорот;
- да употребува материјали кои веднаш даваат повратна информација;

---

[18] Дислексија www.disleksija.rs.
[19] Прилагодено според: Glavas, L., urednik (2012), Zbirka priručnika 'Studenti s invaliditetom', Sveučilište u Zagrebu, Zagreb.

- да го користи персоналниот сметач како алтернативно и/или помошно средство за изразување. За пишување на текст на компјутер постојат одредени стандарди, со што текстот е потполно прилагоден на лицата со дислексија и тоа се:
- да употребува букви san-serif односно букви без кратки цртички на краевите.
- големината на буквите да биде фонт 12, но може и поголема.
- да се зголеми просторот помеѓу буквите и редовите, да се употребуват bold и highlighted букви, додека italic и потцртување на текстот воопшто да не се користи, бидејќи тоа може да предизвика визуелно поврзување, спојување на зборовите.
- изгледот на текстот, односно стилот на пишување, да биде со кратки реченици во кои ќе се избегнуваат големи текстуални целини, а ќе се пишува во многу кратки пасуси, разделен во мали целини;
- редовите да бидат порамнети на левата страна;
- да се настојува текстот да се организира со нумеричко набројување во одвоени редови;
- речениците да се одвојуваат со двоен простор (двојно растојание) и реченицата да не започнува од крајот на редот;
- да се употребуваат широки маргини;
- да се употребуваат наслови и поднаслови и да се остава празен ред помеѓу деловите, пасусите.

**Презентација на информациите за оваа група на лица/студенти**

- При презентацијата на информации, наместо бел лист, да се користи хартија во боја.
- Обликувањето на страниците треба да биде едноставно и не се препорачува користење на слика во позадина или многу различни фонтови, бидејќи тоа ќе го направи текстот многу тежок за читање.
- На леток или плакат на кој се огласува некој настан пожелно е да се групираат основните информации како што се времето и местото на одржување.
- Летоците се идеални за објаснување на некој процес или постапка, а при објаснувањето на некоја постапка, покорисно е примена на нумерирана листа со упатства споредено со континуиран текст.
- Задолжително е објаснување на кратенките и дијалектичките зборови, обезбедување на содржината на почетокот на текстот, како и на индексот на крајот на текстот.
- На огласните табли задолжително да се користи текст напишан на компјутер, а не текст пишуван на рака.
- Поставувањето на плочата под агол (наклонето во вертикалната рамнина) го олеснува читањето.
- Сите овие стандарди се апликативни и за лицата кои имаат оштетување на видот односно потешка слабовидост.

**Обликување на интернет страниците**

- Страницата мора да биде едноставна, а содржината на страната да не е редундантна (пренатрупана).
- Корисно е страницата да може да се чита и offline, при што на корисникот треба да му е јасно кои страници ги посетил и на која се наоѓа во моментот.

- Кај луѓето со потешкотии во читање текст кој се движи предизвикува проблеми.
- Некои корисници преферираат црни или темно сини букви на бела или жолта позадина, нив прашајте ги што им е подобро за да не згрешите.
- Концентрираје се на точноста и јасноста на податокот, не на начинот на изразување.
- Игнорирајте ги нивните грешки во спелувањето и граматиката.
- Приоѓајте кон фактичкото знаење на студентот/ката, при проценката треба да ги опфатите темите што се предмет на предавањата.
- Да им се овозможи на студентите да се изразуваат на начин кој за нив е најприемчив, да пишуваат со големи букви и да им се даде можност да фаќаат забелешки на своите персонални сметачи.
- Ним им е потребно барем уште 30% повеќе време за пишување на испитите, тестовите и практичните вежби.
- Да нема кратки и брзи тестови, за нив е подобро да фаќаат забелешки отколку усмено поставување прашања; да се направи ова секогаш кога тоа е можно.
- Не се препорачуваат прашања со избор од повеќе одговори, како и копирање на одговорите на лист со дадени одговори, пожелно би било есеите да бидат заменети со други начини на пишување тестови.
- Кога тие учат на странски јазик, би требало да им се дозволи значително подолго време и до 50% за читање.

Познати личности со дислексија: **Агата Кристи (Agatha Christie)** (авторка на книги); **Алберт Ајнштајн (Albert Einstein)** (голем физичар и мислител); **Александар Греам Бел (Alexander Graham Bell)** (изумител); **Шер (Cher)** (пејачка и актерка) итн.

# Глава 4

# Од гледна точка на експертите

**Автори: Даниела Стојановска – Џинговска[1], Јерко Марковина[2]**

Поради хетерогената природа на развојните растројства, нивниот третман во развојот кај децата/лицата со хендикеп, потребна е тимска работа и мулстидисциплинарен пристап, што пак изискува вклученост на повеќе различни стручни профили[3].

На секое лице со хендикеп мора да му се посвети огромно внимание и да се опфати со ран третман било тоа да е со:

1. **Патронажна работа во семејствата**[4] – Патронажниот дефектолошки третман во семејството секогаш мора да биде стручен и заснован на тимска работа. Во составот на тимот влегуваат: дефектолог, социјален работник и физиотерапевт.
2. **Институционално** – со рехабилитација во развојни советувалишта или пак во установи за предучилишни деца. Стручните тимови во Развојното советувалиште главно се составени и од други профили, а тоа се: лекар специјалист–педијатар, повеќе медицински сестри, невропсихијатар, оториноларинголог–специјалист, стоматолог, физијатар, по потреба се ангажираат и други стручњаци, кои иако не се предмет на обработка на ова поглавје битно е да се знаат како профили.

Составен дел на Националната програма за развој на образованието (2005 – 2015) е и Програма за професионален развој на училишниот кадар[5] во кој се регулирани специфични компетенции за стручните профили, кои со одредени измени и прилагодувања согласно возраста и зрелоста на учениците и студентите овде се однесуваат на средно училиште и факултет, а ќе се задржиме само на работните задачи на дефектологот, психологот и социјалниот работник кои се однесуваат на работата во средните училишта и на факултетите.

## Од перспектива на дефектолог

## *1) Опис на работата и задачите на дефектологот*

- Дефектологот се грижи за реализација на предлогот на стручниот тим на планот на дефектолошкиот третман.
- Во спроведувањето на опсервациите, дефектологот применува мерни инструменти и врз основа на добиените резултати, а во согласност со препораките на тимот изработува

[1] Даниела Стојановска – Џинговска, B. Sc. по дефектологија, претседател на Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје, Македонија, e-mail: stojanovskad@gmail.com.
[2] Д-р Јерко Марковина, Ph.D. во психологија е доцент при Универзитетот во Загреб, Хрватска: e-mail: jmarkovina@agr.hr.
[3] Проф. Д-р Ајдински Љ; Методика на ран третман и предучилишно воспитание на децата со пречки во развојот, Филозофски Факултет-Институт за дефектологија,Скопје, 1996.
[4] Определени стручни лица од практиката спроведуваат посети во домовите на лицата со хендикеп и обезбедуваат соодветни потребни услуги.
[5] Национална програма за развој на образованието во Р.М. (2005-2015) www.mon.gov.mk.

програми за индивидуална работа со учениците/лицата со хендикеп, што ги спроведува во училиштето.

- Ја планира и програмира работата за утврдување на степенот на способноста и можностите на лицето со хендикеп, степенот на усвоеноста на знаењето на вештините и новините.
- Секојдневно води дневник за својата работа и за подготовката на работата.
- Го подготвува ученикот/ студентот/ лицето со хендикеп за вклучување во организирани групни облици на работа.
- Дефектологот мора да се консултира со сите други членови од стручниот тим.
- Дефектологот претставува активна врска помеѓу соодветните стручни служби (просветно-педагошка служба, факултетот/универзитетот, Центарот за социјална работа, инвалидската организација и др.) што можат да дадат соодветна помош во дефектолошката работа и резултатите од неа.
- Учествува во комисиите за категоризација на учениците/лицето со хендикеп.

## *2) Специфични компетенции на дефектологот*

Специфичните компетенции на дефектологот како стручен соработник во училиштето/ факултетот[6] се распределени на три нивоа, и тоа:

**Работа насочена кон наставниците**

- Следење на пристапот на наставниците/професорите во работата со ученици/ студенти со хендикеп;
- Методи и средства за работа со ученици/ студенти со хендикеп;
- Степен на задоволеност на сите потреби;
- Создавање клима;
- Следење на инвентивноста и креативноста на наставниците/ професорите за работа со овие ученици/студенти.

**Работа насочена кон следење на степенот на интегрираност на учениците/студентите со хендикеп во наставниот процес**

- Откривање на учениците/студентите на кои им е потребна стручна помош;
- Помагање во адаптација;
- Емоционална состојба-специјални образовни потреби;
- Работа со деца/ученици (индивидуално, групно и колективно);
- Психомоторика;
- Говор;
- Дискалкулија;
- Мобилност и ориентација во простор;
- Браева азбука (за лица со оштетен вид) ;
- Орален и гестовен говор (за лица со оштетен слух) ;

[6] Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија (2015-2015) (стр.353) www.mon.gov.mk.

- Интерпретирање на наставни содржини.

**Советодавно-консултативни компетенции на дефектологот**

- При изработка на програмата за работа-учество во идентификација; конкретизација и операционализација на целите и задачите;
- Учество во адаптација на содржините;
- Стручно усовршување на наставницит/професоритее кои работат со ученици/студенти со хендикеп;
- Работа на разбирање и толеранција меѓу учениците/студентите;
- Советување на родителите за социјализација на учениците/студентите;
- Друга стручна помош на родителите во соработка со други експерти;
- Информирање на социјалната средина за потребите и проблемите на овие ученици/ студенти;
- Професионално ориентирање на учениците според способностите.

## Од перспектива на психологот: психолошки потреби на студентите

### *1) Психолошки принципи и работа на психологот*

Суштината на овие принципи всушност се базира врз испитувањата, проучувањата и утврдувањата на квалитетот и квантитетот на психичките дејности во целост и во нејзините поединечни функции. Целта на психолошките принципи е што подобро да се запознае личноста на секој ученик/ студент/ лице со хендикеп, потоа поединецот да се упати како и на кој начин да ги совлада проблемите поврзани со хендикепот и според тоа да се прилагоди во реалноста. Психолошкото значење на образованието на учениците/ студентите/ лицата со хендикеп лежи во тоа преку наставата да се олесни преминувањето на учениците/ студентите/ лицата со хендкикеп од една средина во друга.

### *2) Опис на работата и задачите на психологот*

- Психологот, како психодијагностичар, е одговорен за адекватна употреба на методата и техниката за собирање на добри информации од пациентот (дијагноза и прогноза). Психолошките тестови ги распоредува според хронолошките групи или според некој друг систем на дијагностичка класификација на критериумот.
- Ја проценува психопатолошката состојба и значењето на симптомот, нивното место и влијание на менталната состојба и прилагодувањето.
- Ги запознава, открива и дефинира проблемите на пациентот и придонесува за определување на терапевтските индикации и програма.
- Активно учествува во различни облици на психотерапија и советување и активно соработува со сите установи заради обезбедување на оптимални услови за развој.
- Соработува со психолошката служба на училиштето во организирање на работата на ментално хигиенско поле за создавање на поволна ментална клима за хармоничен развој и подобар успех во училиштето.
- Соработува со центарот за социјална работа заради згрижување на сите лица на кои им е потребна грижа и социјална помош.
- Врши проценка на зрелоста на учениците/ студентите/ лицата со хендикеп и учествува во работата на комисијата за категоризација на лицата со хендикеп.

- Пишува психолошки наоди за учениците/ студентите/ лицата по барање на други институции.
- Активно учествува во тимска работа и по потреба консултира и други стручњаци.

## 3) Специфични компетенции на психологот

**Специфичните компетенции на психологот** како стручен соработник во училиштето/ факултетот[7] се распределени на три нивоа, и тоа:

**Работа насочена кон наставниците**

- Проучување на психолошката клима во училницата/ групата на студии каде студира студентот со хендикеп.
- Соработка со наставниците/ професорите за давање на помош на одредени ученици/студенти.
- Унапредување на оценувањето на знаењата.

**Работа насочена кон учениците**

- Работа со ученици/ студенти (идивидуално, групно и колективно);
- Ученици-повторувачи;
- Проблем-ученици/ студенти;
- Надарени ученици/ студенти;
- Ученици/студенти со социјални проблеми;
- Ученици/студенти со семејни проблеми;
- Ученици/студенти со лични проблеми;
- Ученици/студенти со послаб успех;
- Ученици/студенти со хендикеп;
- Следење на поведението на учениците/студентите периодично;
- Давање психолошка помош на учениците/студентите;
- Откривање на причините за промената во однесувањето;
- Прилагодување на учениците во прва година во средното образование;
- Учество во тимска работа во професионална работа на учениците во завршните години.

**Психолошки компетенции**

- Градење на меѓучовечки и меѓуетнички односи помеѓу учениците/студентите во колективот;
- Работа во медицинско советувалиште;
- Советодавна помош и соработка со родителите.

[7] Национална програма за развој на образованието во Р.М (2015-2015) (стр. 352) www.mon.gov.mk.

## Од перспектива на социјалниот работник: Работа и компетенции на социјалниот работник

- Социјалниот работник работи по категориии за заштита на децата, младината и возрасните лица со хендикеп на загрозените семејни ситуации и на растројствата на однесувањето.
- Прави социјална анкета во училиштетто/факултетот и на теренот по одредени прашања.
- Координира, истражува, анализира и иницира учество во планирање и организирање акции за спречување на определени неповолни општествени појави.
- Ги испитува условите и причините за настанокот на проблемите што го довеле лицето во состојба на социјална потреба.
- Своите активности ги насочува кон остварување на разни контакти со други институции и заеднички применуваат соодветни мерки на социјална и здравствена заштита.
- Работи на санирање на евентуалните или постојаните конфликти во средината.
- Ја спроведува социотерапијата по индивудуална или по општа програма кај учениците/лицата со хендикеп на примарната и секундарната социјализација, тоа се социопатски лица со морални девијации и растројства на однесување.
- Се грижи за социоекономските потреби на лицата со хендикеп што се регистрирани во советувалиштата и за други лица што и се обраќаат на здравствената служба, а нивното заболување е врзано за лошата социјална и економска состојба и помош за остварување на нивните социјални права.
- Го помага и организира сместувањето во специјални заводи во соработка со центарот за социјална работа на општината или градот во кој живеат.
- Организира индивидуална и групна работа со родителитите.
- Задолжително се консултира со другите членови на стручниот тим за секој одделен случај.
- Работи на програмата утврдена за ученикот/студентот.
- Им дава упатства на родителите за работа со ученикот, а доколку се јави потреба и со студентот.
- Учествува во групната работа со родителите
- Учествува во работата на комисијата за категоризација на лицата со хендикеп.
- Секојдневно води дневник за работата во кој е содржана и подготовката за работата.
- Задолжително се консултира со другите членови на стручниот тим со усно соопштение или пишување на писмен извештај.

## Улогата на психологот, социјалниот работник и дефектологот во дефинирањето на професионалната ориентација на учениците/ студентите

Најважен заеднички сегмент или поле на интерес на овие три профили за преминот од средното кон виското образование или пак од средното образование кон вработувањето е

професионалната ориентација. Во содржината на професионалната ориентација во поширока смисла содржани се следните карактеристики:

1. Професионалната ориентација е дејност која претставува давање на помош во поглед на занимањето/професијата и тоа:
    - Помошта да се дава на сите оние кои стојат во директна или индиректна врска со прашањата за изборот на занимањето или изборот на факултетот кој ќе се студира.[8,9]
    - Помошта да се дава додека трае процесот на професионална ориентација.

2. Со професионалната ориентација да се настојува кандидатот да се упати на она занимање/факултет каде ќе има најголеми изгледи за успех.

3. Професионалната ориентација може да се организира и оствари единствено со ангажирање и координирање на сите фактори кои можат да помогнат.

Постојат **три фази во процесот на професионална ориентација** и тоа:

1. Подготвителна фаза;
2. Советување при изборот на занимањето или факултетот;
3. Фаза на следење на успехот на советуваното лице.

Поважни компоненти на **подготвителната фаза** односно информирање за занимањето/ факултетот се:

1. Запознавање на кандидатот.
2. Влијание врз кандидатот за развивање на неговите доминантни особини при запознавањето на поважните прашања во врска со изборот на занимањето или факултетот.
3. Запознавањето на кандидатот со занимањата кои би ги работел или со факултетот кој ќе го студира.
4. Запознавање со потребите на општествената заедница од работна сила како и со можностите за вработување.
5. Отфрлање на одредени предрасуди и погрешни сфаќања при изборот на занимањето/факултетот.
6. Формирање активен став на кандидатот во неговиот избор на занимањето.

Во **фазата на советување при изборот на занимањето или факултетот** посебно внимание треба да се обрне на тимската работа која овде има специфичен тек:

1. Почетен разговор со кандидатот за да се осознаат неговите желби и предлози;
2. Спроведување лекарски преглед со цел утврдување на медицинските индикации и контраиндикации за изборот на занимањето/факултетот;
3. Психолошки испитувања со цел да се добијат податоци за психичката состојба на кандидатот (интервју, тест, анкета);
4. Анализирање на сите податоци за кандидатот добиени во текот на подготвителната фаза (свидетелства, досиеа);

---

[8] Проф. Д-р Ристо Петров, Предавања по предметот: "Професионална ориентација и оспособување на лица со пречки во развојот "- Скопје 1998.

[9] Проф. д-р Ристо Петров, 2007, „Лица со инвалидност: Професионална ориентација, оспособување и вработување", Философски факултет, Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје.

5. Обработка, споредување и усогласување на сите добиени податоци со цел да се утврди прогнозата и да се предвидат занимањата/факултетите во кои кандидатот би имал најголеми изгледи за успех;
6. Разговор со кандидатот со цел да му се соопшти советот од стручниот тим.

Оправданоста на **третата фаза**, т.е. фазата на следење на успехот, од професионалната ориентација се потенцира со неколку факти:

1. Следењето и контролата на успехот на советуваното лице е потребно поради проверка дали дали избраното занимање/факултет е адекватно за кандидатот, бидејќи со професионалниот совет се постигнува голема веројатност, но не и апсолутна сигурност за успех во избраното занимање/факултет.[10]
2. Дури и во случај кога ќе се утврди дека предложеното занимање/ факултет му одговара на кандидатот, понатамошно следење и контрола на успехот се потребни поради превземање на одредени мерки кандидатот што подобро да се прилагоди на работното место или на факултетот.
3. Следењето и контролата на успехот и поради согледување на евентуални грешки, пропусти или предности врз основа на кои навремено ќе се спречи фрустрацијата на личноста и ќе се превземат мерки за комплетно елиминирање на таа состојба и ќе се унапреди процесот на професионална ориентација.

Потребата за постоење на сите овие овие три профили (психолог, социјален работник и дефектолог) треба да се зајакне односно сите тие да бидат задолжително присутни во основното и средното образование, како и во процесот на високото образование без разлика на возрасната зрелост.

Професионалната ориентација е потребна за следење и контрола на целиот високо образовен процес од започнување до завршување на одредени студии, бидејќи доколку универзитетските професори констатираат дека им е потребна консултација со стручниот тим поради промена на групата на студии па дури и промена на факултетот за одреден студент со хендикеп кој не покажува доволен степен на знаење и заостанува во студирањето, за доброто на студентот, тоа треба да го направат веднаш, така да тој навреме се упати на вистинскиот факултет на кој соодветно ќе одговори на обврските, согласно своите можности и капацитети.

Дури и ако се работи за многу солидни студенти со хендикеп нивните студии мора континуирано да се следат со цел понатаму да им се овозможи соодветно вработување имајќи ги предвид нивните капацитети.

За жал во Р. Македонија овие служби за професионална ориентација многу малку или пак воопшто не функционираат и потребна е нивна комплетна реорганизација и воспоставување на комплентно нови стандарди, методи и начини на функционирање.

## Како да се препознае дали некое лице/ студент има потреба од стручна помош и/или има определен вид потешкотии во учењето

Со оглед на фактот што првото поглавје детално ги опишува карактеристиките на лицата со хендикеп од сите категории, а второто поглавје дава конкретни насоки како професорот да се однесува при првиот контакт со овие студенти во ова поглавје на прашањето: Како да се процени дали на студентите им е потребна професионална помош ова прашање е делумно веќе одговорено со претходните поглавја и со ова поглавје, за таа цел овде ќе се спомене само како

[10] Проф. Д-р Ристо Петров, Предавања по предметот: "Професионална ориентација и оспособување на лица со пречки во развојот "- Скопје 1998.

да се откријат најлесно оние на прв поглед невидливи хендикепи како што е: дислексијата и тоа како таа преку соодветни тестови наменети за професорите лесно да се препознае кои не се споменати во претходните поглавја.

## *1) Прашалник за препознавање на дислексија*[11]

1. Ви се чини ли дека детето/лицето често се збунува, а Вие не ја знаете причината за тоа?
2. Дали стандардите за неговата/нејзината работа се непостојани?
3. Има ли тешкотии да запамети неколку инструкции?
4. Прави ли чудни грешки во читањето и пишувањето?
5. Има ли проблем при препишување од аудио материјал слушнат од касета, CD?
6. Има ли тешкотии при совладување на математичките операции и наставни содржини по математика?
7. Ве изненадува ли Вас трудот кој го вложува наспроти слабите резултати кои ги постигнува?
8. Дали е трапав/а во некои подрачја, а многу спретен/тна во други?
9. Се однесува ли многу често како кловн во групата, а вам Ви се чини дека не е навистина весел/а и среќен/на?
10. Ви се чини ли дека не Ве слуша?
11. Остава ли впечаток дека е мрзлив/а и воопшто не го/ја интересира што говорите?
12. Остава ли впечаток дека не е сконцентриран/а и дека не може долго да го задржи своето внимание?
13. Има ли добри и лоши фази во текот на денот?
14. Дали е збунет/а во просторот и времето особено кога се работи за лево и десно?
15. Значително е подобар/бра во усното изразување?

## *2) Специфични индикации, т.е. тешкотии поврзани со читањето*

- Тешкотии при поврзување на графема со фонема односно буква со глас;
- Тешкотии при поврзување гласови и слогови во зборови;
- Структурални грешки преместување или вметнување на букви во зборови, заменување на графички слични букви (нема – мене);
- Замена на фонетски слични букви како што се б-п, д-т, г-к итн.;
- Замена на слогови (тој – мој);
- Замена на зборови и погодување;
- Испуштање на букви и слогови и повторување на непотребни делови од зборовите;
- Тешкотии за следење на редот на букви и бројки кога се напишани заедно во ред;
- Тешкотија за следење на правецот на читање горе и доле како и лево и десно;
- Враќање на веќе започнатиот ред за читање;
- Пропуштање на цели зборови, како и цели редови;
- Читање на еден збор на неколку погрешни начини;

## *3) Специфични индикации, т.е. тешкотии поврзани со пишување*

[11] Дислексија www.disleksija.rs.

- Тешкотии при поврзување на графема со фонема односно буква со глас;
- Замена на графички слични букви;
- Затемнето огледалско пишување и исцртување на буквите;
- Структурални грешки (додавање, вметнување и преместување);
- Пропуштање на букви, делови од зборови и цели зборови;
- Освен потешкотиите поврзани со читање и пишување децата со дислексија често имаат проблеми и со совладувањето на знаењата од обласна на математиката и математичките операции;

## *4) Симптоми на дислексија кај возрасните лица: Општи симптоми*

- Несразмерност помеѓу општите способности и јазичните вештини;
- Варирање на расположението, добри и лоши денови;
- Конфузност-тешкотии во организирањето на работниот ден и слободното време;
- Слаба и краткотрајна работна меморија;
- Недоволна прецизност и ориентација во просторот и времето (лево – десно или исток запад);
- Тешкотии во секвенционирање (абецеден ред, месеци во годината, таблици, листа со инструкции, родендени);
- Проблеми во памтењето на времето, губење на време;
- Тешкотии во воочување на рима;
- Тешкотии во разбирањето на хуморот кои е изразен со зборови;
- Тешкотии во конверзација, потребно им е време за процесуирање и пронаоѓање на вистинскиот израз;
- Тешкотии во координација на просторот, времето и доживувањето;
- Неточна воглавно лоша перцепција за себе и создавање на лоша слика кај другите (мрзлив сум и недоволно внимателен);

## *5) Симптоми поврзани со потешкотии во учењето и едукацијата*

- Бавни и несигурни во читање особено во читање на глас;
- Тешкотии во разбирање на прочитаното и како последица на тоа донесување на погрешни заклучоци;
- Проблеми во декодирање на нови непознати зборови, термини и факти;
- Брзо заборавање на наученото и тешко наоѓање во книгата на нешто што е веќе обработувано на час;
- Сиромашни стратегии за префрлање на знаењето и информациите во долготрајна меморија, неможност за брзо пишување, особено прибележување при диктирање зошто не можат истовремено да слушаат и пишуваат;
- Тешкотии во самостојно писмено изразување (слабо поврзување на идеи и концепти, слаба употреба на сопствениот речник како и на граматиката и синтаксата);
- Тешкотии во организирање на учењето особено на бази на податоци;
- Проблеми поврзани со ракопис (неуредност и нечитливост);
- Можна е наклоност и користење на калкулатор;
- Тешкотии во генерализација и примена на новите знаења;

- Проблеми во текот на работата во околина во која има многу врева и бучава како и други дразби;
- Потреба информацијата да им се каже повеќе пати;
- Поради бавното читање и слабото разбирање на прочитаното постојано им недостасува време да ја сработат својата работа и постојано се во временски теснец.

# Глава 5

## Лични искуства на лицата/ студентите со инвалидност

**Автори: Ирена Бојмалиева[1], Анета Ламбевска[2],**
**Биљана Маневска[3], Раул Кевриќ [4]**
**Координирано од: Даниела Стојановска – Џинговска[5] и Ивана Билиќ[6]**

## Лично искуство, перспектива и сугестии од лице/студент со оштетен вид

Врз основа на моето искуство како дипломиран правник на Правен факултет "Јустинијан 1"-Скопје, со просек од 8,50 (осум педесет) за додипломски студии, како студент со целосно оштетен вид, а сега и постдипломец, на истоимениот факултет со сите положени испити според предвидената програма со остварен успех 10,00 (десет) во насока на олеснување на пристапноста на високото образование за студентите со оштетен вид, потребно е да се спроведе следново:

### *1) Пристапност на факултетот*

- На секоја предавална, на секој кабинет од професорите и секоја друга просторија која носи бројчена ознака, објаснување која просторија е тоа и/или име, презиме и титула на професорите/вработените, задолжително е потребно да има ознаки на Браево писмо. Кога сите простории би биле означени со ознаки на Браево писмо, студентите со оштетен вид не би морале да ги прашуваат колегите, и/или пак не би морале да ги замолуваат да ги придружат до соодветната предавална или до некој кабинет од професор. На почеток од моето студирање, ми беше потребна поголема помош од моите колеги и јас таа помош ја барав и несебично ја добивав. Бидејќи имам добра ориентација и бидејќи, во текот на моето понатамошно студирање веќе се запознав каде се наоѓа секоја предавална и кабинетитет на професорите на факултетот каде што студирам, полека се осамостојував во самостојното ориентирање. Сепак, сé уште добивам несебична помош од моите колеги, која сесрдно ја прифаќам.
- Што се однесува до читалната и библиотеката, задолжително е да има најмалку еден компјутер, кој ќе биде прилагоден за студентите со оштетен вид. За тоа да се овозможи,

---

[1] Ирена Бојмалиева постдипломец на правниот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а е лице со потполно оштетување на видот, e-mail: bojmalieva.irena@gmail.com.
[2] Анета Ламбевска е постдипломец на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а е лице со значително оштетување на слухот, e-mail: aneta_lmb@yahoo.co.nz.
[3] Биљана Маневска, дипломирала на Филолошкиот Факултет, група Англиски јазик при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, лице со целосна одземеност на долните екстремитети, користи инвалидска количка, e-mail: bibismith@yahoo.com.
[4] Раул Кевриќ дипломирал при Правниот Факултет, Универзитет во Риека. Тој бил колумнист во e-Balkan, но неодамна го има загубено своето работно место. e-mail: raul.kevric@mail.inet.hr.
[5] Даниела Стојановска – Џинговска, B. Sc. по дефектологија, претседател на Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје, Македонија, e-mail: stojanovskad@gmail.com.
[6] Д-р Ивана Билиќ, D.Sc. по економија, е доцент при Економскиот факултет, Универзитет во Сплит, e-mail: ibilic@efst.hr, ivanab13@yahoo.com.

потребно е на компјутерот само да се инсталира **говорна синтеза** или „народски кажано“ **читач на екран**. Со тоа ќе се реши еден од најголемите проблеми во студирањето на слепите лица. На тој начин, во случај да има неколкучасовна пауза, ваквата асистивна технологија му помага на студентот целисходно да го искористи слободното време за учење на тој прилагоден компјутер.

- Еден од поголемите проблеми на студентите со целосно оштетен вид е околу следењето на наставата. За разлика од студентите кои немаат оштетување на видот и кои на прадавањата се во можност да фаќаат белешки, за студентите со оштетен вид тоа претставува потешкотија. Оваа препрека би била лесно надмината ако студентот со оштетен вид има диктафон и може да снима на предавањето. Од друга страна, оваа опција повторно е под знак прашалник, бидјќи не секој професор сака да биде снимен. Затоа, би било пожелно на сите професори кои имаат контакт со студенти со оштетен вид, да им биде укажано да дозволат снимање на нивните предавања, и на тој начин на студентот со оштетен вид да му го олеснат следењето на наставата. На голема радост во текот на моите додипломски студии, а сега и на постдипломските студии, најголем дел од професорите ми дозволуваа да ги снимам предавањата. Исклучок беа само еден до двајца професори кои не дозволија снимање на нивните предавања.
- Што се однесува до подготовката за испити, од горенаведеното, најдобро е студентот со оштетен вид да има компјутер кој е прилагоден за неговите потреби со говорна синтеза. На тој начин, професорите би можеле да ги испраќаат испитните материјали по електронска пошта, за студентот да може во целост да биде самостоен и независен при учење и при подготовка на испитниот материјал. Моето искуство со подготовката на испитите во текот на додипломските студии беше малку комплицирано, бидејќи секој испит мораше да биде звучно снимен на CD. Секоја книга морав да ја купувам за таа да може да ми се сними звучно. Голем придонес околу снимањето на испитните материјали даде “Сојузот на слепи лица на Р. Македонија“, но никако не смеам да изоставам да ја споменам и помошта од моите колеги и другари. Во Сојузот на слепи лица, целиот материјал беше снимен во професионалното студио кое е сопственост на Сојузот. Испитниот материјал го “читаа” моите колеги и другари, на почетокот без никаков надомест на нивна добра волја и со нивниот хуман гест, додека подоцна Сојузот на слепи издвои средства од сопствениот буџет на лицата кои читаа – за секој исчитан 1 час им даваше симболична сума од 120 денари. Сега, како студент на постдипломски студии овој проблем е веќе надминат. Сега професорите испитниот материјал ми го праќаат по електронска пошта, а за мене тоа е големо олеснување и во целост ме прави самостојна. За тоа сум благодарна и на професорите и на тие кои го овозможија користењето на читачот на екран (АНРИДЕР – UNREADER).
- При полагањето на испитите треба да важи истото правило како и кај другите студенти кои немаат оштетување на видот. Професорите секогаш треба да бидат коректни, во секое време, да бидат достапни за консултации. Тие треба да имаат во предвид дека, споредено со студентите без оштетување на видот (на кои подготовката на материјалот им е олеснета бидејќи ја имаат книгата пред себе), на студентите со оштетен вид ќе им треба повеќе време за подготовка, бидејќи истиот или треба да им се прочита или да се примени „читач на екран“ што исто така изискува повеќе време.
- Со цел реално да го оцените студентот според неговите/ нејзините заслуги, би било пожелно полагањето за студентите со оштетен вид да се спроведете усно, согласно со истите правила кои важат за сите студенти, со испрашување на испитниот материјал пред сите присутни. На тој начин се избегнува било професорот, било студентот да се доведат во незгодна ситуација која би алудирала на попуштање, со цел добивање на повисока оценка.
- Што се однесува до пристапот на студентските прашања, би предложила на огласните табли кои се во склоп на студентските прашања, огласите дополнително да бидат напишани и на Браево писмо. Моето искуство е дека колегите ми ги читале

соопштенијата за тоа кога се закажани испитите или некоја друга информација. Сепак, мора да напоменам дека секогаш кога сум ги прашувала претпоставените од студентски прашања, сум била доследно информирана.

- Околу социјалниот живот на факултет, бидејќи на паузите одиме на кафе или пак појадок во бифето на факултетот, би било пожелно менито дополнително да биде испечатено и на Браево писмо сé со цел да им се олесни на студентите со оштетен вид. Истото би можело почесто да се применува и во угостителските објекти. За поздравување е дека некои кафе – барови и ресторани во главниот град веќе го имаат применето овој практичен метод.

## *2) Пристигнување на факултет и назад*

- Пристигањето и враќањето од факултет е еден од најголемите проблеми за сите слепи лица. Проблемот се јавува уште од самото напуштање на местото на живеење. Имено, за да стигнат до факултет, тие мораат да стигнат до автобуската постојка, за да стигнат до неа тие се соочуваат со незгодни ситуации како што се: лицето иако има добра ориентација во просторот, не е сигурно дали по патеката по која се движи има паркирано автомобили или пак има некоја ископана дупка, препрека и сл.
- По пристигнувањето на автобуската постојка тие се принудени да прашаат или замолат некој од присутните да им каже кога ќе дојде нивниот автобус. За жал, во главниот град и во цела Р. Македонија на ниту една автобуска постојка не постои звучно информирање за пристигнување на градскиот автобус. Во развиените земји, пристигнувањето на автобусот се алармира со звучен сигнал, за лицето со целосно оштетен вид да може да биде независно од некое друго лице и да може самостојно да се движи.
- Од горенаведеното, решавањето на проблемот околу пристигнувањето и враќањето од факултет за лицата со оштетен вид, практично значи решавање на собраќајниот и инфраструктурниот хаос кој во моментов владее. Моето пристигнување и враќање до и од факултет, најчесто било со придружба со мои колеги и другари. За жал, сé уште не сум во ситуација тоа да го правам самостојно.

## *3) Сместување и пристапност во студентски дом*

- Студентските домови треба да бидат адаптирани или пристапни за лицата со оштетен вид. Потребно е да им се олесни нивно сместување во еднокреветни или двокреветни соби.
- Во лифтовите неопходно да се инсталира говорен софтвер, за кога ќе застане лифтот на било кој спрат, лицата со целосно оштетување на видот да можат да го слушнат и да не мораат да ги прашуваат присустните на кој спрат во моментот е застанат лифтот. Имено, некогаш се случува во лифтот да нема никој, па тогаш самите лица се принудени да се снаоѓаат, а не секое лице со оштетен вид е способно да го прави тоа. Исто така, во лифтовите на секое копче каде што се нумерирани спратовите да има и броеви на Браево писмо за да можат лицата со оштетен вид полесно да се снајдат, кое за жал во студентските домови не ги задоволува овие критериуми.
- Сите ознаки, натписи, имиња и броеви треба дополнително да се напишани во Браево писмо, со што би се овозможило непречено движење на лицата со оштетување на видот низ кампусот и студентските домови.

## Лично искуство, перспектива и сугестии од лице/студент со оштетен слух

Како дипломиран студент на Природно-математичкиот факултет, но во моментов и постдипломец на истоимениот факултет, во понатамошниот текст ќе се обидам да напоменам низа позитивни и негативни работи со кои лично сум се соочила во текот на мојот досегашен образовен процес, а особено во текот на студирањето.

За да може да се олесни соработката со лицата кои имаат проблеми со слухот, како совет до професорите, топло им го препорачувам следново:

- Првиот и најважен чекор е тој, дека пред сé, треба подеднакво да се третираат студентите кои имаат проблеми со слухот и студентите кои воопшто немаат таков проблем. Доколку тоа не се практикува, би претставувало сериозен проблем во меѓусебната комуникација, како помеѓу самите студенти, така и помеѓу професорот и студентите. За жал, сето тоа ќе е на штета на студентот со оштетен слух.
- Доколку забележите студент кој тешко Ве следи во текот на наставата, веднаш да реагирате и да воспоставите контакт со него, да разговарате околу проблемот и да најдете решение како да ги надминете тешкотиите околу наставата. Иако правилно е и се препорачува, студентот сам да пристапи и да го каже својот проблем. Сепак, самиот менталитет на овие балкански простори не дозволува студентот да има храброст и да го каже својот проблем. Сé уште не сме на доволно високо ниво на свест за оваа проблематика и допрва има многу прашања на кои треба да се поработи и да се одговорат. Ние самите сме виновни поради тоа што најчесто го занемаруваме и го избегнуваме овој проблем како факт. Пред сé, на целата констелација влијае околината, факултетот како средина, а најмногу колегите и професорите со кои секојдневно се среќава самиот студент со оштетен слух. И токму поради тоа, тие се најодговорни за правилниот однос и помош кои треба да се воспостават и од нив треба да произлезат иницијативи за постепено решавање на сите проблеми со кои ние секојдневно се соочуваме.
- Пожелно би било да разговарате со колегиумот за проблемот на студентот кој има оштетен слух и да најдете заедничко решение како нему да му се олесни процесот на студирањето, а со тоа си помагате и себе си, бидејќи со заеднички сили и секојдневна комуникација, меѓусебно советување може да да ја постигнете посакуваната цел и животен сон на секој студент, а тоа е да го заврши својот факултет.
- Да покажете волја и расположение за добра соработка. Така студентот ќе може да почувствува слобода да ви се обрати за својот проблем и околу пречките или потешкотиите во текот на наставата. Сето тоа придонесува за подобра и олеснета feed-back соработка.
- Препорачуваме, во никој случај да не се тргнува со чувство на сожалување, презир, потсмев, попуштање (за добивање на повисока оценка). Напротив, потребно е на студентот со оштетен слух да му/и се даде еднаква можност да го презентира своето знаење и во никој случај студентот да не биде дискримиран и со сомнеж дека не е способен/на да го заврши своето образование. Значи, препорачуваме, комплетно рамноправен однос како и за сите други студенти.
- За време на предавањата, пожелно е студентот кој има проблем со слухот да седи напред, да може да ги следи предавањата и практичната настава, професорот да биде во негова/нејзина близина: кога предавате да зборувате јасно, доволно гласно, полека и течно: да бидете свртени кон него за да може да ве следи со говорот на уста, на тој начин му/и олеснувате во следењето на наставата. Сите овие активности треба да се изведат нормално и без потенцирање пред сите. Исто така, на студентот со оштетен

слух пожелно е да му/и понудите да има консултации после предавањата и вежбите и така да придонесете да се надминат евентуалните пречки и нејаснотии кои настанале во текот на наставата.

- За време на изведување на испитот, без оглед дали тој е замислен како писмен и усмен или пак практичен, топло препорачуваме студентот со оштетен слух да биде третиран како рамноправен со сите останати студенти кои немаат проблеми со слухот. Доколку се работи за писмено полагање тоа не би требало да претставува проблем, но доколку се полага усмено обрнете внимание ако има потреба и Ви се чини дека студентот не може да ве следи. Неколку пати повторете го прашањето, покажете трпение и потрудете се без тешкотија да го изведете тоа, т.е. да дозволите на студентот да го изјасни своето мислење без да му помагате или да му попуштате. Како пример од мое искуство наведувам дека најчесто при полагањето на усниот испит, пред да се одговори на прашањата се дава писмен концепт со прашања за студентот да има доволно време како и сите останати студенти, добро да размисли пред да одговари на зададените прашања. Истото се однесува и за практичниот дел од испитот.
- Во никој случај, да не дозволите студентот да го злоупотреби својот проблем (хендикеп). Од вашето долгогодишно искуство како професор, сами ќе процените дали студентот заслужил да го положи испитот или не и со која оцена.
- Доколку професорот во текот на наставата има дел каде студентот го надоградува својот квалитет и знаење со изведување на презентации, а кој е неопходен и предвиден дел за формирање на конечната оценка за тој предмет, во никој случај да не се запостави студентот со оштетен слух и да не се претпостави дека тој/таа не е способен/а да го изведе тоа. Напротив, потребно е да му/и дадете поттик и охрабрување да го направи тој чекор и со тоа да покажете дека е рамноправен/а со сите останати студенти.
- Истото се однесува и кога самиот предмет наложува: посета на теренски акции со учество на теренска активност и можност за проширување на знаењето и интересот за одредена област од науката; изработка на семинарски работи; учество на семинари, конференции, научни симпозиуми, конгреси: активност во некое научно друштво; изработка на научни трудови. Сето тоа потпомага кон надоградување на знаењето и квалитетот на студентот во текот на наставата и можност да ги покаже своите способности и квалитети.
- Секогаш да имате предвид дека соочувањето со проблемот оштетување на слухот воопшто не е лесно. Напротив, тоа е за поздравување, а Вие со ваков позитивен пристап ќе помогнете и ќе придонесете во вашата хуманост, пред сé, како човек, а после како професор и педагог.
- Никојпат не треба да заборавите дека сепак има различни категории на оштетувања, но и дека има студенти со различен степен на спремност на учење. Согласно тоа, самите Вие како интелектуалци во образованието, ќе процените дали студентот има капацитети и можности да студира или пак е со просечни интелектуални способности. Секако, не треба да се заборави дека ако лицето/ студентот со оштетен слух веќе стигнало до високо образование значи е способен и се чувствува подготвен да го продолжи своето образование. Вие со вашата интелектуалност и хуманост, само треба да му/и помогнете на вашиот иден колега, соработник и академски граѓанин и да придонесете да го изведете на прав пат во овој свет.

За ова што го говорам и пишувам имам вистинска причина. Тоа не е измислица туку реална животна (сторија) ситуација, која се обидувам да Ви ја доловам од моето искуство како дипломиран студент, а во моментов и постдипломец, која и покрај својот хендикеп, сум стигнала до тоа ниво.

Уште од самото раѓање носам слушни апаратчиња на обете уши. Спаѓам во групата на лица со тешко оштетување на слухот од 60 до 80 дб, кај кои оштетувањето на слухот настанало пред да

се развие говорот, т.е. лица кои пред оштетувањето на слухот спонтано не го развиле вербалниот говор, туку потоа со интензивен и систематски сурдоаудиолошки третман го постигнале тоа. Рехабилитацискиот интензивен третман од десет години во Заводот за слух, говор и глас – Скопје ми помогна да ја развијам вербалната комуникација и со солиден успех да го завршам досегашното мое образование. Ова немаше да го постигнам без помошта на мојата мајка која ме изведе на правиот животен пат и без неа немаше да бидам тоа што сум денес. Благодарение на нејзината неизмерна поддршка, трпение и љубов, да претставувам успех за неа, за моето семејство и за самата себе. Иако стои фактот дека секој родител го посакува најдоброто за своето дете, не може да се опише нејзината неисцрпна енергија и трпеливост со која ми овозможи да се развијам во нормална личност; да бидам прифатена од општеството и благодарение на неизмерната поддршка, пред сé од семејството, соучениците, колегите, наставниците и професорите; да го поминам животниот процес уште од градинка, основно образование, средно образование, па до факултет. Многу малку е да се каже едно благодарам и малку се зборови да се опише трнливиот пат од раѓање, до ден денешен.

Се надевам дека со ова под-поглавие, со кое јас лично бев задолжена, како засегната за овој проблем, Ви помогнав и олеснав барем малку да Ви укажам како да пристапите до студентите кои имаат оштетување на слухот.

## Лично искуство, перспектива и сугестии од лице/студент со телесен инвалидитет

Од времето на моите студии на Филолошкиот Факултет, група Англиски јазик при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, поминаа многу години и за среќа во меѓувреме многу работи се сменети на подобро. Ова го кажувам како лице, кое поради одземеност на долните екстремитети, постојано користи инвалидска количка. Во тоа време додека јас студирав, зградата на Филолошкиот Факултет воопшто не беше пристапна и достапна (за среќа денес тоа не е случај) за лице во количка, доколку некој на истото не му се помогне да ги искачи многубројните скали не само на влезот, туку и внатре во самиот објект. За среќа, мојата упорност и големата несебичност и пожртвуваност на моите родители не дозволија пречките во изглед на скали, тесни врати, немање на соодветен тоалет да бидат и пречка за понатамошното мое студирање и завршување на Факултетот.

Морам да напоменам дека бев запишана како вонреден студент, што беше единственото можно решение за мене како жител на друг град. Во контекст на ова би сакала да надоврзам еден од најголемите проблеми што го имаат лицата со телесна инвалидност, особено оние тешко мобилни – лица кои користат протези и патерици, а најмногу оние со тешка и потешка телесна инвалидност т.е. оние лица што мора да користат инвалидска количка, а тоа е недостигот на услови за јавен превоз во нашата земја. За среќа, во Скопје тој проблем не се чувствува толку затоа што од неодамна постојат нископодни автобуси со што значително им е олеснет животот на овие лица во поглед на јавниот превоз во самиот град. За жал, тоа не е така и во другите градови и јас како и другите мои колеги кои не живееме во Скопје сме принудени да користиме превоз со автомобил, бидејќи јавниот превоз (воз, автобус) воопшто не е прилагоден а оваа категорија на лица. Тоа е не само израз на дискриминација, туку изискува дополнителни финансиски средства за самите лица со телесна инвалидност. Само за споредба – цената за превоз од едно место до друго со воз или автобус е многу помала отколку онаа со автомобил.

Постојат многу од моите колеги кои возат автомобил прилагоден со рачни команди, но не сите ја имаат таа можност. Во поглед на ова би требало на секој Факултет да има обележено паркинг простор на кое ќе се паркира само лице со соодветна ознака на својот автомобил и соодветна ширина како би можела целосно да се отвори вратата од автомобилот за лицето безбедно да се префрли од седиштето во својата количка и обратно. Ова го нагласувам бидејќи е тешко лице во количка да влезе во колата доколку просторот помеѓу неговиот и соседниот автомобил е

толку мал да може само делумно да се отвори вратата, што е најчесто начин на паркирање во нашите средини. Колку само пати ми се случило од левата страна, односно возачката страна на мојот автомобил да има паркирано возило толку блиску што е тешко и за лице кое не е во количка да влезе, па сум принудена за замолам некој да ја премести колата како би можела безбедно да се префрлам на возачкото седиште. ЗАТОА, ако забележите дека на паркирано возило постои налепница која е меѓународно прифатен симбол за лице кое користи инвалидска количка, пожелно би било да се паркирате на соодветно растојание од истото како би му овозможиле непречен пристап на лицето до своето возило.

Исто така, овде треба да се споменат и многубројните архитектонски бариери со кои секојдневно се соочуваме, особено надвор, при движење на улица бидејќи нема соодветни патеки да движење, улиците и тротоарите се со високи ивичници, често со многубројни попатни препреки, на пр. доколку се интервенира на некој тротоар или улица, истите како по правило се едноставно прекопани без да се обезбеди резервна патека по која безбедно би се движеле сите граѓани, а особено лица со некаква инвалидност или попреченост (слепи, тешко мобилни). Значи, доколку студент во инвалидска количка одлучи да доаѓа на факултет самостојно, ова не би било можно ако не се сторат напори да се среди сообраќајната инфраструктура, а ова, со мали исклучоци, важи скоро за сите градови во Р. Македонија.

Од овој малку подолг вовед би произлегле и моите препораки за олеснет пристап на високото образование за студентите со телесна инвалидност, особено за оние што користат инвалидска количка.

- Најнапред, физичката пристапност до самата зграда, т.е. доколку на влезот има скали, мора да постои и соодветна пристапна патека изградена според сите норми и стандарди за да може лицето во количка (мануелна или на моторен погон) безбедно и без преголем напор да влезе во зградата на факултетот. Премногу стрмна патека може да биде многу небезбедна дури и опасна за лице кое кое ја искачува истата само со сила на своите две раце. Пожелно е барем на едната страна од патеката да има и ракофат со соодветна висина, кој би бил од голема помош и за лица кои користат патерици во своето движење.

- Прилагодени лифтови, елеватори или платформи на скалите, како би се обезбедило сите простории во самата зграда на факултетот да бидат пристапни и достапни за лице кое користи инвалидска количка.

- Влезната врата (и сите врати во просториите во самата зграда) да е доволно широка и лесно да се отвора, како не би дошло до оштетување на истата или до несакана повреда на лицето кое не би било во можност брзо да интервенира доколку вратата нагло се затвори, недоволно се отвора или е потребен преголем напор за да се отвори.

- Непречен пристап до сите простории во зградата на факултетот, значи до предавалните/ амфитеатрите/ кабинетите на професорите /библиотеките/ лабораториите/ службата за студентски прашања/ресторанот итн.

- Соодветно адаптиран тоалет, т.е. доволно широка врата, обезбедени држачи покрај самиот тоалет, простор внатре за лицето кое користи инвалидска количка да може безбедно да маневрира и да ја има неопходната приватност.

- Во предавалните/ читалните/ библиотеките/ лабораториите да има доволен простор за да може лицето кое користи количка да маневрира, да се движи и разминува. Исто така треба да се внимава да постојат клупи/маси со соодветна висина каде лицето/студентот комотно ќе се смести без да се наведнува и напрега непотребно.

- Не сите рафтови во библиотеката или лабораторијата се достапни, односно се премногу високи и ова би претставувало непремостлив проблем доколку не се направи напор за истите да бидат со лизгачки механизам, или евентуално платформа со чија помош лицето кое користи инвалидска количка би дошло до одредено ниво на висина (претпоставувам дека ова е малку веројатно изведливо кај нас); во спротивно, треба да постои добра волја од лицето кое работи таму или некој колега да помогне доколку на лицето во количка му е потребен некој материјал, книга или предмет што е поставен на повисоко место.

- Во поглед на пристапноста би сакала да напоменам дека во текот на моето студирање имаше само една професорка која инсистираше на испитот на горниот спрат, другите професори чиишто кабинети беа на горниот спрат или во крилото каде има скали, беа многу флексибилни и излегуваа во пресрет и секогаш кога требаше да полагам испит било усмен или писмен покажуваа добра волја и го организираа испитот во библиотеката или во некоја просторија на долниот кат. Се подразбира дека самите испити беа исти како и оние на другите студенти, без никакви отстапки или попуштања поради мојата состојба.

- Доколку се обезбедат сите предуслови во поглед на пристапноста, не постојат поголеми проблеми за лицето во количка да доаѓа до факултет, да посетува настава и да ги полага предвидените испити (овде морам да напоменам дека на лица кои имаат дијагноза квадриплегија или спастичност и имаат потешкотии со моториката на дланките потребно е да им се овозможи повеќе време за пишување).

- При подолго задржување со лице кое користи количка пожелно е и соговорникот да седне, како би се посветило должното внимание и покажала почит кон самата личност.

- Доколку студентот доаѓа од друго место и сака да престојува во студентски дом наместо секојдневно да патува со автомобил (а поради немање пристапен јавен меѓуградски превоз), неопходно е и самата зграда на студентскиот дом да ги има оние специфики во поглед на пристапност веќе наведени погоре (само кратко повторување – пристапна патека, широки врати, спална со доволно висок кревет, идеално би било во висина на количката, адаптиран тоалет и бања во собата, ормани со прилагодени ниски полици и фиоки, приклучоци за струја на ниско ниво, и сл.).

- Доколку забележите лице/студент кое користи инвалидска количка за кое Ви изгледа дека можеби има некаков проблем, понудете ја Вашата помош, но причекајте додека истата не биде љубезно прифатена или одбиена. Во првиот случај, побарајте инструкции како да помогнете најбезбедно по Вас и по лицето во количка, тоа знае најдобро на кој начин, со која техника, сила и без проблеми и некаква штета да се направи потребната активност (на пример безбедно да се спушти или искачи скала/скали, или да помогне да се стави количката во автомобилот). Доколку Вашата понуда за помош биде љубезно одбиена, слободно прифатете го ова без грижа на совеста. Не инсистирајте, бидејќи најнормално е лицето во количка да знае дали може да совлада некоја препрека или не.

- Во моето долгогодишно искуство како лице што редовно користи инвалидска количка, во сите секојдневни активности во домот и надвор сум се нашла во повеќе ситуации да побарам или да ми биде понудена помош: (1) од оние кои сакаат да помогнат, а не знаат како - со таквите лица комуникацијата и разбирањето се лесни, само е потребно да им се даде правилна инструкција за тоа како да пружат помош; (2) од оние кои сакаат да помогнат, но не можат бидејќи и самите имаат некаков здравствен проблем (дископатија, срцево заболување); додека (3) постојат и такви кои не сакаат да помогнат, што е апсолутно во ред. Се разбира и ова треба да се прифати на

највообичаен начин, затоа што, на крај на краишта, сите сме луѓе со сите наши фалинки и доблести.

- Човечки е да се побара помош, како што е човечки да се понуди и прифати понудената помош. Мислам дека ова важи за сите луѓе и за сите сегменти од животот. Секој понекогаш се нашол во слична ситуација, без оглед дали станува збор за лице со некаква попреченост или не. Но, исто така, човечки е и да се почитува желбата на лицето со телесна инвалидност (и не само телесна) да ја задржи својата независност, самостојност и приватност, а ова може да се постигне првенствено со менување на свеста кај луѓето, со нивната подготвеност да бидат луѓе со отворена душа, без ограничувања и без предрасуди. Дури потоа со менување на физичката средина, се разбира онаму каде е тоа можно, а особено при градењето на нови објекти било да станува збор за здравствени, образовни или општествени институции или пак од областа на спортот, забавата и општествениот живот на поединецот.

- Затоа, почитувани професори, не се стеснувајте да воспоставите контакт со лице со телесна инвалидност, всушност, како воспитувачи и педагози, тоа на некој начин е и Ваша обврска.

- Почитувани студенти, искористете ја можноста да се запознаете со Вашиот колега кој има некаков инвалидитет, вклучително и лице во количка, сигурна сум дека во најголем број на случаи ќе бидете пријатно изненадени и ќе имате можност да научите дека надворешниот изглед скоро по правило никогаш не е одраз на она и што го носиме во себеси. Секоја ситуација се надминува, потребно е само да се користи малку здрав разум и практичност, а со голема сигурност тврдам дека најголем дел од лицата со телесна инвалидност тоа го поседуваат.

## Лично искуство и сугестии од лице/ студент со комбинирани пречки:

## ”Здраво, како сте?”[7]

Честопати некои луѓе ми упатуваат критики дека треба да бидам пофин спрема луѓето кои ми ја нудат својата помош додека одам по улица, како и дека треба да поработам на своите социјални вештини, а особено во поглед на оние неформални разговори и да започнам разговори за тоа какво е времето. Го пишувам ова како би прикажал некои од овие ситуации од моја, секако сосема уникатна перспектива, бидејќи често луѓето ме обвинуваат дека сум некултурен па дури и сноб.

Иако одењето како такво не ми претставува проблем, јас се движам на еден за мене специфичен начин. На пример, јас не можам да застанам доколку не се потпрам на нешто или некого или го можам тоа, но со максимална концентрација, кога се фокусирам само на одењето и на ништо друго. Во спротивно, кога ќе застанам, јас автоматски паѓам. Неодамна, патував за Загреб, а бидејќи тетка ми работи во еден киоск за весници на меѓуградската автобуска станица во Риека, ме забележа и викна нешто по мене. Јас само поминав покрај киоскот, реков “Здраво!“ и продолжив да чекорам кон автобусот, кој штотуку дојде на перонот. Кога се вратив дома, се направи една цела драматична приказна за тоа како требало да сум љубезен кон мојата тетка, која се пожалила на моето однесување.

А еве што всушност се случи: Во моментот кога тетка ми ме виде, јас веќе бев со мислите во Загреб и ниту забележав покрај кој киоск минувам ниту очекував дека некој од таму ќе ми се

[7] Текстот е испратен од Др. Ивана Билиќ, како допринос на г. Раул Кевриќ за нашиот АЕИФ Проект.

обрати. Кога ја забележав, единствениот начин на кој можев да застанам беше да се фрлам со целата моја тежина на проклетиот киоск и да направам карамбол од сите весници таму. Тоа не ми изгледаше како добра идеа. Јас можев да застанам нормално само кога се потпирам на предната врата од автобусот. Претпоставувам дека дури од тој момент јас би бил во ситуација да се свртам и да најдам некое место од каде што би можел да разменам неколку збора со тетка ми. Но, за мој срам, некако не ми се правеше сето тоа за едноставно само да одговорам на прашањето "Како си?" и нешто слично што сигурно таа би ме прашала доколку се најдевме во некоја посоодветна ситуација. Релативно често се наоѓам себеси во таква ситуација на недоразбирање со разни познајници кои ме сретнуваат во градот и кои се шокирани откако видат дека не застанувам да си поприкажеме малку и да заклучиме дека денес имаме прекрасно време. Една од причините зошто не го правам тој дополнителен напор е и уверувањето дека на повеќето всушност и не им е грижа за тоа како сум во тој одреден момент, или што мислам за времето денес. Тоа не мора да значи дека јас имам нешто против разговорот со тие луѓе, но не ми е секогаш лесно да го изгубам средиштето на мојата рамнотежа само поради вакви формалности. Една од можностите што јас ја имам во такви ситуации е да се потпрам на лицето што ќе го сретнам, но не сум така блиzок со секого, а понекогаш оној, другиот веќе носи нешто во рацете и не е подготвен за ситуација исто онака како што не сум ниту јас.

Проблемот има, се разбира, и неколку други аспекти, а еден од тие е и фактот дека одењето за мене бара малку поголема енергија отколку кај просечен човек. Ако се движам и истовремено размислувам за нешто, јас често немам доволно енергија да гледам наоколу и да го забележувам секој кој минува покрај мене и да го поздравам. Обично само слушам "Еј, Раул!" од далечина, а додека одам не можам да сфатам кој ми се обраќа.

Уште еден, многу битен момент во врска со ова, е и мојата потреба да ја заштитам мојата приватност и личен интегритет. Знам дека ова звучи малку мелодраматично, но еве во што е суштината: Просечен човек кој оди по улица може обично да смета на тоа да има доволно приватност за да се концентрира на сопствените мисли. Ако не налетате на некој познат, скоро сите сте сигурни во фактот дека Вашите мисли нема да бидат грубо прекинати од некој сосема непознат. Јас го немам тој луксуз и никогаш не сум го имал, иако ми треба време да размислувам и да се подготвам за идните настани, исто како и секој друг. Сакал или не, во мојот живот влегува една мала армија од луѓе, кои поминуваат покрај мене на улица, а кои никогаш не би ми се обратиле доколку, по некоја случајност, би се движел нормално. Некои луѓе ми приоѓаат нормално и сметам дека тие се фини и љубезни. Некои се злобни и ми се обраќаат со најбизарни зборови. Некои дури ме прекриваат со преголемо сожалување и го практикуваат пристапот "милосрдни", а всушност само успеваат прекумерно да ме изнервираат. Некои сакаат да ги едуцирам и ми поставуваат прашања за мојата медицинска состојба, при што некои имаат смисла додека некои се сосема бесмислени. Некои се религиозни фанатици, кои ми подаваат флаери за спиритуални семинари и сеанси за исцелување. Некои ми нудат пари или бонбони бидејќи ме мислат питач или бездомник. Некои се глупави и агресивни и со сила ме тераат да ги држам за раце. Некои си дошепнуваат меѓу себе мислејќи дека не можам да ги слушнам. Еднаш слушав како две жени се згрозуваа со фактот дека моите родители ме пуштиле надвор без некој да ме контролира. Бев возрасен кога се случи ова.

Не одбивам комуникација со сите нив. Со некои разговарам и често ги едуцирам обичните луѓе. Зависи од тоа како се чувствувам и каде одам во тој одреден момент. Навистина ги ценам оние кои ми ја нудат својата помош со добра намера и чувство на дискреција, како и оние кои ми помагаат кога тоа навистина ми е потребно. Не ги почитувам многу оние кои креваат голема врева околу тоа да ми помогнат, само колку да му покажат на светот колку се тие фини и милосрдни. Нив во шега ги нарекувам "добри Самарјани".

Добрите Самарјани ме навредуваат со нивната ступидност и агресивност, а понекогаш едноставно не ми е дојдено до таа задача да едуцирам некого кого сосема случајно го сретнам на улица. Има моменти кога би го направил тоа, но не ми е до тоа бидејќи имам други нешта на

ум. Понекогаш моите одбранбени механизми работат прекувремено и јас сум непристоен кон некој кој не го заслужува тоа, но и јас не можам да ја проценам секоја ситуација правилно. Една од малите нешта што навистина ми недостига поради мојот хендикеп е правото да бидам и размислувам самостојно, нешто што многумина го земаат здраво за готово. Мислам дека не е фер да се очекува од мене да му се насмевнувам на секого што ќе го сретнам на улица, трпеливо да одговарам на сите прашања и коментари па дури и да прашам “Како сте?“ Знам дека секој понекогаш го прави тоа, го правам и јас, но од мене исклучиво се бара да го правам тоа постојано. И секој буквално автоматски се навредува бидејќи сум одлучил токму него/ нејзе од сите луѓе на светот да го/ ја откачам.

Еднаш, некој се обиде да го реши проблемот и ми предложи да оставам сите луѓе да ми помагаат, било да ми е тоа потребно или не, како би се спасил од сите дискусии. Но, тогаш луѓето ќе стекнат уште повеќе предрасуди кога ќе видат дека постојано ми е потребна нивна помош. Освен тоа, многу ми е полесно сам да си ги завршам работите отколку некој да ми помага бидејќи луѓето се најчесто несмасни и неупатени и најчесто ми пристапуваат како да сум целосно парализиран, обидувајќи се да го носат целото мое тело, што само ги влошува работите за мене, бидејќи ме земаат како труп. Јас не сум ниту мал, ниту лесен ниту слаб и нема потреба да ме влечат, ниту пак мене ми е полесно додека ме влечат. Ако не ми верувате, пробајте го ова!

Последно нешто што ми ги отежнува овие ситуации има многу малку врска со мојот хендикеп, ами повеќе со нешто што го сметам за прилично конфузно: Често ми приоѓа постара личност, која што одвај ме познава, и ме прашува нешто како “Дали Вашите родители Ве слушаат?“ Дури и кога имав 5 години не знаев што да одговорам на ова. Отсекогаш се прашував што би значело ако речам да, а што ако речам не. А ова е прашање кое е соодветно за петгодишно дете. Сега, како 30-годишен, јас повторно се збунувам со ова прашање, бидејќи никогаш не ми е јасно дали таа личност мисли дека сум ретардиран или едноставно само нема креативност при поставувањето прашања.

Па, драги читатели, како сте денес? Да, се согласувам, денес и прекрасен ден. Го пишувам ова во еден летен ден, па навистина ќе беше чудно да не е така.

# Глава 6

# Административна Служба за студенти со хендикеп: Пристап до информации и услуги

**Автор: Даниела Стојановска - Џинговска[1]**

Со оглед на тековниот степен на развој на човечката мисла, произлезен од евидентниот подем и неспорните постигнати придобивки на глобалното движење против сите видови на инвалидност, на светско ниво се осмислени и натаму се дизајнираат најразлични форми и начини на кои државата ги заштитува и практикува правата на оваа популација, т.е. им го олеснува/помага учеството во општественото секојдневие.

Сервисите, во потесна смисла, се оние кои конкретно се однесуваат на социјалните потреби на сите лица кои имаат потреба од нивно користење (лични асистенти, дневни центри за деца, социјална грижа, итн), а во поширока смисла тие претставуваат широк опсег на сервиси со социјална функција, како на пример: образование, основна здравствена грижа, вработување. Крајната цел на секој сервис наменет за лицата со инвалидност е да се подобри квалитетот на нивниот живот и да се зајакне активното учество во социјалниот живот.

Државата е одговорна да осигура пристап за сите граѓани до сервисните служби иако во некои случаи не е директен испорачувач! Со цел да се исполни оваа улога, сервисите за лица со инвалидност треба во поголем број да бидат развиени на локално ниво, треба да бидат квалитетни и одржливи, да одговорат на потребите на лицата од различна возраст, потреби и категорија на инвалидност.

По поново време се забележува промена на парадигмата за и во социјалните сервиси, која се движи (1) од медицински и заштитнички модел кон социјален и инклузивен, фокусиран на човековите права, еднакви можности и целосно учество во заедницата, како и (2) од големи институции кон сервиси во заедницата, базирани на можноста за избор, потребите и интересите на лицата.

Постојат неколку типови на сервисни служби т.е. редовни, за вработување, за образование, за здравствена грижа, за социјална заштита.

## Сервиси за поддршка (support services):

- Ортопедески и асистивни уреди.
- Лични асистенти.
- Мобилни дефектолози.
- Преведувачи на знаковен јазик.
- Специјализирани сервисни служби се: дневни центри, рехабилитациони установи, заштитни работилници.

---

[1] Даниела Стојановска – Џинговска, дипломиран дефектолог, претседател на Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје, Македонија, e-mail: stojanovskad@gmail.com

Ознаката „**4–А**" во социјалните служби доаѓа од Соединетите Американски Држави каде за социјалните служби се вели дека се :

- **Accessible** или Пристапни
- **Available** territorial или Достапни територијално
- **Affordable** или Финансиски достапни
- **Accountable** или Организационо и финансиски транспарентни



Слика: 6.1. Сервиси за поддршка[2]

Од овде произлегува и т.н. Твин – трак (twin – track[3]) пристап кој предвидува:

1. правилен баланс помеѓу редовните и специјализираните сервиси базирани во заедницата;
2. намалување на нееднаквоста помеѓу лицата со инвалидност и лицата кои немаат инвалидност;
3. потенцирање на неопходноста од вклучување на прашањето за инвалидноста во сите законски регулативи и иницијативи;
4. поттикнување на дополнителните иницијатви кои се однесуваат на поспецифичните потреби на лицата со инвалидност.

Во **Член 24** од Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, усвоена од страна на Генералното Собрание на Организацијата на Обединетите нации (ООН) на 13.12.2006 година, а ратификувана од Собранието на Р. Македонија на 05.12.2011 година, **се уредува Образованието**. Конвенцијата ги утврдува следните обврски:

[2] www.disability.org.
[3] ibid.

- државите потписнички, врз основа на еднаквост со другите и без дискриминација да го признаат правото на образование на лицата со попреченост и да обезбедат инклузивно образование на сите нивоа.
- За таа цел државите потписнички треба да обезбедат и осигураат разумни адаптации, помош и поддршка на лицата со попреченост,во рамките на општиот образовен систем,да се олесни учењето на Браевото писмо и алтернативните писма и знаковниот јазик, да се вработат наставници кои се квалификувани за Браево писмо и знаковен јазик (гестовен),да се обезбеди пристап на лицата со попреченост до општото високо образование, вокациона/стручна обука,образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација.[4,5]

Сепак, и покрај тоа што Македонија ја ратификуваше Конвенцијата, студентите со хендикеп се уште се соочуваат со низа бариери и тоа:

- Физички непристапни училници, тоалети, трпезарии, сали како и собите за спиење во студентските домови.
- Недостаток на сервис за лична асистенција.
- Недостаток на образовните материјали во алтернативни формати, како што се учебници во електронска, аудио и "зголемен печатен формат"  или печатени на Браево писмо.
- Недостаток на компјутерски програми за студентите со оштетен вид.
- Недостаток на организиран превоз за корисниците/чките на инвалидски колички.
- Недостаток на толкувач на знаковен јазик за студентите/ките со оштетен слух.
- Недостаток за препознавање на одделни видови на хендикеп, како што се некои тешкотии во учењето.
- Сегрегација на студентите со хендикеп во специјални студентски домови.

Сето ова кулминира не само со непостоење на статистички податоци за вкупниот број на лица со хендикеп во Република Македонија, туку не постојат дури ни официјални статистички податоци за тоа колкав е бројот на студенти со хендикеп. Всушност, на ниту еден државен универзитет во Република Македонија не постои **Административна Служба за студенти со хендикеп** која ги регулира сите прашања поврзани со студентите со хендикеп.

## Позитивни примери на правилен третман на студентите преку обезбедување Административна Служба за студентите со хендикеп

### *1) Примери од странство*

На Универзитетот во Илиноис[6], САД постои самостојна административна служба која ги регулира сите прашања поврзани со потребите, правата и животот на студентите со хендикеп.

Во Европа, на Државниот Универзитет во Палермо, (Universita Degli Studi di Palermo, Facolta di littere e filosofia), Италија, во рамките на Институтот за специјална едукација и рехабилитација, постои слична административна служба како дел од Министерството за образование и наука, преку која на студентите со хендикеп им се овозможени сите потребни услуги и сервиси, т.е. ним им овозможува комплетна независност и рамноправност во образовиот процес.[7]

---

[4] https://www.un.org/disabilities/default.asp?id=150.
[5] Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност. Превземено од: www.poraka.org.mk.
[6] www.uic.edu.
[7] http://portale.unipa.it/lettere/.

Во нашата најблиска околина, т.е. на Балканските простори, Универзитетскиот центар за студенти со хендикеп[8], официјално започна со работа на 20 март 2008 год. Центарот е основан од страна на Универзитетот во Белград со поддршка на Теленор Фондацијата, а во соработка со Здружението на студенти со хендикеп од Србија[9]. Центарот е основан со намера да им дава поддршка на студентите со хендикеп на сите нивоа кои се однесуваат на високото образование. Задачите на Универзитетскиот центар се:

- развој и унапредување на условите за студирање на студентите со хендикеп,
- поддршка за читање, скенирање и префлување на учебниците во аудио и електронски облик за студентите со хендикеп,
- поддршка во процесот за преведување на наставата на знаковен јазик,
- давање информации на студентите со хендикеп за условите за студирање и начините на поддршка на факултетите во процесот на избор на факултет, како и за можностите за вработување по завршувањето на студиите,
- организирање на семинари и трибини и појавување на медиуми со цел мотивирање на студентите со хендикеп за упис на факултетот како и подигнување на нивото на свеста на јавноста во Србија за прашањата за состојбата на лицата со хендикеп,
- соработка со релевантните институции со цел подобрување на положбата на студентите со хендикеп,
- вршење и други работи за потребите на студентите со хендикеп.

## *2) Примери во рамки на Р. Македонија*

Во Р. Македонија само на Универзитетот Југоисточна Европа[10] од Тетово има административна служба која води целосен регистар на студентите со определени видови на хендикеп и/или инвалидитет, за сите нивни потреби во текот на студирањето, а дополнително дава и советодавна поддршка и консултации за можностите за вработување на дипломираните студенти со хендикеп.

### а) Информативно – услужен сервис за студентите со хендикеп во Скопје како пример на добра практика

Информативно – услужниот сервис за студентите со хендикеп во Скопје за прв пат е отворен во декември 2004 г, од страна на Здружението на студенти и младинци со хендикеп – Скопје (ЗСМХ)[11,12]. Финансиската поддршка за функционирање на оваа канцеларија се обезбедува од

---

[8] http://www.bg.ac.rs/csrp/clanice/centri/csh.php.
[9] www.seen-ysd.org
[10] www.seeu.edu.mk
[11] Здружението на студенти и младинци со хендикеп од Скопје (ЗСМХ) постои од декември 2002 година, а го формира група ентузијасти, студенти дефектолози, како и студенти од други групи, факултети и универзитети од Република Македонија.
**Мисијата на ова здружение** е да промовира инклузивно средно и високо образование за младите луѓе и студенти со хендикеп преку обезбедување на сите потребни услови за тоа, застапување на социјалниот модел во пристапот кон хендикепот и остварување на зацртаните цели на организацијата.
ЗХМЗ е **единственото здружение во Р.М.** кое исклучиво работи на процесот на образование, лобирање и застапување за остварување на еднакви права, услови и можности во образовниот процес за оваа категорија на граѓани и превзема конкретни акции за обезбедување услуги за сите членови и корисници и тоа во поголем процент услуги со одржлив карактер и со тоа креира „инклузивно општество" општество во кое сите граѓани имаат рамноправен, достоинствен и потполно независен живот.
**Повеќе информации за ЗСМХ** се достапни на: www.zsmh.org.mk и www.seen-ysd.org.
[12] Активностите на ЗСМХ се во многу тесна врска со активностите на Мрежата на млади и студенти со хендикеп. Таа е основана во февруари 2004 година и неа во текот на минатите години ја сочинуваат

различни странски и домашни донатори (Американската Амбасада во Скопје[13], Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје[14], домашната бизнис заедница.

Станува збор за мала канцеларија, лоцирана на левата страна од влезот на Филозофскиот и Филолошкиот факултет во Скопје, поконкретно до матичната канцеларија на јазичните професори. Канцеларијата е сопственост на Сојузот на студенти на Филолошки факултет, меѓутоа по барање на Здружение на студенти и младинци со хендикеп – Скопје е отстапена за потребите на сервисот за студентите со хендикеп и служи како Информативно – Услужен Сервис за студентитите со хендикеп кој функционира во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Навршуваат веќе неполни 8 години од неговото функционирање, иако со прекини во периодите додека се чека финансиска поддршка од некој (странски и домашен) донатор. Во работата и функционирањето Сервисот се води од искуствата на лицата ангажирани во него (станува збор за волонтери), но истовремено базирајќи се на искуствата на самите студенти - за кого е и наменет – успева барем во најголем дел успешно да ги реализира активностите и целите за кој тој всушност е основан.

**Зошто се направени напори за заживување на овој центар?**
**Кои се неговите идеи, цели, задачи и активности?**

Центарот/ сервисот, всушност претставува еден вид студентски прашања наменет за студентите со хендикеп. Услугите на овој сервис ги реализираат тројца волонтери кои на студентите секојдневно им се на располагање во периодот од 11-14 часот. Во работата се вклучени тројца студенти од кои двајца студенти немаат хендикеп, а еден студент е со хендикеп. Тој е еден вид административна служба која на студентите им нуди било каква друга поддршка, се со цел на овие студенти да им се олесни пристапот до високото образование, а и воедно да се намалат пречките со кои тие секојдневно се судираат. Не ретко сервисот е место каде студентите го минуваат слободното време, па затоа е извор на многу пријателства, дружења, размена на искуства.

**Поконкретно, услугите кои центарот/сервисот и ЗСМХ** преку своите матични канцеларии **ги нудат на студентите со хендикеп се од типот:**

1. Остварување контакти со студентските прашања за добивање и давање соодветни информации во однос на испитните сесии, роковите за пријавување и полагање на испитите и запишување на студентските години.
2. Следење на распоредот на предавањата, консултациите и полагањето на испитите кај соодветните професори од групите каде има студенти со оштетен слух и вид за да им се овозможи соодветна пристапност.
3. Превоз до факултетот – ЗСМХ, а со тоа и Сервисот, со континуирана финансиска поддршка на Собрание на Град Скопје (кој го финансира транспортот), а во соработка со Јавното сообраќајно претпријатие- Скопје (ЈСП), почнувајќи од март 2005 година, со адаптиран автобус обезбедува превоз за студентите и учениците со хендикеп. Од 2008 година, Владата на Р.М., односно Министерството за образование и наука, преку Градот Скопје, на ЗСМХ на располаже дополнително му отстапи и едно комбе, комплетно

четири организации: Здружение на студенти со хендикеп "Гаудеамус" од Република Молдавија, Здружение на студенти и младинци со хендикеп од Република Македонија, Здружение на млади со хендикеп од Република Црна Гора и Здружение на студенти со хендикеп од Република Србија. Повеќе информации на www.seen-ysd.org.

[13] www.macedonia.usembassy.gov.

[14] www.ukim.edu.mk.

адатирано за корисниците на инвалидски колички. На тој начаин, за сите сегашни и идни студенти кои студираат во Скопје, на институционално ниво се надмина еден од основните горливи проблеми на студентите со хендикеп, т.е. неможноста редовно да ги следат предавањата и вежбите .

4. Развој и унапредување на условите за студирање на студентите со хендикеп.

5. Поддршка за читање, скенирање и префлување на учебниците во аудио и електронски облик за студентите со хендикеп, а доколку се појави потреба и повремено ангажирање на лице кое ќе врши синхронизација на литературата за студентите со оштетен вид, преведување на книги, скрипти и бележници во електронска, аудио форма или некој друг потребен формат, препишување (на машина за типкање) и средување на текстови и бележници и креирање на други достапни формати на литература.

6. Поддршка во процесот за преведување на наставата на знаковен јазик и ангажирање на толкувач на знаковен јазик за студентите со оштетен слух секогаш кога ќе се појави потреба за тоа, утврдено со Законот за употреба на знаковниот јазик (Службен весник на Р.М. бр.105 од 21 август 2009 г.)

7. Давање информации на студентите со хендикеп за условите за студирање и начините на поддршка на факултетите во процесот на избор на факултет, како и за можностите за вработување по завршувањето на студиите. (ЗСМХ досега реализираше неколку успешни вработувања на своите високо образовани кадри во јавната администрација).

8. Информирање и поддршка при остварувањето на различни права во текот на студирањето. Имено, често студентите и студентките со хендикеп не се запознаени со своите права и начинот на нивното остварување како што е правото за ослободување на студентите со хендикеп додипломци од плаќање партиципација, како законско право уредено во Член 87 од Законот за високо образование од 14.03.2008 година. Вградувањето на овој член во законот е доказ за долгогодишната успешна соработка помеѓу Министерството за образование и наука и ЗСМХ.

9. Давање поддршка низ информирање и совети и изнаоѓање начини, како овие права можат да бидат реализирани, често обезбедувајќи логистичка и друга поддршка во комуникацијата со надлежните администрации (факултетски и универзитетски итн.), добивање на потребните документи и сл. поддршка во остварување на правото за добивање студентска стипендија**,** информирање за конкурсите и правата на стипендирање, обезбедување на поволни услови за добивање на различни стипендии (кои ги обезбедуваат надлежните министерства, градски власти и приватниот сектор) и поддршка при обезбедување на потребната документација.

10. Известување на заинтересираните кандидати за можностите за студирање преку редовни публикаци (интернет презентации, мејлинг листи, билтени, списанија) и по пат на користење на медиумите.

11. Организирање семинари и трибини и појавување на медиуми со цел мотивирање на студентите со хендикеп за упис на факултетот како и подигнување на нивото на свеста на јавноста во Р.Македонија за прашањата за состојбата на лицата со хендикеп.

12. Давање поддршка за обезбедување на другите академски предуслови **-** места во студентските домови, достапноста до домовите, студентските клубови, мензи и слично.

13. Соработка со релевантните институции со цел подобрување на положбата на студентите со хендикеп.

14. Психосоцијална поддршка и охрабрување на младите со хендикеп – преку курсеви, обуки и работилници - вклучува организирање на курсеви за странски јазици и компјутерски програми, како и тренинзи, обуки од областа на човековите права, моделот на пристап кон хендикепот, организациски вештини (вештини за комуникација, тимска работа, за проектен циклус итн.) психолошко и врсничко советување и работилници и разни други форми на работа со младите со хендикеп.

15. Вршење и други работи за потребите на студентите со хендикеп. Од неодамна Сервисот почна да нуди и фотокопир услуги по пониски цени од другите. Воедно, на тој начин се надминуваат и се одбегнуваат секојдневните турканици во останатите фотокопирници.

## b) Сервис – персонална асистенција за студентите и младинците со инвалидност

Уште еден друг тип сервис за поддршка на студентите со инвалидност се реализираше во рамките на Информативно – Услужната Служба. Тоа е Сервисот – персонална асистенција за студентите и младинците со инвалидност. Првично, во периодот од април 2006 до јуни 2007, овој Центар беше основан преку поддршка на Американската Амбасада од Скопје[15] и Ректоратот при Универзитетот Св.”Кирил и Методиј”[16] во Скопје, за потоа, со поддршка од програмата CIVICA Mobilitas спроведувана од Центарот за институционален развој ЦИРа и финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка, да продолжи со работа во периодот од септември 2010 до март 2011. Со проектот[17], освен студентите, опфатени беа и средношколците со инвалидност, т.е. вкупно седум корисници, од кои четворица средношколци и тројца студенти користеа персонална асистенција:

Проширувајќи го концептот на асистенција и поддршка на лицата со хендикеп на територијата на општина Карпош и Сарај, со спроведување на истражување во овие општини, ЗСМХ создаде точна база на податоци за тоа на колку лица им е потребна асистенција, со каков хендикеп се тие лица, во каков облик им е потребна асистенција. Бројките добиени од терен се доволен показател за тоа дека личната асистенција за овие лица неопходно потребно е да постои на сите нивоа и за сите возрасни категории. Најголема потреба за асистенција во двете општини се покажа асистенцијата во домашни услови, а не помал беше и интересот за асистенција за време на настава[18].

ЗСМХ, доби директни, конкретни и егзактни показатели за потребата од оваа услуга од самите лица со хендикеп, потенцијални корисници.

Не само што оваа услуга им е потребна на многу од лицата припадници на различни возрасни групи и во различни облици, туку во текот на истражувачкиот процес во општина Карпош наидовме на лица кои сакаа да го пополнат анкетниот лист иако не се жители на таа општина. Овој факт јасно укажува на потребата од проширување на предложениот концепт и во други општини. Анкетирани беа следните општини: Аеродром, Ѓорче Петров, Центар, Велес, Кисела Вода. Притоа, сите факти и показатели, кои меѓусебно се наоѓаат во причинско–последична зависност, тенденциозно водат кон оправданост за проширување на овој концепт ширум целата територија на Р. Македонија.

Од разговорите со родителите и од пополнетите анкетни прашалници е утврдена потреба од асистенција и за ученици од основните училишта. Особено за лицата со интелектуална попреченост, потребен им е личен асистент, дефектолог, кој за време на наставата ќе го следи обрзовниот процес заедно со детето и дополнително ќе работи со него. Ова го истакнаа и сите претставници на педагошко психолошките служби во училиштата. За таа цел ЗСМХ ќе ги земе предвид сите сугестии за потребата од постоење на личен асистент во различен облик.

---

[15] www.macedonia.usembassy.gov.
[16] www.ukim.edu.mk.
[17] www.cira.org.mk.
[18] Извештај на ЗСМХ за ЦИРА 2010 – 2011.

Целта на Информативно Услужната Канцеларија Сервис на Филолошкиот Факултет е токму таа, но за таа да функционира постојано и континуирано од страна на Министерството за образование и наука односно на државата потребно е:

1. Отворање на Административни Служби Канцелариии на секој државен универзитет во Р.М. (минимум по една таква канцеларија) под ингеренции на Министерството за образование и наука.
2. Задолжително вработување на барем едно лице со хендикеп во таа служба на универзитетите (не како хонорарен ангажман туку преку остварување на правото за засновање на редовен работен однос).

Управувањето со службите треба задолжително да му се додели на Здружението на студенти и младинци со хендикеп - Скопје по принцип на доделување на лиценца на ЗСМХ од страна на МОН за стекнување на право за вршење на услуги за МОН. На тој начин, ЗСМХ ќе се стекне со статус на организација од јавен интерс (Закон за здруженија на граѓани и фондации од Член 73 до Член 90, каде е утврден начинот и критериумите за стекнување со статус на организација од јавен интерес).

# Глава 7

## Дополнителни можности за студентите/лицата со инвалидност/попреченост: Вон-наставни активности

**Автори: Јагода Ристеска[1], Јасмина Ристеска[2], Ана М. Лазаревска[3]**

Во оваа глава се осврнуваме на некои насоки и упатства во потрагата по можности за студентите/ лицата со инвалидност/попреченост во споредба со оние кои вообичаено се сметаат како лица условно "без" некаква инвалидност/попреченост бидејќи сите ние "страдаме" од некакви способности или неспособности.

Студентите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп ги имаат истите потреби во слободно време како и останатите студенти, поради што би требало да ги имаат обезбедено истите услови и можности за исполнување на истите. Оваа глава има за цел да одговори на прашањата од типот на:

1. Што би можеле професорите и колегите да направат (на кој начин би можеле да помогнат) за да се обезбедат ако не истите, барем слични услови за студентите со инвалидност/попреченост/хендикеп да бидат вклучени во животот надвор од училниците? Како на пример, можности за
   - ангажирање во спортот, спортските екипи во рамките на универзитетот, па и пошироко;
   - ангажирање во уметноста, музиката (оркестри и хорови), разни ракотворби, литература или друг вид клубови/ работилници за кои професорот или колегите имаат информации;
   - ангажирање во активности поврзани со тековни проекти како дел од професионални наставни и/или вон-наставни активности (меѓународни активности, мобилност, волонтирање, итн.);
   - учество на обуки за студенти кои не се опфатени со редовните предавања.

2. Што би можеле ние како поединци/ пријатели итн. да направиме за животот на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да биде како и животот на "студентите без инвалидност/ попреченост/ хендикеп", т.е. да ја овозможиме нивната интеграција и еднаков пристап до можности на сите нивоа и во секоја форма на општествениот живот?

3. Што би можеле институциите да направат/ прилагодат/ спроведат како би ги овозможиле/ обезбедиле горенаведените услови за еднаков пристап и еднакви можности за лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп (т.е. аспектот на физичката и друг вид пристапност што е неопходно за слободните активности).

Постојат повеќе можности за образование и професионален развој на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп надвор од редовниот систем на образование. Овие можности може да

[1] Јагода Ристеска, Дипломиран економист, активист во Организацијата на граѓани Мобилноста – предизвик, Македонија, e-mail: risina79@hotmail.com.
[2] Јасмина Ристеска, Дипломиран економист, активист во Организацијата на граѓани Мобилноста – предизвик, Македонија, e-mail: inaris0702@yahoo.com.
[3] д-р Ана М. Лазаревска, доцент при Машинскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија. e-mail: ana.lazarevska@gmail.com and ana.lazarevska@mf.edu.mk.

бидат на национално или интернационално ниво, во зависност од желбите на лицата со инвалидност/ попреченост. Би требало да се дознае повеќе за сите можности и да се одлучи која програма најмногу му/и одговара. Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп треба да соберат информации за разни организации и нивните програми за да видат дали некои од тие можности одговараат на нивните интереси и потреби.

На **национално ниво**, постојат многу можности за лицата со инвалидност/попреченост/ хендикеп за збогатување на своите знаења и вештини по пат на учество на разни работилници, курсеви, обуки, итн. Некои од овие можности претставуваат составен дел на програми изработени од страна на непрофитни организации кои соработуваат со лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп и истите се бесплатни за крајните корисници. За други, пак, потребно е да се плати некој надомест. Во моментов во Р. Македонија, најчесто преку невладиниот сектор, се нудат курсеви за странски јазици, за работа со компјутери и работилници за разнообразни техники на ракотворби.

За лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп кои имаат одредени познавања на странски јазик(ци) и кои се заинтересирани да патуваат во странство и да ги искусат животните услови и развој на своите професионални можности во одреден временски период, постои широк спектар на **меѓународни можности** за лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп преку повеќе програми за размена како што се:

- Студирање во странство
- Програма за доживотно учење
- Стипендии
- Стажирање
- Волонтирање
- Учество на разни домашни и меѓународни активности, семинари, работилници, конференции, итн.

## Студирање во странство

И покрај инвалидноста/ попреченоста/ хендикепот – телесна или психичко растројство, секој може да си го најде своето место во можностите за студирањето во странство. Околу 3% од оние кои во моментов студираат во странство имаат некаква инвалидност/ попреченост/ хендикеп, било да станува збор за очигледна или незабележителна, и нивниот број постојано е во пораст[4]. Ако студентот со инвалидност/ попреченост/ хендикеп навистина има желба да студира во странство, мора убаво да размисли за она што би сакал да го доживее и со кои предизвици би бил подготвен/а да се фати во костец.

Во светот постојат стотици програми за студирање во странство, а секоја од овие програми може да биде наменета за разни потреби, некои се во врска со инвалидноста/ попреченоста/ хендикепот, а некои не се.

Откако пронајде некои програми кои му/и изгледаат интересни, студентот/ката треба да се обиде да пронајде колку е можно повеќе информации и факти за секој од овие програми во поглед на следното:

- Дали ги исполнуваат нивните интереси и образовни потреби?
- Кои се можностите за наоѓање сместување кое ќе му/и одговара на потребите согласно неговата/нејзината инвалидност/ попреченост/ хендикеп?

[4] International Educational Exchange (CIEE) е непрофтна невладина организација за меѓународна размена www.ciee.org.

- Какви се финансиските услови на секоја од овие програми?

Програмите варираат во поглед на тоа како се осмислени и на кој начин функционираат, па поради тоа многу е битно да се разгледаат можностите во неколку различни земји и неколку различни академски услови, бидејќи времетраењето на програмите варира од неколку недели до цела училишна година.

**Финансирање за студирање во странство**

Еден од најбитните услови за студирање во странство е изнаоѓањето финансиски средства. Постојат само неколку фондови наменети исклучиво за лица со инвалидност/ попреченост, но студентите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп не треба да се ограничуваат само на овие ресурси. Повеќето стипендии и програми за финансирање поттикнуваат да се пријавуваат луѓе од различни средини, а инвалидноста е битен дел на оваа различност во најголемиот дел од развиените земји. Листата на фондовите е обемна и изискува детално истражување, а во голем дел потребно е да се доставаат и трудови од апликантот, па студентите често пати не аплицираат за сите стипендии, а некои фондови останувaат неискористени. Кога за прв пат се види за колкав голем број стипендии станува збор, изгледа како тоа да бара премногу од апликантот, но доколку се пребарува постепено, секој ден по малку, можно е да се најде поддршката која се бара.

Кога се одбере универзитетот на кој се сака да се студира, а пред да се почне со истражување на условите за финансирање, потребно е најпрво да се обрати до училиштата каде би сакале да се аплицира. Од таму ќе добиете информација за школарината како и за финансиската помош која е единствена за секоја школа, областа за која се заинтересирани, како и школарината наменета особено за студенти со инвалидност кои доаѓаат од странство.

За македонските државјани постојат голем број можности за студирање во странство во повеќе земји, но што се однесува до можностите за студентите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да добијат финансиска помош, овие претежно доаѓаат од образовните институции во земјите на Европската Унија или САД.

## Програма за доживотно учење [5]

Доколку студент/ка со инвалидност/ попреченост/ хендикеп повеќе сака да оди на универзитет во некоја европска земја, Програмата за доживотно учење на Европската комисија дава повеќе можности за образование и професионален развој на граѓаните од Европа. Многу е битно да се напомене дека Европската комисија многу отворено го стимулира и поддржува учеството на лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп во сите свои програми и проекти.

Програмата за доживотно учење на Европската комисија им овозможува на луѓето во сите стадиуми на својот живот да учествуваат во стимулативни процеси на учење, а дополнително таа помага за развој на образовниот и професионалниот сектор ширум Европа. Постојат четири под-програми кои финансираат проекти на различено степен на образование и обука.

**Comenius Program** – целта на оваа програма е младите и наставниот персонал подобро да ги разберат европските култури, јазици и вредности. Исто така овозможува младите луѓе да стекнат основни животни вештини и компетенции кои се неопходни за личниот развој, вработувањето и живот на активен граѓанин. Програмата Comenius се концентрира на сите

[5] Финансирана од Европската Комисија, Програмата за доживотно учење (Lifelong Learning Program – LLP) која подржува широк обем на образовни и тренинг активности вдолж Европа, но обезбедува и можности за сите нивоа и чекори на доживотното учење.

степени на образование, од предучилишно и основно до средно. Програмата е битна за секој кој е опфатен со училишно образование, главно учениците и наставниците, но исто така и за локалните власти, претставници на родителски организации, невладини организации, институции и универзитети за обука на наставници.

**Leonardo da Vinci Program** – преку оваа програма се финансираат практични проекти од областа на стручното образование и обучување. Опфаќа мобилни иницијативи со што им се овозможува на луѓето да се обучуваат во други земји, да стекнат нови вештини и квалификации. Корисници на оваа програма може да бидат обучувачи за почетно стручно обучување, лица кои веќе дипломирале како и стручни лица и организации кои се активни во оваа област.

**Erasmus Program** – образовна програма која им овозможува на студентите да студираат и работат во странство. Покрај ова, со програмата се финансира соработка помеѓу високообразовните институции ширум Европа. Програмата не само што ги поддржува студентите, туку у професорите и припадници на бизнис секторот кои сакаат да предаваат во странство како и да помогнат на наставниот кадар во неговото обучување.

**Grundtvig Program** – целта на оваа програма е зајакнување на европската димензија на образованието на возрасни и доживотно учење ширум Европа. Специфична област кон која е насочена оваа програма е потрагата по образовни предизвици кај повозрасната популација како и тоа на возрасните да им обезбеди алтернативна патека по која може да ги надградат своите вештини и компетенции. Терминот “возрасен“ во програмата Grundtvig се однесува на сите над 25 годишна возраст како и на сите помеѓу 16 – 24 години кои не можат да го посетуваат основното образование во редовниот образовен систем. Програмата Grundtvig обезбедува финансиска поддршка за широк опсег на активности. Еве некои примери: основни вештини, странски јазици, образование за родители, проекти од областа на уметноста и културата.

Доколку студентите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп имаат желба да патуваат и да истражуваат други континенти, далеку од своите домови, можеби најдобар избор за нив би биле некои од колеџите и универзитетите во САД, согласно можностите за изнаоѓање финансиска помош за нивното студирање, по пат на стипендија. Колеџите и универзитетите во САД имаат законска обврска да обезбедат пристап за лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп до нивните програми. Скоро во секоја образовна институција во САД постои Услужна канцеларија за лица со инвалидност, која обезбедува соодветно сместување за лицата со инвалидност во текот на нивното студирање.

Ако сте заинтересирани за повеќе детали за програмите за размена во САД како и можностите за финансирање, ова може да се пронајде на интернет страната на организацијата Mobility International USA[6].

## Можности за стипендирање на лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп

Стипендијата претставува парична награда во одредена област, обично се доделува на студенти на додипломски или последипломски студии. Стипендиите може да варираат во поглед на износот, времетраењето, што се нуди и што се бара. Најчесто се сретнуваат стипендии од типот на привремена работа како наставник, напредно истражување или можности за студирање.

[6] Mobility International USA е организација на лицата со инвалидност/ хендикеп/ попреченост чија мисија е јакнење на улогата на овие лица во целиот свет во постигнување на нивните човекови права по пат на меѓународна размена и меѓународен развој. Повеќе детали може да се најдат на нивната интернет страна: www.miusa.org

Стипендиите најчесто ги добиваат стручњаци, наставници, истражувачи и дипломирани студенти.

Стипендиите обично се даваат врз основа на следните предуслови кои апликантот треба да ги исполнува:

- Претходна академска активност или истражување;
- Значење на предложеното истражување или студија;
- Одлично познавање на англискиот јазик доколку ова не е мајчин јазик на студентот/ студентката;
- Други вредности.

Лицето кое ќе добие стипендија се нарекува стипендијант/ка и истата се добива од некоја приватна организација, влада или универзитет. Оваа финансиска помош, која варира во зависност од времетраењето на стипендирањето, може да се даде за покривање на следните трошоци:

- Авионски превоз;
- Сместување и исхрана;
- Здравствено осигурување;
- Школарина;
- Книги и друг наставен материјал;
- Останати трошоци.

Овде се дадени неколку можности за стипендирање:

**Atlas Service Corps, Inc**

1133 19th Street NW, 9th Floor
Washington DC, 20036 USA
Email: info@atlascorps.org

Краен рок за пријавување: помеѓу 15 февруари и 15 април за есенската стипендија или помеѓу 15 август и 15 октомври за пролетната стипендија.

Atlas Service Corps има потреба од непрофитни лидери ширум светот кои би аплицирале за добивање стипендија. Кандидатите е потребно да имаат искуство од 2 или повеќе години во невладиниот сектор, факултетска диплома, течно познавање на англискиот јазик, да се до 35 години или помлади и да имаат желба да се вратат во својата матична татковина после периодот од 12-18 месеци колку што трае стипендирањето.

**Emerging Leaders International Fellow Program**

The Gradate Center
The City University of New York
365 Fifth Avenue, Suite 5401
Email: info@philanthropy.org

Краен рок: септември

Центарот за филантропија и граѓанско општество (The Center on Philanthropy and Civil Society) спонзорира тримесечна програма за обука за лидерство по пат на применето истражување и професионално менторство на млади стипендијанти/ стручњаци помлади од 36 години кои работат во невладин сектор ширум светот. Стипендиите се доделуваат од страна на The Graduate Center of The City University of New York, каде што ќе бидат вклучени во поединечни

истражувачки проект и ќе учествуваат на семинар со лидери од Третиот сектор. Секоја година се избира од посебна тематска област. Секоја стипендија ги опфаќа трошоците за школарината и износот од 1.300 $ месечно за покривање на животните трошоци. Сместувањето е обезбедено во студентски домови, како што е обезбеден и повратен авионски билет. Кандидатот/ката мора да има најмалку диплома од колеџ или факултет и да има одлично познавање на англискиот јазик (зборување и пишување).

## Можности за стажирање

Преку стажирањето се овозможува знаењето стекнато во текот на студирањето да се примени во пракса, во работни услови. Стажирањето може да биде во рамките на некоја програма, но голем дел од студентите си создаваат свое сопствено стажирање. Истражувањето и волонтирањето исто така може да претставуваат еден облик на стажирање.

Стажирањето ги нуди следните можности:

- Да се увиди како изгледа да се работи во некоја одредена област;
- Да се контактира со експерти од дадената област;
- Збогатување на биографијата. Кога се разгледува приемот на некаква програма од работодавачи/факултети честопати потребно е соодветно искуство.
- Работодавачите често ги вработуваат своите стажанти.

Студентите/ките кои сакаат да конкурираат за стажирање треба исто така да го имаат во предвид и фактот на кој начин стажирањето им се вклопува во идните цели. Битно е стажирањето да им го даде искуството во областа каде што студентот/ката би сакал/а да работи после дипломирањето. Првото искуство во стажирање би можело да го даде неопходното запознавање со областа со што би им помогнало да донесат поиздржана одлука за нивната идна кариера.

Овде се поместени неколку можности за стажирање:

**CDS USA Internship Program**

440 Park Avenue South
New York, NY 10016
Web: cdsintl.org
Email: usabroad@cdsintl.org

Краен рок: испратете е-пошта за повеќе детали

The USA Internship Program – оваа програма за стажирање во САД им дава можност на студенти и млади стручњаци од целиот свет да стажираат или се обучуваат во САД. Програмите може да се со времетраење од 6 недели до 18 месеци и се така направени да го промовираат професионалниот развој и меѓукултурна соработка и разбирање.

Покрај помошта што се добива за J-1 виза, Програмата за стажирање во САД обезбедува и помош при пристигнувањето во САД, помош за добивање број на социјално осигурување, можности за поврзување со други организации и културни настани како и помош во текот на студирањето. За Програмата за стажирање во САД може да се пријават само оние кои веќе имаат најдено можност за стажирање во некоја американска компанија во САД. Откако го добијат стажирањето, CDS (непрофитна организација) ќе им помогне во секоја фаза на добивањето на визата J-1.

## Можности за волонтирање на лица со инвалидност/попреченост

Многу често лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп се сметаат како лица на кои им е потребна помош, а многу ретко како лица кои можат да ја понудат својата помош на некој друг. Согласно ова, многу се ретки случаите кога лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп волонтираат при реализацијата на некои проекти или работа во граѓански организации.

Волонтирањето е можност да се доживее авантура и истовремено да се покажат своите способности, да се подобрат своите вештини и да им се помогне на други луѓе или организации во постигнувањето на нивните цели. Волонтирањето може да биде:

- Во земјата, и
- Странство

Ако се одлучите за волонтирање во земјата, може да се вклучите во реализацијата на некој проект или административна работа во граѓанска организација во ваша близина. Во овој случај потребно е лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да побараат некоја организација која работи во областа што е од нивни интерес, а земајќи ги во предвид своите способности, вештини и можности со кои може да допринесат.

На **меѓународно** ниво, во повеќе земји во светот има тековна потреба за грижа за поединци кои може да допринесат на повеќе начини во создавањето на јаки заедници. Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп не треба да се ограничуваат за волонтирање само во организации што се занимаваат со лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп. Тие би можеле да се одлучат и за следното:

- Настава или работа со деца или возрасни;
- Учество во заштита на околината или животните;
- Помош во поглед на проблеми од интерес за општеството или заедницата.

За возврат, ќе се стекнат пријатели во странство, ќе се запознаат со други луѓе кои имаат слична страст и ќе допринесат нешто позитивно во својот свет.

Пред лицето со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да преземе некаква волонтерска активност, потребно е да најде време и да се запраша за следното:

**Зошто сака да волонтира?**
Луѓето сакаат да волонтираат од повеќе причини. Понекогаш, тие се посветени на општествените промени, понекогаш едноставно само сакаат да го продлабочат своето познавање за светот или да стекнат нови искуства во својот личен подем. Која е неговата/ нејзината причина? Зошто тој/ таа сака да помине одредено време и да волонтира во некоја организација, било да е тоа домашна или странска?

**Кои се нивните очекувања?**
Што тој/таа очекува од волонтирањето? Кои се неговите/нејзините очекувања од поставувањето во некоја одредена организација?

**Што може тие да понудат?**
Кои се неговите/нејзините таленти и вештини со кои тој/таа може да придонесе во организацијата? Кои се неговите/нејзините јаки страни/слабости?

**Како ќе се справат со трошоците?**
Дали студентот/ студентката со инвалидност/ попреченост/ хендикеп воопшто бил/а одвоена од своето семејство и сигурноста? Да се биде волонтер во странство носи голема промена. Тие се

далеку од своето семејство, живеат на друго место со други луѓе и нема да имаат никаква плата. Како тој/таа ќе се справи со ситуацијата?

**Како комуницира со другите?**
Кај тој/таа комуницира со другите? Како тој/таа реагира на проблеми и несогласувања?

**Што ги прави задоволни?**
На крај на краиштата, што е она што прави тој/таа да се чувствува добро? Како тој/таа го минува слободното време кога е сам/а? Во што тој/таа наоѓа утеха?

Повеќето организации што бараат волонтери се непрофитни и немаат доволно финансиски средства да ги плаќаат волонтерите. Ова значи дека волонтерите си ги плаќаат своите трошоци за пат, сместување и исхрана.

Понекогаш, некоја организација може да понуди мала сума како помош на волонтерите во поглед на трошоците за сместување или пат. Во вакви случаи, од волонтерот се бара да се обврзе на подолг временски период во таа организација.

Во зависност од организацијата, може да има и одреден надомест кој што ќе треба да и се плати на организацијата за покривање на трошоците за наоѓање на можноста за волонтирање. Потребно е лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да се осигурат дали таа организација навистина постои и работи. Други пак, организации, особено оние кои што имаат големо искуство со сместување волонтери, може да им понудат сместување и исхрана на своите волонтери, иако можно е да треба да се плати за оваа услуга.

Пред да тргнат во авантура како волонтери во странство, потребни се значителни подготовки за лицата со телесна инвалидност. Тие треба да бидат сигурни дека направиле доволно опфатно пребарување и дека ги нашле правите информации во поглед на:

- Пристапно сместување;
- Позицијата, одговорностите и задачите;
- Пристапност на организацијата каде што ќе волонтираат;
- Пристапност на градскиот превоз и самиот град.

Во денешни услови, можноста за собирање податоци преку интернет во голем дел помага да се добијат правите информации за местото, организацијата и работата пред тие да се обврзат за обврската за волонтирање. Битно е да се искористат сите можни ресурси, да се подготват пред да отидат во друга земја ангажирани како волонтери.

Доколку сакаат, лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп може да се обратат и до некоја агенција или организација која посредува и наоѓа место за волонтирање, го организира сместувањето, исхраната и превозот до/од местото каде се волонтира. Ако се одлучат да ги користат услугите на ваква агенција, најверојатно ќе треба да платат висок надомест за тоа, работите ќе ги средува агенцијата, но лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп треба да се осигурат дека сместувањето, самото волонтирање и транспортот ќе бидат прифатливи за неговите/нејзините потреби.

Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп може да изберат сами да си ја организираат својата волонтерска авантура. Во тој случај ќе треба да поминат повеќе месеци во пребарување на правата организација, сместувањето и пристапен транспорт во местото каде што треба да патуваат. Може да го контактираат одговорното лице во организацијата која е заинтересирана да ангажира волонтер(и) и да го најават својот интерес. Откако ќе добијат позитивен одговор од организацијата, може да започнат со организирање на сместувањето и превозот. Најголем дел од организациите кои се заинтересирани за ангажирање волонтери од странство, исто така се многу подготвени да им помогнат со сугестии во поглед на сместувањето и да им испратат

писмо-покана за апликација за виза. Во нивна корист е да соберат што е можно повеќе податоци за самата организација како и за местото каде што ќе патуваат.

Следат информации за можности за волонтирање во странство:

**United Nations Volunteers**

Postfach 260 111
D-53153 Bonn, Germany
Email: information@unvolunteers.org

Краен рок за пријавување: отворен

United Nations Volunteers – волонтерите на оваа организација се испраќаат на задачи поврзани со мисијата на обединетите Нации. Најголем дел од задолженијата се од хуманитарна природа и одржување на мировни операции или помош во развојот. Потребно е волонтерот да е на возраст од 25 години или постар; да има универзитетска диплома или виша техничка диплома; работно познавање на англиски, шпански или француски јазик; како и неколку години соодветно работно искуство. Помошта се состои од животните трошоци на волонтерот, здравствено и животно осигурување, годишен одмор, загарантирана плата пред почетокот на ангажманот. Најголем дел од задолженијата на волонтерите од Обединетите Нации се на база од 6-12 месеци со можност за продолжување, и со под-клаузула дека волонтерите од ОН се обврзуваат на минимум една година служба.

## Учество на домашни и меѓународни семинари, работилници и размени

Постојат и многу краткорочни проекти и настани на кои може да учествуваат лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп заради нивниот личен и професионален развој. Голем број фондации, домашни или странски непрофитни организации ширум светот, а чија работа е посветена на прашањето на инвалидноста, често организираат активности и настани заради размена на искуства, градење нови стратегии и стекнување знаења за лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп. Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп може да се поврзат со инвалидски организации во својот град и да ги следат нивните активности со цел да се вклучат и да ги зголемат своите шанси да станат дел од некаков сличен настан во иднина. Овој вид активности се организираат во форма на семинари или конференции, со цел да се доведе одредена група луѓе на средби и разговори за одредени теми. Друга можност е и организирањето на работилници и размена на група луѓе со слични интереси со цел размена на искуства и развојни стратегии за постигнување одредени цел. Програмата Млади во акција во рамките на Европската Унија[7] обезбедува широк опсег на можности за вклучување во различни опции за размена на младите до возраст од 25 години. На лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп им препорачуваме и ги охрабруваме да аплицираат и учествуваат во проекти поддржани од оваа Програма.

## Webinar - online едукација

Webinar е еден од начините како да се учествува на некоја конференција, а да не се излезе од домот. Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп може да учествуваат со помош на

[7] Млади во акција е Програма што Европската Унија ја воведе за младите луѓе. Има за цел да го зајакне чувството на активно граѓанство, солидарност и толеранција меѓу младите во Европа како и да ги вклучи во обликувањето на иднината на Унијата. Повеќе детали може да се најдат на следната интернет страница: http://eacea.ec.europa.eu/youth/

компјутер и телефон, може да ја слушаат презентацијата (како конференциска врска) како и да ги следат слајдовите од оној што презентира (преку интернет конекција). Нема да бидат во можност да го гледаат презентерот или модераторот, како и другите учесници на програмата.

Најчесто, за воспоставување ваква врска потребно е претходно да се направи регистрација за да се резервира простор и да се добијат инструкции како да се приклучите во програмата во предвидениот термин за истата. Во формуларот за регистрација потребно е да се внесат основни податоци за учесниците и во истиот може да се даде одговор на некои прашања со што би му се помогнало на презентерите да се подготват за потребите и очекувањата на присутната публика.

Непосредно пред планираниот термин на презентацијата, учесниците треба да се пријават на линкот кој е одреден за таа комуникација по пат на потврда на пораката што ќе ја добијат по е-пошта. Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп треба да симнат (download) одредена програма (software) на својот компјутер и треба да проверат дали безбедносниот систем на нивниот компјутер (firewall) го дозволува ова. Со оваа програма се овозможува на компјутерот да се гледаат слајдовите од презентерот, како и обележувањето или цртежите во текот на презентацијата.

## Патување со инвалидност/ попреченост/ хендикеп

Лицата со инвалидност кои имаат намера да студираат во странство, да волонтираат или стажираат, треба да вложат особен напор за да си го организираат патувањето. Во зависност од видот на инвалидноста/ попреченоста/ хендикепот со кој/а се соочуваат, треба да се посвети особено внимание на следното:

- да се организира летот, доколку се патува со авион;
- да се пронајде соодветно сместување во место каде тој/таа ќе студира или волонтира;
- да се организира локален транспорт во текот на неговиот/нејзиниот ангажман.

### *1) Организирање авионски превоз*

Секогаш кога е тоа можно, лицата со инвалидност да го планираат и резервираат авионскиот превоз многу порано и да ги известат патничката агенција и авиокомпанијата за следното:

- Видот на инвалидност/ попреченост/ хендикеп и помагалата што се користат, како што се бастун, патерици, инвалидска количка (мануелна или електромоторна). Доколку станува збор за лице кое користи инвалидска количка, тој/таа треба да достави информација дали акумулаторот користи течна киселина или е на суви батерии.
- Потреба од посебна исхрана или помош при исхраната (на персоналот во авионот не им е дозволено да помагаат при јадењето, но би можеле да помогнат при отворањето и идентификација на храната што се наоѓа на послужавникот).
- Дали друго лице ќе го придружува патникот со инвалидност/попреченост/хендикеп.

Можно е аеродромскиот персонал во некои земји да не е запознаат со политиката и законите за патување на инвалидни лица, поради што битно е лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да го знаат следното:

- Може да побараат придружник кој ќе им помага додека се на аеродромот.
- Се препорачува на аеродромот да се дојде барем еден час порано од времето кое обично се предвидува. Со ова ќе се добие доволно време за да се направи сместувањето и да се избегне евентуално доцнење.

- Потребно е лицата со инвалидност/ попреченост да ја разгледаат можноста за времетраење не летот(вите) во зависност од неговите/ нејзините потреби. Долготрајните летови може да се неудобни, особено за лица кои не можат да ги користат непристапните тоалети во авионите. Подобра алтернатива би била веројатно да се изберат пократки летови со меѓусебна конекција.
- Потребно е да се овозможи период од најмалку 90 минути помеѓу летовите (или подолго ако треба да се минува на царина или да се престојува во имиграциски простор) како би имало доволно време да се дојде од едниот до другиот излез (гејт) на аеродромот.

### *2) Пристапно сместување*

Наоѓањето пристапно сместување што ќе одговара на потребите на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп може да биде прав предизвик дури и во развиените земји. Поради ова, сместувањето треба да се организира многу порано пред доаѓањето. Ако има можност за студентите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп да престојуваат во студентски дом во текот на нивното студирање, многу е полесно да се добие правата информација за пристапноста што тој ја нуди.

Како волонтер, лицето со инвалидност/ попреченост/ хендикеп може да користи услуги на Волонтерската агенција, која обично за одреден надомест, може да обезбеди сместување и исхрана. Но, за жал многу се ретки случаите кога Агенцијата ги зема во предвид пристапноста при сместувањето. Во таков случај најдобро би било да се побара сместување кое може лицето да си го дозволи во поглед на плаќањето, во близина на местото каде ќе волонтира и да си го организира престојот за целиот период додека волонтира. Пребарувањето и комуникацијата преку интернет во врска со наоѓањето сместување многу го олеснува овој процес.

### *3) Пристапен локален транспорт*

Освен патувањето лицата со инвалидност/ попреченост треба да бидат добро подготвени со информации и во поглед на транспортот во местото каде тој/таа треба да студира или волонтира. Во поразвиените земји во Европа и САД може да се очекува дека јавниот превоз е целосно или делумно пристапен за лица со инвалидност/ попреченост/ хендикеп. Доколку тој/таа сака да волонтира, стажира или студира во некој од земјите во развој, многу е веројатно дека таму нема да има пристапен јавен транспорт. Во тој случај, лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп треба да ги испитаат можностите изнаоѓање приватни компании, такси или комбе кое би било пристапно за нив. Добро би било да се исконтактира некоја од локалните инвалидски организации и да се дознае каков вид на транспорт користат инвалидните лица таму и каква помош би можеле да обезбедат во текот на престојот таму.

## Инвалидноста/ попреченоста и спортот[8]

Како што се наведува на интернет порталот на Disabled world towards tomorrow "... спортот има значење во животот на сите луѓе, можеби е дури и побитен во животот на лицето со инвалидност/ попреченост. Поради рехабилитациското влијание што спортот може да го има не само за телото туку и неговата моќ за повторно вклучување на инвалидните лица во општеството. Покрај ова, спортот нé учи на независност. Денес, луѓе со инвалидност/ попреченост/ хендикеп учествуваат во многу спортови – рекреативно или како натпреварувачи".

---

[8] Прилагодено, но значителен дел е задржан во оригиналната форма и текст од http://www.disabled-world.com/sports/ (превземено на 17 август 2012).

Како што е спомнато неколку пати досега, сите ние имаме слични потреби. Само ги исполнуваме на различни начини и со помош на разни асистивни помагала и технологии. Ова, се разбира, важи и за спортот. Особено во ова време на технолошки развој, наместо технолошките достигнувања да се користат во војни и судири, би сакале да ја нагласиме итната потреба од пренасочување на овој технолошки развој во служба на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп. И ова е исправно! Лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп ја користат оваа технологија за да заземат еднакво учество во спортските активности, дури и во натпреварите. Права потврда на ова се и постигнувањата на многубројните спортисти со различна инвалидност/ попреченост/ хендикеп, почнувајќи од велосипедисти или луѓе кои трчаат со протеза(и) на нозете или користат инвалидска количка само за да го искажат својот став по одредено прашање поврзано со еднаквите права на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп; па сѐ до оние спортисти кои учествуваат на параолимпијадата односно специјалните олимписки игри. "Во цел свет сѐ поголем е бројот на луѓе со инвалидност/ попреченост/ хендикеп кои се занимаваат со спорт и физичка рекреација. Постојат организирани спортови поделени во три основни категории на инвалидност – спортови за глуви, спортови за лица со телесна инвалидност и спортови за лица со интелектуална попреченост. Од крајот на 80-тите, организациите почнаа да ги вклучуваат спортистите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп во спортски настани како што се Олимписките Игри и Игрите на Комонвелтот. Меѓутоа, голем е бројот на спортови што лицата со инвалидност ги практикуваат надвор од званичните спортски движења, на пр.: кошарка во инвалидски колички, танцување во инвалидски колички, дигање товар, пливање и многу други активности каде може да се вклучите доколку имате телесна инвалидност или ментална попреченост"[9].

Како пример, овде се поместени основните спортски настани за лица со инвалидност според Disabled World [10]:

**Параолимписки Игри**[11] - Настан каде се опфатени повеќе спортови за спортисти со телесна, ментална и сензорна инвалидност. Овде се вклучени мобилната инвалидност, ампутации, оштетување на видот, како и оние поврзани со церебрална парализа.

**Deaflympics (Игри за глуви)**[12] – Летните и Зимските Игри за глуви лица спаѓаат меѓу спортските настани со најбрз подем.

**Специјална Олимпијада**[13] - Концептот на Специјалната Олимпијада се појавува кога Јунис Кенеди Шрајвер (Eunice Kennedy Shriver) организирала еднодневен камп за лица со интелектуална попреченост во нејзиниот дом во 1962 година.

**Игрите** на **Комонвелтот** (**Disability Commonwealth Games)**[14] – Во 2002 година во Манчестер, за прв пат во историјата на Игрите, пара-спортовите беа вклучени во севкупната Спортска програма кога 20 земји испратија врвни спортисти со инвалидност во машка и женска конкуренција кои се натпреваруваа во 10 дисциплини во 5 различни пара-спортови: атлетика, куглање на трева, пливање, пинг-понг и кревање товар. "Земјите на Комонвелтот отсекогаш тврдат дека сакаат да имаат водечка улога во социјалната сфера," вели Р. Д. Стедвард (Dr. Robert D. Steadward), првиот претседател на Меѓународниот Олимписки Комитет. "*Постои ли подобар начин да се стане првокласно спортско натпреварување од тоа да се вклучат спортисти со инвалидност/ попреченост/ хендикеп.*"

---

[9] ibid.
[10] ibid.
[11] http://www.disabled-world.com/sports/paralympics/.
[12] http://www.disabled-world.com/sports/deaflympics/.
[13] http://www.disabled-world.com/sports/special-olympics/.
[14] http://www.disabled-world.com/sports/commonwealth-games/.

Поради ова, како дел од универзитетскиот кампус од огромно значење е да се работи на поттикнување и поддршка на вашите/нашите студенти и/или колеги со инвалидност/ попреченост/ хендикеп, да се вклучат во спортот како и да им се обезбеди еднаков пристап во спортските објекти и активности. За оние кои би сакале да дознаат повеќе за оваа област, ги препорачуваме следните материјали и извори:

- Спортот и лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп: Поттикнување за инклузија и добросостојба[15,]
- Спорт за лица со инвалидност во САД[16,]
- UN Enable[17]
- Меѓународна платформа за спорт и развој[18]
- Официјална интернет страна на Секторот за спорт и рекреација на Западна Австралија[19]
- Англиска Федерација за инвалидски спортови[20]

Како потврда на вредностите, истрајноста и вредноста на спортистите со инвалидност/ попреченост/ хендикеп е последното достигнување на Македонската Параолимпијка г-ѓа Оливера Наковска Бикова, која освои златен медал на последните Параолимписки Игри 2012 во Лондон и донесе поголема чест, радост и признавање на Македонија отколку учесниците на редовните Олимписки Игри 2012.

Уште една светла ѕвезда на македонското небо е и младиот активист Дејан Зафиров и невладината организација што тој ја води – Гаја[21]; тие се вистински пионери во користењето на спортот, уметноста и ракотворбите за унапредување и борба за еднаков пристап на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп во сите сфери на општествениот живот.

Ова е уште една потврда дека, и покрај тоа што предизвикува големи тешкотии, инвалиднста/ попреченоста/ хендикепот не претставува препрека за големи и вредни постигнувања. ЛИЧНОСТА И НЕЈЗИНАТА/НЕГОВАТА ОДЛУЧНОСТ И ИСТРАЈНОСТ СЕ ОНА ШТО ОСТАВА ТРАГА!!!

## Уметноста и ракотворбите наспроти инвалидноста/ попреченоста

Како што се наведува во ArtsQueensland[22]

- “Луѓето со инвалидност/ попреченост/ хендикеп поретко присуствуваат на културни настани и места отколку општата популација, а уште е помал бројот на оние кои имаат ограничувања во суштествените активности.
- Во 2006 год. само 20.5% од луѓето со инвалидност/ попреченост/ хендикеп и ограничувања во суштествените активности посетиле уметничка галерија наспроти 30.0% од општата популација.
- Исто така ниска е и посетеноста на музеите (22.5% vs. 29.2%), театар (14.4% vs. 24.8%), игранки (10.8% vs. 17.9%), мјузикли (17.9% vs. 25.1%) и библиотеки (40.4% vs. 48.0%).”

---

[15] http://www.righttoplay.com/International/news-and-media/Documents/Policy%20Reports%20docs/Harnessing%20the%20Power%20-%20FULL/Chapter5_SportandDisability.pdf.
[16] http://www.dsusa.org/.
[17] http://www.un.org/disabilities/default.asp?id=1563.
[18] http://www.sportanddev.org/en/learnmore/sport_and_disability2/.
[19] http://www.dsr.wa.gov.au/disabilities.
[20] http://www.efds.co.uk/.
[21] http://mkgaia.weebly.com/gaias-team.html
[22] http://www.arts.qld.gov.au/publications/people-disability.html

Ова е јасен показател за препреките со кои лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп се сретнуваат секојдневно како и потребата од овозможување и иницирање на промена во поглед на ставовите, нормите, обичаите, законите итн.

Правото да се ужива во уметноста е единственото загарантирано човеково право. Уште поважно, самиот факт дека некое лице има некаков вид на инвалидност/ попреченост/ хендикеп не значи и дека тоа лице нема потреба да ужива во уметноста. Напротив, на пр. при изведување на некаква активност поврзана со уметноста потребна е концентрација и ова се покажа како многу корисна терапија за лицата со психички и/или ментални растројства. Од друга страна пак, потврдено е дека слушањето или изведувањето музика од било каков вид значително влијае на расположениет и општата психичка состојба кај луѓето. Поради ова, ако ја исклучиме можноста музиката да се користи за негативни цели, таа има окрепнувачко и охрабрувачко дејство.

Како што се спомнува во Глава 3, постојат голем број на уметници од различен вид а кои се лица со одредена инвалидност/ попреченост/ хендикеп. И самиот овој факт потврдува дека инвалидноста-попреченоста/хендикепот не може и не треба да се сметаат како препрека за изведување и/или ужување во уметноста. Напротив, вклучувањето и ангажирањето во уметноста може само да им донесе корист на лицата со инвалидност/ попреченост/ хендикеп.

Поради ова, како дел од универзитетскиот кампус од огромно значење е да се работи на поттикнување и поддршка на вашите/нашите студенти и/или колеги со инвалидност/ попреченост/ хендикеп, да се вклучат во создавањето и уживањето на уметноста и вештините како и да им се обезбеди еднаков пристап во музеите, театрите, музичките сали, работилниците итн.

За оние кои би сакале да дознаат повеќе за оваа област, ги препорачуваме следните материјали и извори:

- Kinder Art;[23],
- Buzzle;[24,]
- SASIX;[25]
- Art and Craft – City of Mitcham;[26]
- Gauteng North Services to People with Disabilities – SPD;[27]
- Business.UN.org;[28]
- Trade and Investment: Arts of New South Wales;[29]
- Living made easy;[30]

[23] http://www.kinderart.com/special/.
[24] http://www.buzzle.com/articles/craft-ideas-for-adults-with-disabilities.html
[25] http://www.sasix.co.za/projects/view/VP-GP-AUG09-0001/
[26] http://www.mitchamcouncil.sa.gov.au/webdata/resources/files/No1_2004___Art_and_Crafts_2.pdf
[27] http://www.disabilitygauteng.org/Artista.htm
[28] http://business.un.org/en/documents/299
[29] http://www.arts.nsw.gov.au/index.php/news-and-publications/news/new-arts-funding-for-people-with-a-disability-in-nsw/
[30] http://www.livingmadeeasy.org.uk/leisure/arts-and-crafts-3705/.

# Глава 8

## Заклучоци и насоки за можни идни активности

### Автор: Ана М. Лазаревска[1]

Прелиствувајќи го овој Прирачник, некои читатели можеби би коментирале дека поголемиот дел од тука презентираните информации се општо познати. Сепак, како што беше посочено од предговорот на главниот уредник, како и во Глава 1 од оваа публикација, врз основа на повратната информација која ја добивме во фазата на планирањето на Проектот, како и во текот на работилниците 1 до 4, во рамките на проектот, беше заклучено дека значителен број на студенти и наставници, всушност никојпат немале шанса навистина да се запознаат со некое лице со инвалидност/ хендикеп/ попреченост. Тие всушност немаат дури ни основни познавања за определените видови на хендикеп/ инвалидност/ попреченост и за нивните главни карактеристики, а уште помалку за потребите и барањата на некое лице со хендикеп/ попреченост.

Затоа, ние сме на мнение дека сега беше вистинското време и место за издавање на еден ваков Прирачник. Во рамки на овој Прирачник ние се обидовме:

- да го приближиме „проблемот" (прашањето) на попреченост/ инвалидност/ хендикеп кон т.н. "main-stream" популација која условно нема хендикеп,
- да ги презентираме основните карактеристики на најчестите типови на хендикеп/ попреченост/ инвалидност,
- согласно претходно-наведеното, да помогнеме, пред сé, на наставниците, вработените во администрацијата и студентите, но исто така и на пошироката популација, во комплексната и навидум „тешка" задача за подобро разбирање, комуницирање со, вклучување и прифаќање на нашите сограѓани – лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност.

**Целта** на овој Прирачник беше/ е да се обезбеди подобар увид во начините, средствата на правилно однесување кон лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност. Неговата **намена** е да ги мотивира наставниците не само да ја прошират и продлабочат сопствената имагинација во потрагата по нови начини и наставни методи, туку и да го поттикнат и потпомогнат користењето на разновидни вон-наставни активности преку кои ќе се овозможи инкорпорирање на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност, примарно во универзитетскиот кампус, но подолгорочно, ќе фасилитира хоризонтална инклузија (вклученост) на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност во сите сфери на секојдневието и општествениот живот.

Конечно, неговата **глобална цел** беше/ е да им помогне на наставниците во реализација на нивното основно работно задолжение, а тоа е споделувањето и потпомагањето на стекнување на нови знаења -, како и да ги мотивира наставниците, администрацијата и студентите во развивање и гаење на нивниот човечки и правилен однос – коректноста, спремноста за помагање, асистирање, емпатијата и конечно, но не и помалку важно, ХУМАНОСТА!

---

[1] д-р Ана М. Лазаревска, доцент при Машинскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија. E-mail: ana.lazarevska@gmail.com и ana.lazarevska@mf.edu.mk

Овој Прирачник претставува една севкупна работа која покрива повеќе разновидни аспекти од клучн значење за сите инволвирани страни. Сите ко-автори, членови на тимот кој е одговорен за подготовката на овој Прирачник, дадоа сè од себе, во рамките на нивното познавање и достапност на ресурсите, во пронаоѓање и примена на најновите, вистинитите, постоечките и валидни информации. Сепак, поради условите кои постојано се менуваат во нашето општество по однос на предметната правна регулатива, општественото окружување, економијата, јавната свест, дозволуваме дека некои од информациите кои се поместени во овој Прирачник, можеби се незначително надминати, или не се пренесени во целост.

Во претходните Глави, се обидовме да го објасниме поимот хендикеп/ попреченост/ инвалидност, да ја пренесеме класификацијата која е во практична употреба, да прикажеме како да се комуницира со лице со хендикеп/ попреченост/ инвалидност при нашиот прв контакт со него. Придонесот на нашите ко-автори лица со хендикеп/ попреченост/ инвалидност никако не смее да се занемари. Нивниот поглед на нештата, нивното лично искуство и предизвиците со кои тие секојдневно се соочуваат, нивната бесконечна желба за респект и вреднување не поради тоа како изгледаат туку напротив, според тоа колку тие придонесуваат кон општеството. Конечно, нивната апсолутна ревност и спремност за независен живот, за сочувување на најприватните делови од нивниот живот колку тоа е можно и да се биде граѓанин на сопствената земја во правата смисла на зборот. Зарем не сите се стремиме кон тоа??

Овој Прирачник е замислен како интерактивно средство на отворена комуникација на сите инволвирани страни. Сите сугестии/ препораки по однос на попреченост/ хендикеп/ инвалидитет/ пристапно образование/ независност и приватност на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност се добредојдени. Сметаме дека само таквиот приод е, за нас, најправилниот во придонесување кон:

- „разоткривање“/ земање во предвид/ гледање вон рамките на нашите стравови и табуа;
- надминување на погрешните и „вистинитите“ одговори поврзани со лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност;
- зајакнување на свесноста за тоа дека сите ние би требало да ги сплотиме нашите сили во борбата за заедничките потреби и за посуштински и поквалитетен живот, проширувајќи го нашето поле на активност кон гарантирање, обезбедување, зачувување, промовирање и борба за глобалните еднакви права на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност.

Затоа, веруваме дека значителен дел од популацијата ќе има корист од овој Прирачник, на пример, лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност и нивните фамилии/ лични асистенти/ старатели, воспитно-образовните институции, заедницата и општеството во целост.

Оваа публикација би требало да се користи како средство за градење на повеќедимензионална и повеќеслојна синергија помеѓу наставниците, студентите, институциите и пошироката јавност, насочувајќи ги кон заедничка реализација на взаемните потреби и кон зајакнување на свесноста дека за посуштински и поквалитетен живот. На тој начин, нејзината намена се прелева во заложбите за гарантирање, обезбедување, зачувување, промовирање и борба за глобалните еднакви права на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност во сите сфери и нивоа на општествениот живот.

Имајќи го ова предвид, би сакале, надлежните креатори на политиките во нашите општества од но не и лимитирано на сите сфери на образованието, социјалната работа и труд, да ги поканиме да обезбедат плодна почва за вградување на нашите стекнати искуства и на тој начин да го потпомогнат и промовираат практицирањето на нашите приоди во високото образование во Македонија и Хрватска. Уште повеќе, нашите искуства и стекнати знаења – без оглед на тоа дали тие имале позитивни или негативни резултати – би можеле да бидет од исклучително

значење за некои идни обиди за решавање на потребите и проблените на лицата со хендикеп/ попреченост/ инвалидност, кои се вон рамките на нашиот проект.

На пример, релевантните институции во Македонија и Хрватска, како на пример Министерствата за образование и наука, или за труд и социјална политика би можеле да го имаат предвид следново:

- включување на овој Прирачник во публикациите кои секоја образовна институција би требало да го поседува, и на тој начин да потпомогне во понепосредна и непречена комуникација и за подобар однос помеѓу сите инволвирани страни, но исто така и во советувањето и вклучувањето на методологијата услужно учење во наставните програми на државните и/или приватните универзитети во Македонија и Хрватска, како и
- интегрирање на повеќеаспектниот и повеќеслојниот приод кој е презентиран и применет во овој Прирачник, во сите нивоа на образованието во Македонија и Хрватска, па дури и пошироко во некои од земјите на Источна и Југоисточна Европа, а кои претендираат за кандидатура за членство во Европската Унија.

## Користена литература

**Ajdinski, Lj.**, 1996: "*Didactics of early treatment and pres-school education of children with mental disabilities*", Faculty of Philosophy-Department of Special Education and Rehabilitation, Skopje.

**Association of Students and Youth with Disabilities** (ASYD), 2011: '*Report for the Center for Institutional Development (CIRa) 2010 – 2011*'.

**Bilic, I.** (2010), '*Access to Higher Education for Disabled in Croatia*', Book of Abstracts of the Regional JFDP Alumni Conference: '*Enhancing Accessibility of the Higher Education to the disabled*', November 22-24, 2010, Skopje/Ohrid, Macedonia. p. 25.

**Corporation for National and Community Service**, *Learn and Serve America: Using Service as a Vehicle for Learning—A Most Valuable and Powerful Lesson*, Available from: http://www.nationalservice.gov/about/programs/learnandserve.asp.

**Croatian "Official Gazette"** No. 41/2001 & 55/2001.

**Henderson, C.** 1995: '*College Freshman with Disabilities A Triennial Statistical Profile*', American Council on Education, HEATH Resource Center: http://www.perceptions4people.org/component/content/article/56-general/134-heath-resource-center.html.

**Kis-Glavas, L.,** urednik. 2012:, Zbirka priručnika *"Studenti s invaliditetom*", Sveučilište u Zagrebu, Zagreb (Kis-Glavas, L., (Ed.), 2012: "A Collection of Guidelines "*Students with disabilities*"", University of Zagreba, Zagreb)

**Lazarevska, A., Atanasovski, A.** 2010: *Draft Action Plan resulting from the regional JFDP Alumni Conference "Enhancing Accessibility of the Higher Education to the Disabled"*, November 22-24, 2010 in Skopje/ Ohrid, Republic of Macedonia, Skopje, Macedonia: Friedrich Ebert Stiftung. Available at:

**National Programme for the Development of Education in R.M**. (2015-2015) www.mon.gov.mk, p. 352.

**Official Gazette of Republic of Macedonia**: "*Assessment of the Specific Needs of Persons with Physical or Intellectual Disability*", no. 30/2000, pp. 1777-1779.

**Petrov, R.**, 1998: Lecture materials, subject "*Professional orientation and training of persons with mental disabilities*", Skopje.

**Risteska, J.,** 2010: '*Inclusive Higher Education*', Book of Abstracts of the Regional JFDP Alumni Conference: '*Enhancing Accessibility of the Higher Education to the disabled*', Novembar 22-24, 2010, Skopje/Ohrid, Macedonia. p. 20.

**Ristovska, M., 2012**: „*Guidelines for effective introduction and implementation of service-learning in higher education*", A. M. Lazarevska, M. Stankosky, A. Koçi. (Eds.): Macedonian American Alumni Association (MAAA), p. 11-13.

**Trajkovski V**., 2011: "*Autitzam i pervazivni razvojni narushuvanja*", Filozofski fakultet, Institut za defektologija, Skopje. (Trajkovski V. 2011: "*Autism and Pervasive Developmental Disorders*". Faculty of Philosophy, Institute of Special education and Rehabilitation, Skopje)

**Trajkovski V**., 2004: "*Autitzam*", Filozofski fakultet, Institut za defektologija, Skopje. (Trajkovski V., 2004: "*Autism*", Faculty of Philosophy, Institute of Special education and Rehabilitation, Skopje)

**Петров, Р., Ѓурчиновска, Л., Станојковска – Трајковска**, Н., 2008: "*Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност*", Скопје, Филозофски Факултет – Институт за дефектологија. (**Petrov, R., Gjurchinovska L., Stanojkovska – Trajkovska N.**, 2008: "*Protection and rehabilitation of the persons with disabilities*", Skopje, Faculty of Philosophy, Institute for Special Education and Rehabilitation).

**Сојуз на дефектолози на Република Македонија**, 2012: "*Како до инклузивна општина?*" - Прирачник за вработените во единиците на локалната самоуправа, Скопје. (**Association of Special Education Teachers of R. Macedonia**, 2012: "*How to achieve an Inclusive Municipality*?" – Guidelines for the employees within the local government, Skopje)

# Online ресурси


http://www.maaa.com.mk/sites/default/files/Action%20Plan_eng.pdf.
http://www.disabled-world.com/artman/publish/article_2130.shtml
http://www.disabled-world.com/artman/publish/famous-deaf.shtml
http://business.un.org/en/documents/299
http://portale.unipa.it/lettere/
http://web.jhu.edu/disabilities/faculty/types_of_disabilities/adhd.html.
http://web.jhu.edu/disabilities/faculty/types_of_disabilities/deafness.html
http://www.apt.gc.ca/wat/wb12200E.asp?Lt=D.
http://www.arts.nsw.gov.au/index.php/news-and-publications/news/new-arts-funding-for-people-with-a-disability-in-nsw/
http://www.arts.qld.gov.au/publications/people-disability.html
http://www.bg.ac.rs/csrp/clanice/centri/csh.php
http://www.buzzle.com/articles/craft-ideas-for-adults-with-disabilities.html
http://www.cdc.gov/ncbddd/disabilityandhealth/types.html
http://www.cira.org.mk.
http://www.disability.org.
http://www.disabilitygauteng.org/Artista.htm
http://www.disabled-world.com/artman/publish/article_0060.shtml
http://www.disabled-world.com/artman/publish/famous-blind.shtml.
http://www.disabled-world.com/artman/publish/famous-ocd.shtml
http://www.disabled-world.com/disability/types/.
http://www.disabled-world.com/sports/
http://www.disleksija.rs
http://www.dsr.wa.gov.au/disabilities.
http://www.dsusa.org/.
http://www.efds.co.uk/.
http://www.equalaccess4pwds.org/
http://www.equalaccess4pwds.org/sites/default/files/resources/AEIFproposal_MK_CR_finalists_narrative_new.pdf.
http://www.eyecaretyler.com/2020.htm
http://www.iro.hr/hr/javne-politike-visokog-obrazovanja/kolumna/studirati-s-invaliditetom/
http://www.kinderart.com/special/.
http://www.livingmadeeasy.org.uk/leisure/arts-and-crafts-3705/
http://www.maaa.com.mk/jfdp-conference-2010.
http://www.macedonia.usembassy.gov.
http://www.mitchamcouncil.sa.gov.au/webdata/resources/files/No1_2004___Art_and_Crafts_2.pdf
http://www.miusa.org.
http://www.parenting.com/gallery/famous-people-with-add-or-adhd
http://www.poraka.org.mk.
http://www.righttoplay.com/International/news-and-media/Documents/Policy%20Reports%20docs/Harnessing%20the%20Power%20-%20FULL/Chapter5_SportandDisability.pdf.
http://www.rollingrains.com/readings/2010/03/the-number-of-people-with-disabilities-worldwide.html.
http://www.sasix.co.za/projects/view/VP-GP-AUG09-0001/
http://www.seeu.edu.mk
http://www.sportanddev.org/en/learnmore/sport_and_disability2/.
http://www.ukim.edu.mk.
http://www.un.org/disabilities/convention/conventionfull.shtml
http://www.un.org/disabilities/default.asp?id=1563.
http://www.un.org/disabilities/default.asp?id=18.
http://www.youtube.com/watch?v=1iTBu34HtBg&feature=share
http://www.youtube.com/watch?v=fEtwsTfBzLc.
http://www.zsmh.org.mk and www.seen-ysd.org.
https://alumni.state.gov/aeif/funded.
https://www.un.org/disabilities/default.asp?id=150.

ALUMNI
ENGAGEMENT
INNOVATION
FUND

STATE ALUMNI
YOUR GLOBAL COMMUNITY